**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Филозофски факултет**
**Институт за социјална работа и социјална политика**

*МАГИСТЕРСКИ ТРУД*

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ПОЈАВАТА НА ДЕЛИКВЕНТНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Ментор**
**Проф. д-р Сунчица Димитријоска**

**Кандитат**
**Шенај Далип**

**Скопје, 2014**

**„ÇOCUKLAR GELECEĞİMİZİN GÜVENCESİ YAŞAMA SEVİNCİMİZDİR, BUGÜNÜN ÇOCUĞUNU YARININ BÜYÜĞÜ OLARAK YETİŞTİRMEK HEPİMİZİN İNSANLIK GÖREVİDİR.“**

**Mustafa Kemal ATATÜRK**



**„ДЕЦАТА СЕ НАШАТА ИДНИНА, НАШАТА СИГУРНОСТ, НАШАТА ЖИВОТНА РАДОСТ. СИТЕ НИЕ ВОЗРАСНИТЕ ИМАМЕ ГОЛЕМА ЧОВЕЧНА ОБВРСКА ДА ГИ ВОСПИТАМЕ ДЕЦАТА ПРАВИЛНО.“**

**Мустафа Кемал АТАТУРК**



Магистерскиот труд е работен под менторство на Проф. д-р Сунчица Димитријоска, и ја користам оваа прилика да и се заблагодарам за безрезервната помош и поддршка што ми ја даде во текот на изработката на трудот.

Овој магистерски труд го посветувам на мојот сопруг Метин и моите ќерки Илајда и Идил кои ми ја даваа подршката при изработката на трудот.

Исто така, голема благодарност им упатувам на моите семејства Неџип и Далип и мојата сестра Шенѓул, кои секогаш веруваа дека во образованието треба да се чекори понатаму, и ја користам оваа прилика да им изразувам голема благодарност што ме поттикнуваа на образование и понатамошно усовршување.

**Децата се учат од  сопствениот живот**

**Ако децата живеат со критика - ќе научат да осудуваат**

**Ако децата живеат во непријателство - ќе научат да се борат**

**Ако децата живеат во понижување - ќе научат да бидат  плашливи**

**Ако децата живеат во срам - ќе научат да се чувствуваат виновни**

**Ако децата живеат во толеранција - ќе научат да бидат толерантни**

**Ако децата живеат со пофалби - ќе научат да оддаваат  признание**

**Ако децата живеат во еднаквост - ќе научат да**
**Бидат праведни**

**Ако децата живеат во сигурност - ќе научат да**
**Веруваат**

**Ако децата живеат во почитување - ќе научат да**
**Се ценат самите себе**

**Ако децата живеат со уважување и пријателство - ќе научат да најдат**
**љубов во светот.**

**Nolte Dorothy Law**

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ПОЈАВАТА НА ДЕЛИКВЕНТНОТО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА


**Абсракт**

Децата се иднината на секое општество и поради тоа секое општество треба да прави свои напори и програми како да обезбеди подобра иднина за децата и младите.

Целта на оваа истражување е да се откријат кои причини влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција. Деликвентното однесување на младите од секогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Историски гледано, оваа појава е присутна уште во најнеразвиените општества. Со развојот на општеството, таа претрпувала одредени модификации и промени и тоа како на феноменолошки-појавен план, така и во поглед на причините и условите што ја предизвикуваат и овозможуваат. Правецот на овие промени се движел кон се позачестено и подрастично манифестирање на ова однесување. Тоа, во основа, е условено од се поголемата сложеност на општествениот живот, а со тоа и од се посилното и помногубројното манифестирање на влијанието на околностите, кои младите ги поттикнуваат кон такво однесување.

Во склоп со овие промени, се менувал и вредносно-етичкиот и правниот однос на општеството кон општествено неприфатливото однесување на младите. Ваквиот развој, е резултат на напредокот на човековото општество воопшто и посебно на силниот развој на науката за човекот.

Неприфатливото однесување на младите, е појава која предизвикува особен интерес за истражување и анализирање на нејзините причини од страна на голем број автори. Разгранетоста на научните проучувања доведе до забележителни успеси. Сепак и покрај тоа, во оваа област постојат одреден број проблеми кои останале нерешени, спорни или се решавани на начин кој не ги задоволува барањата на објективното научно проучување.

Причините за тоа треба да ги бараме во сложеноста на самата појава и нејзиното различно јавување во разни социо-културни средини. Во прашање е сложена и динамична појава, која манифестира вонредни способности за

прилагодување кон животните услови. За да се сфати суштината на оваа појава и да се преземат соодветни мерки, нужно е да се откријат причините кои доведуваат до асоцијално однесување на младите. Секое општество има задача и цел да создава поволна подлога за правилен психо-социјален развој на децата и младите

Причините за појавата на малолетничката деликвенција, најчесто се делат на: општествено-економски причини, семејни причини, индивидуални карактеристики на личноста на малолетникот и средината како фактор за појава на малолетничката деликвенција.

**Клучни зборови: дете, малолетник, малолетничка деликвенција, престапништво, асоцијално однесување, криминалитет, семејство, училиште, врсници, слободно време, масовни медиуми.**

**The effect of socio-economic factors in appearance of juvenile delinquency at children in primary schools**

**Abstract**

Children are the future of every society and thats why every society must make an efforts and progres to provide better future for the children and youth.

The main purpose of this research is to discover the reasons that contributes in appearance of juvenile delinquency. The unacceptable behaviour of youth has always attracted special attention of society. Historically, this phenomenon is present even in the least developed societies. With the developement of the society, it suffered certain modifications and changes both in phenomenological-occuring plan, also in terms of reasons and conditions that causes it and allowss it. In general, the direction of these changes moved towards more frequent and more drastic manifestation of this behaviours. It basically is conditioned of increasing complexity of social life, thereby also from the stronger and numerous manifestation of the impact of circumstances, which encourages youth to such behavior.

In close relations with those changes, also has been changed valued-ethical and legal terms of the society against socially unacceptable behavior of the youth. First of all this kind of development is a result of the progress of the human society in general and especially the development of science for mankind.

The unexceptable behaviour of youth, is an appearance that causes special interest for research and analyzing of its reasons by numerous authors. The branches of scientific researches leades to significant successes. Besides, in this area there are certain number of problems that remained unresolved, doubthfull or solved in a way that doesn`t satisfie the requirements of objective scientific study. For that we should seek the reasons in the complexity of the appearance itself and its different occurance in different socio-cultural environment.

The issue is complex and dynamic phenomenon wich manifests extraordinary abilities for adjustment to the living conditions.

To grasp the essence of this phenomenon and to take the appropriate measures, it is necessary to discover the reasons wich leads towards antisocial behaviour of youth. Every society has the obligation and purpose to create favorable ground for a correct psycho-social development of children and youth.

The reasons for the occurance of juvenile delinquency mostly are divided into several groups wich are: socio-economic reasons; family reasons; individual personality characteristics of juvenile and the environment as a factor in appearance of juvenile delinquency.

**Key words: child, juvenile, juvenile delinquency, delinquency, asocial behaviour, crime, family, school, peers, leisure, mass media.**

**Содржина**


**Вовед** ----------------------------------------------------------------------------------1

**Прв дел-Теоретско согледување на проблемот** --------------------------6

**1. Дефинирање на проблемот**---------------------------------------------------7

1.1. Дефинирање на поимот малолетничка деликвенција -------------------7

1.2. Особини и однесувањето на малолетните деликвенти-----------------13

1.3. Формирање на слика за себе кај младите ---------------------------------15

1.4. Карактерситики на малолетните деликвенти ----------------------------16

1.5. Интелегенцијата кај малолетните деликвенти----------------------------16

1.6. Емоционалните карактеристики на малолетните деликвенти -------17

1.7. Социјалните карактеристики кај малолетните деликвенти -----------17

1.8. Личноста на малолетните деликвенти ------------------------------------17

**2. Теории кои ја објаснуваат појавата на малолетничката деликвенција** -----------------------------------------------------------------------19

2.1. Биолошки теории ----------------------------------------------------------20

2.1.1. Антрополошка теорија ----------------------------------------------20

2.1.2. Теорија на наследство ----------------------------------------------20

2.1.3. Ендокринолошка теорија -------------------------------------------20

2.1.4. Расна теорија ---------------------------------------------------------21

2.2. Психолошки теории --------------------------------------------------------22

2.2.1. Психоаналитичка теорија ------------------------------------------22

2.2.2. Теорија на интелегенција ------------------------------------------23

2.2.3. Теорија на фрустрација ---------------------------------------------24

2.2.4. Теорија на неприлагоденост ---------------------------------------25

2.3. Социолошки теории --------------------------------------------------------25

2.3.1. Теорија на аномија (беззаконие) ----------------------------------25

2.3.2. Теорија на диференцијална асоцијација и идентификација ---27

2.3.3. Теорија на деликвентна субкултура ------------------------------27

2.3.4. Теорија на етикетирање --------------------------------------------28

2.3.5. Теорија на мултифакторски пристап -----------------------------29

**3. Причини за појава на малолетничката деликвенција** -----------30

3.1. Биолошки и психолошки причини -----------------------------------30

3.2. Социјални причини ------------------------------------------------------31

3.2.1. Семејство ------------------------------------------------------31
3.2.2. Училиште ----------------------------------------------------34
3.2.3. Група на врсници ---------------------------------------------37
3.2.4. Економска состојба -----------------------------------------39
3.2.5. Слободно време ---------------------------------------------40
3.2.6. Масовните медиуми ------------------------------------------41
3.2.7. Воспитание -------------------------------------------------42
**4. Улогата на училиштето во превеницијата од малолетничката деликвенција** ----------------------------------------------------44
4.1. Наставник ----------------------------------------------------44
4.2. Педагог ------------------------------------------------------46
4.3. Социјален работник -------------------------------------------47
4.4. Психолог -----------------------------------------------------49
4.5. Цели и задачи на училиштата за одржување на ред во училиштето но без заплашување---------------------------------------------53
4.6. Активности за спречување на малолетничката деликвенција--------60
**5. Видови на кривични деликти предизвикани од малолетните деликвенти**----------------------------------------------------67
5.1. Имотни деликти ----------------------------------------------67
5.2. Деликти против животот и телото -----------------------------68
5.3. Сексуални деликти -------------------------------------------68
5.4. Сообраќајни деликти -----------------------------------------69
5.5. Колективен криминалитет кај малолетниците -------------------70
5.6. Повторништво-Рецидивизам ------------------------------------71
**6. Состојба на малолетничката деликвенција во Република Македонија** ------------------------------------------------------73
6.1. Состојбата на малолетничакат деликвенција во Република Македонија во 2010 година -----------------------------------------73
6.2. Состојбата на малолетничакат деликвенција во Република Македонија во 2011 и 2012 год. ---------------------------------------74
6.3. Состојбата на малолетничакат деликвенција во Република Македонија во 2013 година -----------------------------------------76

**Втор дел-Истражувачки дел**---------------------------------------------------78

**1. Предмет на истражувањето** --------------------------------------------79

**2. Цели и задачи на истражувањето** ---------------------------------------81

**3. Хипотези** ---------------------------------------------------------------83

**4. Методи, техники и инструменти на истражувањето** ---------------83

**5. Примерок на истражувањето** ---------------------------------------------84

**6. Дефинирање на основните поими во истражувањето** -------------84

**7. Обработка, анализа и интепретација на податоците** --------------86

**Заклучок** ---------------------------------------------------------------107

**Препораки** -------------------------------------------------------------110

**Литература** ------------------------------------------------------------118

**Прилози** ---------------------------------------------------------------121

**ВОВЕД**

Малолетничката деликвенција е негативно и неприфатливо однесување кај децата и малолетните лица кое се изразува низ конкретни девијантни дејствија. Малолетничката деликвенција е општествено неприфатливо однесувања со кои се пречекоруваат општествените стандарди, вредности и норми на однесување. На почетокот на 21 век деликвентното однесување што го прават малолетниците предизвикуваат голема и бурна реакција во општеството. Со овој проблемот се соочува и Република Македонија. Во изминатиот период се бележат голем и брз развој на средствата за коминикација. Интернетот, мобилните телефони, компјутерите, разни списанија, кабловските телевизиите и сл., им овозможуваат на младите за кратко време да стигнат до потребните информации. Барањата и потреби на младите се зголемуваат од ден на ден, а кризата во која се наоѓа Република Македонија не одат во прилог на задоволувања на нивните потреби. Неможноста да се задоволат нивните основни потреби, од една страна, слабеењето на врските во семејството, дисфункционални семејни односи, тешкотии во емоционално и социјално созревање, недостаток на самопочита, негативно влијание на врсниците, желбата за доминација, непочитување на авторитети, неорганизирано користење на слободното време, нивното подолго и почесто претстојување во просториите за забава и угостителски објекти каде се изложени на голем број негативни влијанија, допринесуваат за девијантното однесување.

Неприфатливото однесување на младите од секогаш привлекувало посебно внимание во општеството. Транзицијата која е проследена со невработеност, ниските придобивки, им овозможуваат на децата и младите секојдневно да гледаат разни начини за брзо и лесно збогатување, кое ќе им обезбеди мирен и сигурен живот, а притоа за да се задоволат потребите се користат најразлични облици на криминални дејсвија. Еден дел од младите ваквиот начин на однесување го прифаќаат за решавање на сопствените проблеми. Мерките што ги превземаат институциите на системот очигледно не се доволни во борбата со оваа појава каде сепак последиците ги сносат малолетните членови на заедницата. Криминалот секогаш претставувал а сеуште претставува голем проблем во општеството. Во сите фази на развојот

на општеството се превземале мерки за негово спречување, но не се постигнале очекувани резултати.

Длабоките промени во општеството што се случуваат, негативно влијаат врз деца и малолетници. Непристојното, нехуманото, претстапничкото, деликвентното, девијантното и криминалното поведение на младите, се доказ за несоодветната социјализација на младите луѓе, за неправилен развој и формирањето на личноста, за пропусти во воспитувањето и образованието, отсуство и непочитување на системот. Недостатотоци и пропусти во систем на вредности се огледува во нивното барање смисла во себе и смислата на животот, во деструктивното, асоцијалното однесување, во вандализмот, егоизмот и себичноста, во препуштањето на нагонските побуди, злоупотребата на дрога и алкохол, насилството и криминалитетот, кои претставуваат последици од воспитувањето без вредности.

Денес, на почетокот од 21 век со брзиот развој на науката и техниката, користење на компјутери и интернет, деликвентното однесување и понатаму е основен проблем во современото општество. Тој не само што не се намалува, туку се појавуваат и нови форми кои во минатото не биле познати. Ваквата ситуација е многу позагрижувачка кога се знае дека како сторители на кривичните дела се јавуваат децата и малолетниците.

Во Република Македонија, во последните десет години, малолетничката деликвенција е во постојан пораст. Бројот на малолетниците кои подлежат на девијантно однесување расте, а возрасната граница на лицата кои се вршители на девијации оди во насока на помала возраст. Иако досега не постои општо прифатена теза за причините за појава на девијациите, врз основа на податоците од веќе предходно спроведените емпириски истражувања покажуваат дека девијациите се во врска со низа општествено-економски фактори: **сиромаштија, невработеност, ниските образовни и стручни квалификации, различните конфликтни ситуации, наследсвото, семејните односи, влијанието на средината** итн.

За појавата на деликвентното однесување кај децата и младите, многу е деликантно да се зборува. Пред се би требало да се запрашаме за причините за овој значаен општествен проблем поради кој кај младите доаѓа до

пореметување во однесувањето и зошто тие имаат желба и потреба да ги кршат општесвено прифатени норми на однесување?

**Економската криза, сиромаштијата, невработеноста, недостигот на комуникација родител-дете, пореметените брачни односи во семејството, училиштето која не ја оставрува својата образовна а посебено воспитна улога...**

Се се тоа причини поради кои трендот на малолетничката деликвенција е во пораст и малолетничката деликвенција станува се посериозен општествен проблем во нашето општество.

Сите наведени факти ме поттикнаа за тема на овој магистерски труд да го одберам и анализирам феноменот и причините на девијантно однесување, односно **„Влијанието на социо-економските фактори врз појавата на деликвентното однесување кај децата од основните училишта“.**

Тезата се состои од два дела. **Во првиот дел**-теоретско согледување на проблемот, теоретски се разработува проблемот. Во овој дел се опишани дефиниции за поимот малолетничка деликвенција. За дефинирање на овој поим во литературата постојат многу термини и објаснувања. Но денеска најчесто се употребува поимот социјално неприфатливо однесување на младите. Спрема современтите сфаќања малолетничкото престапништво е однесување на поединецот или група на млади кое е противопштесвено, неприфатливо однесување со кои се кршат правните или моралните норми на едно општество. Детално се опишани кои се особините и однесувањата на малолетничката деликвенција. Дека најчести облици на ризични однесувања се: хиперактивност, агресивност, лажење, крадење, бегање од дома, пушење, конзумирање на алкохол и користење на психотропни супстанции и др.

Во првиот дел се опишани карактеристиките и интелегенцијата, емоционалните и социјалните карактеристики на малолетните деликвенти. Карактерни црти на малолетните деликвенти се: асоцијалност, непочитување на власт и авторитет, непослушност, агресивност и непријателски став кон другите, деструктивно однесување, несигурност, некритичност, импулсивност, емоционална и социјална незрелост.

За опишување на причините на малолетничката деликвенција постојат различни теории. При објаснувањето на сите теории треба да се зема во предвид дека се работи за склоп на комплексни и меѓусебно поврзани феномени. Се разработени детално теориите кои ја објаснуваат оваа појава.

За објаснување на причините за оваа појава теориите се групирани во три групи: **биолошките**, **психолошките** и **социјалните теории**. Приврзаниците на биолошките теории како причина за појава на малолетничката деликвенција ја наведуваат улогата и вроденоста, наследството, органските и физиолошките процеси. Во групата на **биолошки теории** се разработени антрополошката, теорија на наследство, ендокринолошка и расната теорија. Психолошките теории причините за појавата на малолетничката деликвентното однесување го објаснуваат со влијанието на психолошките фактори, односно психолошките карактеристики кои го одредуваат однесувањето на личноста. Во **психолошките теории** се опфатени психоаналитичката, теорија на интелегенција, теорија на фрустрација и теорија на неприлагоденост. Социолошките теории ги прифаќаат и биолошките и психолошките теории но ја уважуваат и важноста на различните социјални фактори кои влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција. Во групата на **социолошки теории** спаѓаат, теорија на аномија, теорија на диференцијална асоцијација и идентификација, теорија на деликвентна субкултура, теорија на етикетирање и теорија на мултифакторски пристап.

Исто така се наведуваат и причините кои ја предизвикуваат оваа појава. Како причини за појавата на малолетничката деликвенција се наведуваат биолошките и социјалните причини (семејство, училиште, врсниците, економската состојба, слободното време, масовните медиуми и воспитание). По детално се објаснува и улогата на училиштето во превенирање на малолетничката деликвенција. Улогата на сите вработени-наставник, психолог, социјален работник, педагог, детално се објаснети. Секое училиште треба да има јасно поставени цели и задачи за одржување на ред во училиштето но без заплашување. Се опишуваат и видовите на деликти. Најчести вршени деликти се: имотни деликти, деликти против животот и телото, сексуални деликти, сообраќајни деликти, колективниот криминалитет и рецидивизмот-повторништво. Се дава и слика за состојбата на малолетничката деликвенција во Република Македонија за периодот 2010 до 2013 година.

Во вториот дел е разработена методологијата на тезата. Тука е приложен описот, предметот на истражувањето, кои се целите и задачите на истражувањето, главната хипотеза и подхипоези, методите на истражување,

интерпретацијата на резултатите и дискусија. Магистерската теза завршува со заклучоци и препораки за превенција од малолетничката деликвенција.

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

# 1. Дефинирање на проблемот

## 1.1. Дефинирање на поимот малолетничка деликвенција

Децата често ги тестираат границите и ограничувањата од страна на нивните родители и нивните авторитетни фигури. Меѓу децата многу е честа појавата на бунтовништво и експериментирање.

Деликвенцијата како легален термин за криминално однесување извршено од дете-малолетник е често резултат на ескалирано проблематично однесување. Дефиницијата за деликвенција варира меѓу различните групи. За да се ублажи конфузијата накратко се опшшани четири перспективи на деликвенција.

Родителите можат да го дефинираат уништувачкото и деликвентно однесување како непослушност борба против браќа и сестри, уништување или оштетување на сопственост, крадење пари од членовите на семејството или закaнување на родителите со насилство.

Членовите на училишниот персонал, деликвентното однесување често го гледаат како прекинување или вознемирување во тек на наставата во училницата, не почитување на училишниот кодекс на однесување и заканување на безбедноста на училиштето и учениците.

Стручњаците на ментално здравје на деликвенцијата и вклучуваат широк спектар на уништувачко однесување што може да вклучи агресија кон други или уништување животни, уништување на имот, измамничка кражба и насилничко однесување.

Мнозинството на држави и влади, лицата под 18 годишна возраст ги сметаат за малолетни. Но кога деца под оваа годишна возраст извршуваат сериозен криминал (на пример убиство) тие можат да бидат обвинети како возрасни. Од перспектива на малолетничка правда деликвентното однесување е поделено во две категории: „статус" прекршоци и „деликвентни" прекршоци. Статусните прекршоци се тие акти кои не се сметаат за прекршоци ако се извршени од страна на возрасен; тие вклучуваат бегање од часови, поседување алкохол или насилство. Деликвентните прекршоци вклучуваат уништување или кражба на имот, насилен криминал, илегално поседување на оружје и поседување или продажба на droги.

Малолетничката делинквенција како специфична, сложена и комплексна социолошко-патолошка појава, била застапена уште од најраните денови на создавањето и функционирањето на општествата. Сите

претпоставки се засновани на обичајни, социјални и правни норми, но сепак интересот на научната опсервација за нејзино проучување е од понов датум. Девијатното однесување на малолетниците своите манифестни форми не ги доживува само преку вршење на казнени дела, туку опфаќа и најразлични видови на асоцијално, воспитно запуштено и општествено неприфатливо однесување.

Широкиот дијапазон на општествено неприфатливо однесување на малолетниците, го одредува и различното дефинирање на малолетничката деликвенција. Хетерогеноста во употребата на различни поими кои се однесуваат на оваа појава, како што е малолетничка запуштеност, малолетничко престапништво, деликвенција, неприлагодена младина, младина со лошо поведение, асоцијално поведение, малолетнички криминалитет и уште многу други поими за кои не може да се каже дека се синоними за една иста појава, која е условена и со големиот број на интензивни истражувања кои се вршат на оваа тема. Оттука, во криминолошката, правната и социјалната литература, се сретнуваат голем број на различни и често непрецизни одредби на поимот на малолетничка делинквенција, кои можат да се класифицираат во три групи.

**Првата група** ја сочинуваат поимите, определувањата и одредбите кои произлегуваат исклучиво од општите казнено правни инкриминации, според кои малолетничката деликвенција го опфаќа само поимот на однесување на малолетникот кое е инкриминирано во Кривичниот законик. Оваа група ги опфаќа потесните дефинирања на малолетничката делинквенција, која во феноменолошки поглед не се разликува од криминалитетот на возрасните, туку се разликува малолетниот сторител на казнено дело од возрасниот, како извршител, а не нивното поведение. Ваквото определување на поимот за одредување на повреда на казнено правните норми од страна на малолетниците се именува и како „малолетнички криминалитет".

**Втората група** на сфаќања пошироко го одредуваат поимот на малолетничка деликвенција и покрај кршењето на општите казнено-правни норми. Во оваа група спаѓаат и поведенијата кои се во судир со други законски прописи. И овие дефиниции се задржуваат на оние повреди на правните норми од потежок или полесен вид, со тоа што за разлика од првата

група повредата ја прошируваат и на останатите прописи, а не само на казнено-правните норми.

**Третата група** на дефиниции ги надминува легално формалните граници и се означува како социолошко-криминолошки поим на престапништвото на младите. Според овој опфат на појмовно одредување на малолетничката делинквенција, оваа социјално-патолошка појава го вклучува девијантното однесување на малолетниците во неговата севкупност, односно покрај однесувањата кои директно се во судир со правните норми, овие дефиниции го опфаќаат и поведение на малолетниците, кое се смета за асоцијално и со кое се кршат моралните норми на заедницата (Jašovič, 1983).

Во литературата која се занимава со феноменот девијантно однесување на малолетниците и малолетничката деликвенција се употребуваат различни термини и дефиниции, кои понекогаш и меѓусебно се разликуваат. Денеска најчесто се употребува поимот **„социјално неприфатливо однесување на младите“** со која се подразбираат сите атипични однесувања на малолетниците во рамките на општествената заедница. Во некои дефинициите каде се напоменува дека дете кое прави социјално неприфатливи однесување се користи поимот **„ризично дете“.** Зборот ризик во овој контекс означува изложеност на детето во околности кои се неповолни за неговиот раст и развиток (од неповолно семејно опкружување до незадоволителната состојба на заедницата). Деца во ризик се деца:

- кои имаат емоционални потешкотии и проблеми со прилагодувањето;
- кој не ги учи вештините потребни за успешен живот;
- кои имаат проблеми со образованието;
- кои се со различни здравствени проблеми.

*Децата во ризик,* нивното семејно потекло и моменталното однесување ги наведуваат професионалците да донесат суд дека имаат потенцијал за идно криминално однесување.

Највообичаената карактеристика на децата во ризик од судир со законот е нивната ранливост. Децата во ризик од судир со законот имаат тенденција да покажуваат одредени одлики, именувани како „фактори на ризик“, коишто ги наведуваат стручните лица да веруваат дека тие деца може да извршат кривично дело во иднина. Повеќето од овие фактори на

ризик може да се неутрализираат преку негување повеќе позитивни одлики или „заштитни фактори".

Во основата на превенцијата е обидот за справување со факторите на ризик преку негување заштитни фактори во животот на децата. Во табелата подолу дадени се примери на вообичаени фактори на ризик и заштитни фактори:

| ФАКТОРИ НА РИЗИК | ЗАШТИТНИ ФАКТОРИ |
|---|---|
| **СЕМЕЈСТВО** | |
| • Низок семеен социо-економски статус<br>• Родители, браќа и сестри или други членови на семејството со престапничко и асоцијално однесување<br>• Грубо и недоследно родителство<br>• Лоши односи родители-деца<br>• Рана виктимизација (физичка, сексуална и друга злоупотреба)<br>• Насилство во домот<br>• Пасивен или толерантен став кон асоцијалното и криминалното однесување | • Висок социо-економски статус<br>• Родители кои обезбедуваат про-социјални модели за пример<br>• Доследна родителска поддршка и надзор<br>• Цврсти врски со родителите<br>• Безбеден дом<br>• Јасни морални насоки од родителите во врска со асоцијалното и криминалното однесување |
| **УЧИЛИШТЕ** | |
| • Слаба заинтересираност за училиште<br>• Низок образовен успех<br>• Организациска слабост во училиштето<br>• Агресивно однесување и насилништво | • Цврсти врски со наставниците<br>• Висок образовен успех<br>• Училиште што добро функционира<br>• Добри односи со соучениците |
| **ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦАТА** | |
| • Недостаток на врска со локалната заедница<br>• Лесна достапност на дроги<br>• Сиромашна област<br>• Постојана промена на населението<br>• Банди што оперираат во областа | • Висока вклученост во заедницата<br>• Соседство без дроги<br>• Област со висок социо-економски статус<br>• Стабилна популација<br>• Непостоење на банди во областа |
| **ВРСНИЦИ** | |
| • Дружење со еликвентни врсници<br>• Злоупотреба на супстанци<br>• Агресивност и импулсивност<br>• Поволен став кон престапувањето | • Про-социјални врсници<br>• Вештини за социјализација<br>• Самоконтрола<br>• Став против престапувањето |

„Во литературата се користат различни термини, како што се: општествена неприлагоденост, лоши општествени однесувања, општествнео неприфатливи однесувања, престапничко однесување на младите, антидруштвени однесувања на младите идр., имаат за цел избегнување на на стигматизација на децата. Истовремено, секој од наведените термини, во

помала или поголема мера, се подразбира различни облици на пореметување во однесувањето на младите лица, почнувајќи од најбезизлезни ситуации, како што се бегање од часови, лош успех и сл., агресивно однесување во домот, училиштето и средината, до судири со законот“ (Milkovič, 2004).

„Појавата на социјално неприлагодено однесување кај посебна популациона структура на заедницата, која повеќе не се смета за деца, но со нивниот раст не го достигнал полнолетсвото, видовите на престапништва се нарекува малолетничка деликвенција“ (Boškovič, 2006).

Терминот деликвенција (итал. **delinque** – да се погреши, да се направи некое кривично дело) опфаќа посериозни форми на асоцијално, анти-социјалното, социо-патолошка и криминално однесување. Како што се кражба, разбојништво, намерно предизвикување штета, пожар, криминално однесување, хулиганство, користење на алкохол, цигари и други наркотички средства, кражба и возење автомобили и мотори и така натаму. Експертите истакнуваат дека деликвенцијата не е медицинска дијагноза, но тоа е социјална болест, затоа што деликвентите кои не живеат според моралните и физичките стандарди на општеството и привремено или трајно се во судир со законот.

Под малолетничка деликвенција се подразбира неопштествено и противопштествено однесување на лица во перидот на развој, како резултат на пореметен биолошки, психолошки и социјален развиток. Оваа сложена социјално-патолошка појава е опасна не само од криминолошки, правен, економски и социолошки аспект, туку и од семеен, педагошки, медицински аспект (Cuevas, 2007).

Малолетничката деликвенција укажува на тоа дека институциите во општеството **„нешто“** пропуштиле да навремено реагираат на сигналите кои ги даваат младите лица, слаби семејни односи, слаб успех, врсниците, барање на поддршка и помош. Во теоретските дефинирање на малолетничката деликевнција постојат повеќе пристапи. Терминот малолетничка деликвенција во различни општествени дисциплини различно се објаснува, но сепак имаат истоветен став дека се работи за општествена појава која е карактеристична по причините и појавните облици.

Спрема современите сфаќања, **„малолетничкото престапништво е секое однесување на поединец или група на млади кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо,**

**однесување со кои се кршат правни или морални норми на определено општество и кои, кога тоа општетсвено видливо, предизвикуваат спонатно или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото однесување.**“ (Jašovič, 1983).

Основна категорија врз која ја одредуваме малолетничката деликвенција е **малолетноста,** односно возраста на малолетните деца што ја детерминирала како нивната личност така и нивното однесување во правец на прекршување на правните и моралните норми што во крајна линија го одредува и ставот на опшеството кон нив. Според Мертоновата класификација на девијантни однесувања за младите по се изгледа е најкарактеристична иновација како начин на прилагодување на аномијата во општеството зошто на некој начин младите ги прифаќаат културните цели и вредностите во опшеството но истовремено ги отфрлаат легалните и се служат со недозволени (не легални) средства за да ги остварат своите цели. Малолетничката деликвенција, како дел од општиот криминал, најчесто се дефинира како негативно и неприфатливо однесување на малолетните лица кое се изразува низ конкретни инкриминирани дејствија на тие лица со кои ги пречекоруваат општествените стандарди, вредности и норми на однесување.

Меѓутоа најчести термини се малолетничката деликвенција и воспитната запуштеност. За воспитната запуштеност се смета дека во суштина претставува само лишување на младите од воспитно делување и грижење за нив, односно отсуство на свесно планско и целисходно влијание на нивниот развој. Субјект на таквото однесување се малолетните лица. Одредувањето на старосните граници на полнолетноста треба да го одразува пораното или подоцнежното созревање на младите што живеат во различни социокултурни, климатски и други едукативни услови. На овие услови делуваат и фактори од криминално политички и фактори од традиционално историски карактер. Малолетникот е личност што е во фаза на формирање и созревање. Кривичната постапка се покренува против оние лица што се сметаат за кривично одговорни а тоа се лица над 14 години, а оние што се под 14 години се “деца” и не се кривично одговорни. Оние лица што се од 14-16 години, се сметаат за помлади малолетници, оние од 16-18 години постари

малолетници, а оние од 18-21 година старост се нарекуваат помлади полнолетници (Bujanovič, 2007).

### 1.2. Особини и однесувањето на малолетните деликвенти

Во денешните современи услови животот на децата и младите е многу сложен, а самото растењето и развивањето се многу сложени процеси кои бараат свои услови. Тој период на раст и развиток се карактеризира со најинтензивни когнитивни, емоционални и конативни процеси во кој младите се стекнуваат со знаења и учат нови навики, судови, вредности, ставови. Младите постојано се изложени на негативни притисоци од политички и културулошки тендентенции, кои влијаат врз нивниот начин на мислење и дејствување. Кога младите ќе се здружат во добро организирана општествена средина (добро организирани училишта, спортски друштва...) тогаш нема причина за загриженост. Меѓутоа во помалку контролирани средини понекогаш младите се здружуваат со групи кои појавуваат деликвентни однесувања. Во таа смисла се врзуваат за млади кои имаат некои психолошки и општествени проблеми и кои тежнеат да бидат третирани како возрасни лица и да бидат во центарот на вниманието.

Пореметување во однесувањето се јавува во училишната средина, кога детето не ги исполнува училишните обврски, бега од часови, го напушта училиштето, покажува недисциплинираност и агресивност кон другите во училиштето. Поголемиот број се однесуваат неадекватно, агресивно, како во училиште така и во јавните места. Асоцијалното однесување го потенцира и користење и на одредени стимуланси (алкохол, психотропни супстанции).

Основното училиште е подрачје каде најчесто се манифестираат разните облици на антисоцијално однесување на децата. Училиштето има голема улога во етилогијата и превенцијата на младите од деликвентно однесување, бидејќи детето во училиштето запознава разни личности, формира свои ставови, ја развива својата личност, создава своја слика за самиот себе. Појавните облици на ризично однесување на младите можат да се развија во правец на деликвентно однесување ако навремено не се детектира и не се делува во негово спречување. Но не можеме сите проблематични однесувања во училиштетето да се категоризираат како пореметување во однесувањето, треба да се набљудува во контекс на неговиот раст и развиток. Децата во основното образование се наоѓаат во период на

интензивен раст и развиток, па затоа не можеме да зборуваме за конечни, дефинирани однесувања.

Најчести облици на ризични општествени однесувања се:

- Хиперактивност, расеаност
- Тикови
- Вербална агресивност
- Физичка агресивност (спрема лица или објекти)
- Лажење
- Крадење
- Бегање од дома
- Пушење, конзумирање на алкохол и психотропни супстанции
- Плашливост, повелеченост, плачливост
- Незаинтересираност и др. (Paunovič, 1980).

Агресивните облици на однесување се почести проблеми во училиштата. Ученици кои се проблемтични во училиштето тие најчесто се однесуваат агресивно. Агресивност ја манифестираат или физички или вербално кон други лица или предмети со цел да нанесат штета. Во училиштата најчести облици на агресивно однесување се: непочитување на училишните правила, пцуење, малтертирање на врсниците, несоработување, заканување, крадење, физички напади, групно агресивно однесување (банди), носење на нож или употреба на нож (нож, боксирачи, палци, метални шипки) и др. Агресивното однесување најчесто е поврзано со: неоправдано отсуство од училиште, слаб успех, проблеми со дисциплината, непријателско однесување со наставниците, со врсниците. Децата кои покажуваат агресивно и антисоцијално однесување не се само во опасност да станат агресивни туку и можат да имаат и негативен исход, како на пример; да западнат на некој криминал, да станат зависници и др. (Milkovič, 2004).

Деликвентите многу се противат на контролата и на секој обид да се промени нивното однесување. Често се деструктивни, импулсивни, тврдоглави, непријателски расположени, насилни и сурови во нивното однесување.

## 1.3. Формирање слика за себе кај младите

Начин на кој се формира сликата за себе и за другите може покасно да влијае врз однесувањето на малолетникот. Нивните ставови за себе можат да се групираат во три целини:

1. Млади лица кои спрема себе покажуваат негативен став изразуваат недоверба во своите способности и вредности. Имаат недостаток на самопочитување, и како резултат можат да имаат тешкотии во постигање на успех.

2. Малолетници кои самите себе си се прецонуваат, со тоа само си ја отежнуваат адаптацијата, не можат да ја усогласат реалната и идеалната слика, и поради тоа имаат неуспеси во решавањето на развојните и животните проблеми.

3. Поголемиот број на малолетници имаат неизграден однос спрема себе, а тоа допринесува да се чувствуваат збунети и конфузни во врска со потенцијалите и можностите (Dimitrijevič, 2006).

Како што општите услови на животот постојано се менуваат, а во рамките на тој процес се одвива и внатрешното менување и процесот на созревање на младите, постојните општествени пореметување во помала или поголема мера влијаат и на условите на животот, личноста и однесувањето.

Поврзаноста на особините на личноста и карактеристичните однесувања на младите деликвенти со нивното криминално однесување е истражувано од страна на Миксај-Тодорович (1971). Спрема нивното истражување, врз основа на утврдени карактеристики на личноста можат да се предвидат облици на деликвентно однесување и да се испланираат елементи за идно успешно воспитен третман. Навременото превземање на мерки може да се влијае врз корекција на структурата на личноста, која ќе допринесе личноста по успешно да се интегрира во општетството.

Спрема наодите на ова истражување, голем број на испитаници покажувале карактеристики кои би можеле да се означат како негативен предзнак, без разлика на тоа дали се појавила изолирано или во комбинација со други пречки (неуротски пречки, агресивно однесување во јавни места, бегање од дома, повреди на главата). Тие посредно зборуваат за неадекватни општествени процеси кои влијаеле врз модалитетот на општествено неприфатливото однесување. Самите деликвенти ги давале одговорите за тоа што била причината за тие така се однесуваат. Најголема причина за

деликвентно однесување била нивната средина. Како значаен фактор издвоен е и конзумирање на алкохол, кои конзумирале за време на вршењето на делото. Околу една четвртина од испитаниците одговориле дека причина за деликвентното однесување е резулатат на нивниот „карактер“, односно некои особини од личноста што неможеле да ги контролираат.

Изненадува и податокот каде испитаниците навеле дека родителите и неадекватното воспитување се причина за нивното деликвентно однесување (Todorovič, 1971).

## 1.4. Карактеристики на малолетните деликвенти

Физички, овие деца не се ништо поразлични од другите деца. Според некои студии престапниците-деликвентните, во споредба со другите деца, не се значително различни во висина и тежина. Било открино дека младите престапници во поголем степен се мезоморфни од другите деца. Малолетните деликвенти не се физички инфериорни во споредба со другите деца. Речиси сите овие деца прележале многу детски болести (мали сипаници, шарлах, заболување на дишните патишта и желудникот) кои можат да влијаат врз нивниот развој и образованието. Но, физичките разлики меѓу малолетните деликвенти и другите деца не се големи и секако не се и одлучувачки во појавата на малолетничка деликвенција.

## 1.5. Интелигенцијата кај малолетните деликвенти

Теоријата за интелегенцијата како психолошки фактор поаѓа од тврдењето да деликвентите поради својата ниска интелегенција не се во состојба до крај да ги согледаат последиците од своите постапки, па затоа се склони кон вршење на криминални дејствија. Застапник на ова сфаќање Хенри Годардд, тврдел дека слабоумноста т.е. ниската интелегенција единствен причинител за деликвентното однесување (Dinitz, 1986).

Некои други истражувања кои се спроведени во САД покажале дека деликвентите во однос на интелегенцијата значајно не се разликува од неделиквентните деца. Иако интелегенцијата не може да се зема како одлучувачки фактор за појава на делоквентни однесувања и активности, сепак во одредени комплексни околности може да придонесе за појава на некое кривично дело. Тоа посебно се однесува за случаите на сексуални и кривични деликти (Mladenovič, 2001).

## 1.6. Емоционалната карактеристика на малолетните деликвенти

Малолетните деликвенти се емотивно незрели луѓе кои се карактеризираат со неможност за контрола на емоциите во однос на социјалните барања. Малолетните деликвенти сакаат да го реализираат веднаш она што тие го сакаат и се неспособни да ги одложат нивните барања.

Во животот, малолетните деликвенти се емотивно незрели сакаат само задоволство и во трауматски ситуации реагираат фрустрационо.

За нормален развој на адолесцентите важен е хармоничен развој на личноста и успешна соработка со социјалната животната средина. Малолетните деликвенти не ги исполнуваат ни едното ни другото. Работа со емотивно незрели малолетни деликвенти е многу тешко и не е невообичаено да стане ментално болна личност, особено ако тие имаат тешки услови за живот. Емоционална незрелост и нестабилност на овие деца се манифестира во различни форми на несоодветни емоционални однесување (агресија, постојан отпор, раздразливост, непослушност, лутина, бес и слично).

## 1.7. Социјални карактеристики на малолетните деликвенти

Малолетните деликвенти се социјално незрели луѓе. Некои психолози сметаат дека сите малолетни деликвенти, рано го напуштаат училиштето и не успеваат на професионална поле и се социјално незрели. Се покажало дека некои престапници кога биле вклучени во здрава животна средина и го работеле тоа што ги интересирало, постигнувале големи резултати и биле социјално успешни. Многу малолетни деликвенти покажуваат значително импулсивно, екстровертно однесување, немирни се и манифестираат агресивно или деструктивно однесување. Во повеќето случаи манифестираат анти-социјални ставови против моќ и авторитет, се тврдоглави, нерасположени, и често незадоволни со се и сешто, имаат тенденција да се мразат и да им пркосаат на секого.

## 1.8. Личноста на малолетните деликвенти

Карактерните црти на малолетните деликвенти се разликуваат од карактеристиките на другите деца. Според истражувањето, повеќе научници (Glik, Tapani, Majер) карактерни црти на малолетните деликвенти се: (Dimitrijevič, 2006).

- ✓ Асоцијалност
- ✓ Непочитување на власт и авторите
- ✓ Непослушност
- ✓ Непријателство кон другите
- ✓ Деструктивност
- ✓ Садизам
- ✓ Желба за доминација
- ✓ Негативна идентификација
- ✓ Отсуство на вина и срам
- ✓ Несигурност, некритичност, недоверливост
- ✓ Импулсивност
- ✓ Емоционална незрелост
- ✓ Социјална незрелост.

Малолетничка деликвенција не може целосно да се разбере само од телесно-физичката, социо-културна или психоаналитичката перспектива. Треба да се процени на реципрочна динамиката на различни фактори.

Според овие фактори деликвенти се разликуваат од неделиквентите:

- ❖ На соматско ниво-тоа се лица кои се во основа мезоморфни, спортски, мускулести;
- ❖ Според својот темперамент – активени се, немирени, импулсивни, агресивни, деструктивни, често садистички, тие повеќе или помалку се совпаѓа со одреден тип на неправилно созревање на нивните физиолошки ефекти;
- ❖ Со своето однесување тие се нерасположени, непријателски насочени, недоверливи, осветољубиви, сомнителни, тврдоглави, арогантни, независни, се спротивставуваат на власт и авторитет;
- ❖ Во својата психологија имаат тенденција да се директни во нивното интелектуално изразување.

## 2. ТЕОРИИ КОИ ЈА ОБЈАСНУВААТ ПОЈАВАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

За причините на малолетничката деликвенција постојат различни теории, но и предрасуси. За објаснување на причините на појавата на малолетничка деликвенција кај деца и младите треба да се зема во предвид дека се работи за склоп на комплексни и бројни меѓусебно испретплетени феномени. Се до 18 век постоеле разни суеверија, религиски објаснувања за причините на деликвентното однесување. По 18 век започнуваат обидите да теоретски да се објасни самиот термин. Постојат многу бројни теории и објаснувања за причините на малолетничката деликвенција. Причиние се условени пред се од психолошките и социјалните фактори односно од растот и развитокот на младата личност и недостигот од воспитувањето т.е. воспитна запуштеност. Малолетните деликвенти се разликуваат од возрасните во однос на психичкиот и физичкиот раст и развиток и емоционалната зрелост.

Најчеста и наједноставна поделба на причините на пореметување на однесување на младите е поделба на **внатрешни** (*субјектино-психолошки*) и **надворешни** (*социо-културни*) причини.

**Внатрешните причини** се поврзани за личноста на малолетникот, тешкоитиите и проблемите со созревањето, која се јавува како резултат на неадекватните животни вештини, недостаток на самоконтрола, ниско ниво на самопочитување и самодоверба, емоционални и психолошки проблеми и антисоционални однесувања (лажење, агресивно однесување, крадење). Врз однесувањето на младите голема улога имаат и генетските, ендокрините, биохемиските и неуроанатомските фактори.

Во групата на **надворешни причини** се вбројуваат општествено-природни фактори, географската положба, војните, природните катастрофи, економска состојба, сиромаштија, невработеност, миграции, семејство, училиште, врсниците, слободното време и влијанието на масовните медиуми.

За објаснување на причините за појавата на малолетничката деликвенција теориите се групирани во три групи:

- ***биолошки***,
- ***психолошки*** и
- ***социолошки*** теории.

### 2.1. Биолошки теории

Биолошките теории се засновани на мислењето дека причини за појавата на деликвентното однесување улога имаат вроденоста, наследство, органски и физиолошките процеси. Во групата на биолошки теории се вбројуваат:

#### 2.1.1. Антрополошка теорија

Приврзаниците на оваа теорија на чело со Италјанскиот психијатар и криминолог Ламбросо, настојувале да ја докажат повзраноста меѓу деликвентното однесување и физичките односно анатомските карактеристики на личноста. Тврделе дека причините за појавување на деликвентно однесување се наоѓаат во биолошките особини на личноста, верувале во ставот дека постои одреден антрополошки тип „роден злочинец“ т.е лице кој е предодреден да врши криминални дејствија. Некои карактеристики на „родените злочинци“ се, ненормално мала или ненормално голема глава, големи уши, асиметрично тело, црвено обоени нокти, испакната вилица, висока и заострена глава и други дегенеративни надворешни црти. Овие црти се стигмати на дегенерација. Ако еден поединец има едне стигма тоа е прв знак за можно криминално однесување доколку има повеќе тој бил потенцијален криминалец. Но под влијание на одредени критичари, тие почнале да даваат значајност и на влијанието на социо-културните фактори врз појавувањето на деликвентното однесување (Güral, 2009).

#### 2.1.2. Теорија на наследство

На крајот на 19 век во европската литература се појавила оваа теорија, каде се нагласува улогата на наследните фактори како причина за деликвентното однесување. Поврзаноста помеѓу наследните физички и психички особини на извршителите на кривични дела докажувано е низ повеќе истражувања. Но во овие истражувања не се земени во предвид социо-економските услови на живеење на испитаниците.

#### 2.1.3. Ендокринолошка теорија

Оваа теорија се развила во 30’те години на 19 век, и поаѓа од претпоставката дека лицата кои имаат пореметувања во ендокриниот систем

се предиспонирани за криминални дејсвија т.е. криминлитетот се јавува како последица од пореметување на функциите на ендокриниот систем. За оваа теорија се правени истражувања на млади лица, кои биле прва генерација емигранти родени во Америка. Тие тврделе дека мајките на тие деца поради лошите тешки животни услови, биле жртва на различни ендокринолошки пореметувања, кои по пат на наследство се пренесени на нивните деца. Ендокрините пореметувања предизвикуваат ментални пореметувања, ниска интелегенција и др., што се причина за појава на деликвентно однеување.

Денеска во науката преовладува мислењето да големиот број на пореметувања на ендокриниот систем не е наследна, поради тоа не може да биде во врска со деликвенцијата, но не се исклучува влијанието на ендокрините жлезди врз појавата на агресивното однесување кај младите (Öter, 2005).

Влијанието на биолошките фактори не може да се негираат но не треба ни да се пренагласува, туку треба да е во корелација со социјалните и психолошките фактори.

### 2.1.4. Расна теорија

Главната претпоставка на оваа теорија е дека расната припадност е основен кримионоген фактор, осносно припадност во одредена раса имаат вродени и наследни криминогени диспозиции.

Расната теорија настанала во 30'тите години на XX. век во Европа. Криминалот се објаснува со вродени тенденции и наследни предиспозиции на припадникот на одредена раса. Спрема оваа теорија девијантното однесување е условено од расната припадност на поединецот. Овој пристап бил актуелен за време на нацизмот во Германија и прогонувањата на Евреите, исто така е изразено и во САД каде криминалните дејствиа првенствено ги поврзуваат со црнците и латиноамериканците.

Современета криминолшка наука утврдила дека биолошките фактори може да имаат некои предиспонирачки улоги, но не и да го детерминираат деликвентното однесувања. Нивните влијаниа не можат во потполност да се негираат, но не сме е ни да се пренагласат туку треба да се во корелација со социјалните и психолошките фактори.

## 2.2. Психолошки теории

Психолошките теории причината за појава на деликвентното однесување го објаснуваат со влијанието на психолошките фактори, односно поаѓаат од психолошките карактеристики кои ги одредуваат однесувањата на личноста. Се издвојуваат две гледишта:

- Првото гледиште која поаѓа од претпоставката дека однесувањето на личнота може да се согледа врз основа на психолошките фактори, но истовремено да се земаат во предвид социјалните, односно општествените околности во кои живее личноста;
- Второто гледиште поаѓа првенствено од гледиштето дека психолошките фактори (интелегенција, емоции, мотивација...) се причина за деликвентното однесување.

### 2.2.1. Психоаналитичка теорија

Творецот на оваа теорија Сигмунд Фројд поаѓа од претпоставката дека секоја личност во себе носи одредени подсвесни импулси и нагони за недозволено однесување и вршење на кривични дела. Дали личноста ќе биде деликвент или не, зависи од контролата врз нагоните и импулсите, кој се постигнува во процесот на воспитување. Струкрурата на личноста е составена од три дела: *Ид, Его* и *Супер его.*

*Ид* е вродена компонента на личноста, кој се состои од нагони и инстинкти. Ид'от постојано настојува да ги задоволува нагоните, што во реалност не можат да се остварат бидејќи постојат различни општествени забрани. Поради тоа потребно е делување на другиот дел од личност кој Фрој го нарекол Его. *Егото* го сочинуваат психолошките процеси. Неговата цел е да го задоволува Ид'от, но водејќи сметка за општествената реалност, за тоа што е дозволено а што е забрането. *Супер егото* го сочинуваат вредностите и нормите што се усвојуваат во текот на животот. Тој се развива под влијание на околината, воспитувањето и прифаќањето на вредности на одредено општество. Основната функција на Супер егото е да го спречува задоволувањето што доаѓа од Идот, ако е спротивно од општествените норми.

Претставниците на психоаналитичката теорија деликвентното однесување го објаснуваат како недоволна контрола на Супер егото врз нагоните и инстинктите, што доаѓа до склоност на човекот кон насилство,

агресија и други облици на неприлагодено однесување. Најзначајни претставници на оваа теорија се Алфред Адлер и Густав Јунг.

Адлер смета дека причината за деликвентното однесување е инфериорноста која најчесто се јавува кај лица кои имале несреќно детство и скратени желби.

Јунг е творец на теории за психолошки типови и поимите интровeрност и екстроверност. Јунг посебно значајност му придава на Едиповиот комплекс (желба на 3-6 годишното дете за полов однос со родителот од спротивниот пол). Спрема ова сфаќање, деликвентот несвесно бара казна за забранетите желби кој ги имал во раното детство.

Привrзаниците на оваа теорија установиле на значајноста на емоционалните искуства за изградбата на личноста. Меѓутоа критичарите сметале дека однесувањето на возрасната личност не може во целост да биде водена од однесувањата од детството.

### 2.2.2. Теорија на интелегенција

Оваа теорија деликвентното однесување на поединецот го обаснува како последица на ниската интелегенција и слабоумност на психичките фактори кои се причина за деликвенто однесување. Спрема ова сфаќање поради ниската интелегенција личноста не е во состојба да ги сфаќа значајностите на социјалните норми и вредности и да ги прифаќа и применува.

Друга варијанта на оваа теорија е деликвентното однесување се објаснува како резултат на ниското образование на поединецот. При тоа факторот ниско образование се објаснува како последица на ниската интелегенција.

Бројни нови истражувања покажуваат дека не постои непосредна врска помеѓу нивото на интелегенцијата и деликвентното однесување на младите лица. Меѓутоа, тоа не значи потполно да се отфрли и негира влијанието и значајноста на интелегенцијата и степенот на образование врз деликвентното однесување. Ниското ниво на интелегенција кај лицата има за последица за неможност на младите лица да ги согледуваат своите постапки и нивните последици. И тие лица се лесен плен и жртва да станат деликвенти, кои можат лесно да се наговорат да извршат криминални дела. Претежно тие лица се со понизок економски статус.

„Првите истражувања покажала дека дури од 50% до 75% од малолетните деликвенти се со ниска интелегенција. Новите истражувања покажуваат дека малолетните деликвенти се со просечна интелегенција (од 70% до 90%). Некои истржувања покажуваат дека од 10% до 20% од малолетните престапници се со надпросечна интелегенција.

Спрема тоа, ниската интелегенција може да влијае врз појавата на деликвентното однесување, бидејќи поединецот потешко се прилагодува на социјалната средина, потешко учат и го напуштаат училиштето. Децата со ниска интелегенција се сугестибилни, помалку критични, лесно паѓаат под влијание на другите, особено ако имаат пријател кој е воспитно запуштено дете. Поголемиот број на малолетни деликвенти се со просечна интелегенција и инетелегнцијата не е пресуден фактор за појава на деликвентното однесување“ (Đorđevič, 1982).

### 2.2.3. Теорија на фрустрација

Претставниците на оваа теорија деликвентното однесување го објаснуваат како резултат на некоја фрустрација, односно реакција на поединецот од лишење од нешто од општеството, а посебно од изневерувањето на очекувањата на поединецот од општетсвото. Како реакција на фрустрација се јавува потреба за престиж, да се привлече внимание или да се појави деликвентно однсување.

Најпознат претставник на оваа теорија, Долард тврди, дека фрустрацијата е основа за агресија. Фрустрацијата создава агресивен потенцијал која станува основа за непредвидливо однесување дури и девијантно. Извор на агресија може да биде реален или замислен, може да биде во околината или во самиот себе. Ако самоконтролата е јака, енергијата на фрустрацијата може конструктивно да се насочи спрема постигнување на општествено прифатливи цели (сублимација) но може да биде и причина за деструктивна или автодеструктивна агресија. Најчесто агресијата е последица од фрустрација. Агресијата има два облика:

1. Деструктивна агресија која се манифестира со отворени напади, повелкување во себе, во основа сите имаат антисоцијално однесување.

2. Конструктивна агресија не е повзрана со деликвентното однесување бидејќи поединецот ги задоволува своите потреби на социјално дозволен начин.

### 2.2.4. Теорија на неприлагоденост

Оваа теорија деликвентното однесување го објаснува како резултат на неможноста на поединецот да се прилагоди на социјалните норми на општеството односно расчекорот помеѓу целите на поединецот и интересите на заедницата. Поради тоа доаѓа до потреба да таквите личности да се спротиставуваат на правилата кои владеат во општеството. Теоријата се темели на психолошки основи на човечката асоцијалност, па причината за пореметувањето во однесувањето се бара во психичките особини и ставови на поединецот. Но во оваа теорија се занемаруваат сите други фактори кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување. Меѓутоа непролагоденоста е значаен елемент при анализа на причинте на деликвентното однесување.

### 2.3. Социолошки теории

Социолошките теории ги прифаќаат и биолошките и психолошките особини на личноста но ја уважуваат и важноста на различните социјални фактори кои влијаат врз неговото формирање. Поголемиот број на социолошки теории не го занамеруваат сосема делувањето на психичките фактори, но како основа ја земаат во предвид општествените фактори како причина за појава на малолетничката деликвенција.

### 2.3.1. Теорија на аномија (беззаконие)

Основачот на оваа теорија е францускиот социолог Емил Диркем. Терминот anomija (an-не, nomos-закон) на страогрчи јазик значи беззаконие. Диркем криминалот го објаснува како процес на дерегулација односно слабеење на влијанијата на социјалните норми и реакции. По Диркем причините за криминалот се во природата на општеството, во самото општество т.е. во меѓусебните односи на луѓето во конкретно општество. Состојба на аномија е карактеристично за радикални општетсвени промени, за време на кризи, кога слабее контролата на општеството, кога нема јасни норми и критериуми кои го одредуваат однесувањето на поединецот во едно

општество. Во такви ситуации луѓето се вознемирени и дезориентирани, а тоа може да биде причина за појава на криминално однесување. Диркем за девијантноста сметал дека е неопходна во општетсвото и дека има две важни функции.

**Прво**, девијантноста има адаптивна функција. Во иднина општеството да воведе новини, нови идеи и предизвици, девијантноста има сила за иновации и да доведе до промени.

**Второ,** функција на девијантноста е одржување на граница меѓу „доброто" и „лошото" оденсување во општеството.

Друг претставник на оваа теорија е американскиот социолог Роберт Мертон, кој го прифатил Дирекомовиот поим за аномија. Основна поставка на Мертоновото учење е дека извор на криминалот е во самата општествена структура. Тој истакнува дека криминалоит е последица од расчекорот помеѓу културата и стуктурата на општеството, односно помеѓу културните цели и можностите на нивното остварување. Тензијата која настанува помеѓу општетсвените прифатени вредности и ограничувања на средствата за нивно остварување, Мертон разликувал пет можни налини на реагирање:

1. **Конформисти**-лица кои ги прифаќаат општо прифатените вредности и конвенционалните средства за нивна реализација, без разлика дали се успешни или не. Поголемиот број на луѓе припаѓаат во оваа категорија.
2. **Иноватори**–лица кои ги прифаќаат опшетсвените вредности но користат нелегитимни и незаконити средства за да ја постигнат целта. Во оваа категорија спаѓаат лица кои се збогатиле преку нелегални активности.
3. **Ритуалисти**–лица кои се придружуваат кон општествено прифатените стандарди иако го губат од вид вредностите што стојат позади тие стандарди. Правилата слепо се следат, лица остануваат поврзани за здодевните работни места што немаат шанси за успешна кариера.
4. **Лица кои се повлекуваат**-лица кои потполно го изгубиле натпреварувачкиот дух, ги отфрлаат вредностите и се повлекуваат од општеството. Во оваа категорија спаѓаат алкохолочари, наркомани, криминалци, скитници.

5. **Бунтовници**-лица кои ги отфрлаат постојечките вредности и средства за нивно остварување но имаат јака желба и волја да ги заменат со нови и на тој начин да го реконсртуираат општествениот систем. Во оваа категорија спаѓаат припадници на радикални политички групи (Güral, 2009).

### 2.3.2. Теорија на диференцијална асоцијација и идентификација

Основачот на оваа теорија, американскиот социолог и криминолог Едвин Сатерленд, смета дека криминалното однесување се учи преку процесот на комуникација, со интеракција со други лица. Спрема оваа теорија деликвентното однесување настанува како последица на интеракција на поединецот со други лица во различни групи. Низ дружење, односно преку комуникација со деликвентни лица и групи се стекнуваат навики и желби кои се спротивни од законските прописи. Деликвентното однесување се учи, а не е наследна или измислена. Поединецот станува деликвент бидејќи доаѓа во контакт со лица кои имаат криминални дејствија. Многу луѓе кои се изложени на деликвентни однеусувања не се предмет на влијание и не ги прифаќаат деликвентните однесување, додека кај некои луѓе имаат силно влијание. Тоа значи дека во зависност од нивната мотивација, слободно го бираат моделот на однесување со кои може да се идентификуваат. До идентификација доаѓа при процес на интеракција со други лица. Поради тоа Даниел Гласер ја преформулирал теоријата на диференцијална асоцијација во теорија на диференцијална идентификација. Тој истакнува дека голем број на луѓе кои се во близок контакт со деликвентно опкружување никогаш не ги усвојуваат деликвентниот модел на однесување. Само мотивираните поединци се идентификуваат со лицата деликвенти па и самите почнуваат така да се однесуваат (Göç, 2006).

### 2.3.3. Теорија на деликвентна субкултура

Теоријата на субкултура настанала во американските општества. По поимот субкултура се подразбира, сите подгрупи чии норми, вредности и облици на однесување по некои погледи се разликува од доминантната култура, односно тоа е таа група на луѓе кои (свесно или несвесно) воспоставиле сопствено „културно општество“. Субкултурата се формира околу најразлични аспекти на живот, почнувајќи од расна, етничка или

национална припадност, преку пол, возраст, професија, социо-економски статус.

Девијнатните групи имаат сопствени вредности, ставови и ориенатции, па поради тоа се издвојуваат од останатите општествени групи. По Алберт Коен, субкултурата ја сочинуваат четири подсистеми: стил (облекување), музика, сленг и ритуали.

Во нормалниот живот поединецот се идентификува со различни субкултури, но деликвент постанува кога преку социјализација се усвојуваат неприфатливи вредности. Тешко е да се утврди границата помеѓу нормално и девијантно однесување.

Американскиот криминолог Ричард Кловер и Лојд Олин, ја проучувале малолетничките деликвентни банди во САД, истражувајќи ја причината за нивното појавување. Двајцата автори сметаат дека субкултурата на деликвентите имаат свои норми на однесување и цели, и од малолетните деликвенти се бара да се однесуваат според нормите и барањата на субкултурата. Таквата субкултура поттикнува вршење на бројни и тешки криминални дела, бидејќи посакуваниот статус може да се постигне само преку суровсот и вршење на криминални дејствија (Kosovič, 1999)

### 2.3.4. Теорија на етикетирање

Претставникот на оваа теорија Х. Бекер смета дека општествената група создава одредени правила и кршењето на тие правила доведува до девијантно однесување. Оваа теорија е позната и под името интеракционистичка теорија на девијација, односно теорија на стигматизација. Лицата кои ги кршат тие правилата се етикетираат како аутсајдери. Деликвент е оној на кој оваа етикета успешно се применува, девијантно однесување е тоа однесување кои луѓето така го етикетираат. Реакцијата од публиката создава девијација (Milkovič, 2004).

Кога детето, особено тие од сиромашните општетсвени слоеви, еднаш ќе добијат етикета деликвент, во општеството ќе останат како деликивенти и околина ги перцепира како неверодостојни. Поради тоа детето полесно паѓа во други престапи и повеќе се потврдрдува неговата етикета.

### 2.3.5. Теорија на мултифакторски пристап

Оваа теорија поаѓа од тоа да деликвентното однесување на младите е многу комплексна и повеќе условена општествена појава. Комплексноста на внатрешните и надворешните причини и појавите на деликвентното однесување на младите лица бара мултидисциплиниран пристап, за кое е потребно познавање од повеќе научни дисциплини, социологија, психологија, медицина, криминологија и др.

Теоријата на мултифакторски пристап генерално е прифатена од современата наука при објаснување на малолетничката деликвенција.

# 3. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Интензитетот и сериозноста на малолетничките дела обично се одредува од страна на социјални, економските и културните услови кои преовладуваат во земјата. Постојат докази за универзална зголемување на малолетничкот криминал кои се случуваат истовремено со економскиот пад. Причините и условите за малолетничкиот криминал обично се наоѓаат во секое ниво на социјалната структура, вклучувајќи го и општеството како целина, социјални установи, социјални групи и организации, како и меѓучовечките односи.

## 3.1. Биолошки и психолошки причини

Основен фактор на истражување на етиолошките и феноменолошките проблеми на деликвенцијата се социјалната средина, деликтите и личноста. Факторот личност по многу елементи се смета за карактеристична и посебно се третира. Овој фактор се објаснува по специфичните телесни и психички промени кои се карактеристични за адолесцентот, односно преодот помеѓу детството и возрасниот период. Во период на адолесценција личноста трага по сопствената идентификација. Тие се со специфична состојба на развој, на кој им е потребен модел, доверба, поддршка, а поради специфичните услови најчесто изостануваат, па затоа децата се свртени кон улиците наместо кон своите родители. Девијантното и деликвентното однесување им станува еден вид на протест против наметнатите општествени форми, а во подоцните фази и еден вид на навика.

Во психолошката литература се поставени мислења дека адолесценцијата претставува млад период кој започнува од 12-13 година а завршува со созревањето околу 24-25 година. Во тој период личноста се наоѓа во постојан развој и е под влијание на факторите на средината. Во период на адолесценцијата се јавуваат и физички и социјални промени. Овие промени се манифестираат со различни облици на расположение, интелектуално созревање, усвојување на принципи на однесување и вредности. Промените во однесување се одразуваат во несогласувањето во семејството и социјалната средина, во кој младата личност наоѓа поддршка за некој вид на асоцијално однесување, кое може да стане и модел на трајна негативна иднетификација. Покрај тоа се јавуваат и некои внатрешни психички својства кои се изразени

од вообичаеното: агресивност, или друга крајност-повлеченост, депресија и изолација. Деликвенцијата која настанала како резултат на проблемите во семејството, се јавуваат емоционални проблеми и проблеми во интерперсоналните односи (Güral, 2009).

### 3.2. Социјални причини

Покрај внатрешните, вродените фактори, социјалните фактори ја сочинуваат значајните компоненти на етиологијата на малолетничката деликвенција. Типичен малолетен престапник е личност кој потекнува од дисфункционално семејство, има слаби контаки со родителите, има проблеми со училиштето, слаб успех, и склон кон насилно однесување. Во литературата како посебни причини кои влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција се вбројуваат:

1. Семејството
2. Училиштето
3. Врсниците
4. Економската состојба
5. Слободното време
6. Масовните медиуми
7. Воспитание

#### 3.2.1. Семејство

*"Знајте дека нема ништо посилно и поздраво, и покорисно за идниот живот, од некаов убав спомен, а особено ако е тој од детството, од родителската куќа...Еден толку прекрасен свет спомен зачуван од детството, можеби е токму најдобро воспитание. Ако човек носи во себе многу такви спомени, тогаш тој е спасен за цел живот. А ако макар еден убав спомен остане во нашето срце, некогаш и тоа може да послужи како спас. ...Не плашете се од животот! Колку е убав животот кога ќе направиш нешто добро и праведно!"*

**Браќа Карамазови - Достоевски**

Малолетничката деликвенција е управувано од страна на негативните последици од социјалниот и економски развој, особено во економската криза, политичката нестабилност, како и слабеење на големи институции. Социо-економска нестабилност е често поврзано со постојаната невработеност и ниски приходи, кои може да ја зголеми веројатноста на нивната вклученост во криминални активности. Осиромашувањето на општеството,

невработеноста, оневозможувањето да се задоволат основните потреби на граѓаните, одредени воени состојби во Државата, прилив на избеглици, миграции и др., се причини кои доведуваат до зголемување на социопатолошките појави, асоцијалното и криминогеното однесување на младите.

Семејството претставува микро група кое во системот на општествена структура се остварува социјализацијата и формирање на личноста. Семејството е примарен елемент на социјализација во која емотивната атмосфера непосредно се одразува и на интелектуалниот и на психолошкиот развој на децата. Секој облик на криза во семејството и брачната дисхармонија може да се одрази и на емоциналниот развиток на детето. Висок процент на малолетни деликвенти кои израснале во домовите, се третираат првенствено како отсуство на родителите, односно отсуство на семејно воспитание. Во семејните фактори кои имаат значителна улога во појават на деликвентното однесување се вбројуваат и материјалната несигурност, невработеноста, отсуство на грижата на децата, станбените услови и др.

Семејните фактори кои се клучни за антисоцијално однесување на малолетните престапници се: занемарување/злоставување на деца; ниско ниво на вклученост на родителите; високото ниво на конфликти, непријателства и агресија во семејството; ран губиток на родителите и емоционално лишување (Bakırcıoğlu, 2002).

Од семејните фактори на ризик најголемо предиктивно значење за малолетничката деликвенција имаат семејното насилство, слабо надгледување на родителите и родители со антисоцијално поведение. Во совремеменото општество семејството е соочено со поинтезивно слабеењето на својата основна функција, а нејзиното делување може да влијае негативно на развојот на личноста доколку се:

- пореметени семејните односи;
- презафатеност на родителите со бизнис или престој во странство;
- има конфликти и агресија во семејството;
- дојде до развод на брак;
- запоставување или занемарување на децата (глад, нехигиена и сл);
- неповолно материјални услови во семејството, неможност да се задоволат секојдневните основни потреби (Zvekič, 2010).

Семејството треба да е природна средина за раст и развиток на детето и да се овозможи заштита и помош, и топла атмосфера на среќа, љубов и благосостојба.

Еден значеан аспект во семејството кое придоенсува за појавата на деликвентното однесување е **насилството**, кое во последно време е се почеста појава. Најопасното насилство е насилството врз децата, кои ни физички ни психички не се способни да издржат било каков облик на насилство. Сите облици на насилство оставаат трајни последици врз психата на детето.

Многу значајна причина за појава на деликвентното однеусвање претставува неадекватниот процес на социјализација, односно процесите на воспитание. Тоа е процес на пренесување на културните и традиционалните обележја на поединецот. Девијантноста може да биде како последица од репресивниот начин на воспитување. Престргото воспитување, казнување психолошки формира тешко прилагодлива, несигурна и депресивна личност, а како резултат на отсуство на воспитување личноста е агресивна, лишена е од чувства за тоа што е општествено дозволено а што не е. Функционални семејните односи и добро возпитување непосредно влијаат врз правилниот раст и развиток на младите. Секој облик на криза во семејните односи се одразува врз емоционалниот развитокок на младите и тие пројавуваат разни облици на деликвентно однесување.

Семејствата се примарната нишка во правилниот развој и социјализацијата на децата.Дисфункционалните семејства можат да ја оневозможуваат правилната социјализација на децата, која е ненадоместлива. Семејната атмосфера, начинот на живот, односите меѓу родителите и децата (слаби семејни врски, отуѓеност, конфликтни односи, присуство на насилството, дрога, алкохол и сл.) се состојби кои влијаат врз формирањето и развојот на децата. Генерално, факторите на ризик во семејството опфаќаат: семејна историја (на пр. слаба социјализација, лошо надгледување, занемарување, лоша дисциплина, хаотичност и неорганизираност; неадекватен надзор на родителите; неразбирање на односот родител–дете, емоционално лишување; ран губиток на родителите); семејни конфликти и насилство (детето е нивни сведок или жртва); сиромаштија во семејството; многучлено семејство; криминалитет во семејството.

Ризиците кои се јавуваат во семејството можат да бидат различни, но во овој контекст битни за споменување се и ниското образование на родителите, насилството во семејството, користењето droги и алкохол , престапништво во семејството и слично.

Семејството претставува креатор на условите во кои детето се развива, односно може да биде креатор на социјално исклучување или пак креатор на околности кои ќе се сметаат за заштитни и ќе влијаат во градењето отпорност на ризиците кои го опкружуваат детето. Од квалитетот на односите во семејството ќе зависи дали семејството има заштитна улога, па така, топли, емотивни, поддржувачки односи се, секако, заштитен фактор.

### 3.2.2. Училиште

*„Образованието е најмоќно оружје*
*коешто можете да го употребите*
*за да го смените светот"*
**Нелсон Мандела**

Појавата на деликвентното однесување е поврзана и со училиштето. Покрај семејството, училиштето е значајна институција во која се одвиваат најзначајните воспитни и образовни процеси на социјализација на личноста и оспособување за работа и општествени функции.

Познатиот писател Виктор Иго напишал: *„Тој што отвора училишта ги затвора затворите."* Училиштето нема обврска само да пренесува знаење, туку имаа и голема улога врз изградбата на личноста, врз превенирање од општествено непожелни однесувања. Училиштето е значајна институција каде покрај тоа што се насочува кон образованието голема улога игра и при контролирањето на однесувањата на децата. Покрај образовната компоненнта училиштето треба да биде ориентирана и кон воспитната компонента, да помага на учениците да изградат морални норми и позитивни ставови и вредности. Училишната средина има голема улога врз етиологијата и превенцијата од деликвентното однесување на учениците, бидејќи поголемиот дел учениците го поминуваат во училиштето, формираат свои ставови, запознаваат нови пријатели, ја развиваат својата личност, создаваат своја слика за светот и за себе. Сите порематувања во однесувањата имаат корени во основното училиште. Доколку навремено не се реагираат и

не се отстранат причините за појавата на проблематични однесувања можат да се развијат тешки облици на деликвентно однесување. Основни индивидуални ризични фактори во училиштето се:

- Училишен неуспех;
- Дисциплински проблеми;
- Ран антисоцијално однесување;
- Ниско самопочитување;
- Лош однос со врсниците;
- Агресивно однесување (Akduman, 2007).

Значајна карактеристика во проблематични однесувања е и бегањето од училишните обврски. Истражувањата покажуваат дека бегањето од училишните обврски е еден од првите индикатори за идно деликвентно однесување. Веројатноста од бегање од училиште е поголема кога:

а) детето или малолетникот има негативен став кон училиштето и работата;

б) има слаб успех во училиште;

в) е недоволно прилагодено во училишната средина;

г) не е подготвен да ги прифаќа училишните норми и правила на однесување.

Еден од почестите облици на деликвентно однесување е агресивното однесување на децата, која доведува до непожелни последици, доколку семејството или училиштето навремено не превземе мерки за негово спречување. Во училиштата најчести облици на насилството меѓу децата се:

- Физичко насилство-најчест облик во кој се вбројуваат удирање, туркање, тепање и др.;
- Вербално насилство-навредување, ширење на гласини, исмејување и др.;
- Емоционално насилситво- под емоционално насилство се подразбира намерно исклучување од групи, игнорирање;
- Сексуално насилство вклучува непосакувани физички контакти и навредливи комнетари;
- Културулошко насилство подразбираме навредување на национална, расна и религиска основа;
- Економско насилство вклучува крадење и изнудување на пари. (Ayhan, 2006).

Училиштето е воспитно-образовна институција во која прку настава, со примена на дидактички методи, ученици се стекнуваат со знаења, вештини, способности и навики кои се потребни за продолжување на образованието и интегрирање и функционирањ во општетството. Училиштето заедно со семејството се највашните агенси во текот на социјализација на децата. Покрај семејството, и училиштето има пресудна улога во развивањето и формирањето на личноста на детето, неговото социјализирање, оспособување за живот, сзодавање и прифаќање на моралните и општетсвените норми, развој, раст и позитивна интеграција во општетсвото. Училиштето покрај воспитни-образовната функција има и специфична, социјално-заштитна функција. Со училиштето, односно преку наставата и воспитувањето, се создава услови за материјално и социјално осамастојување на учениците. Училиштето е организирана заедница, каде што децата за прв пат се срекаваат со правите општетсвени норми, со прописисите, правилата на однесување, но и со одреден вид на формално пропишани санкции.

Низ училиштето децата се срекаваат за првпат со проблемите на повисоката општетсвена организираност и обвсрки. Во овој период децата ја формираат мислат за меѓучовечките односи и заедништво но исто така ја искажуваат и потребата за поорганизирана помош при побрзо и подобро прилагодување кон условите на општетвото и прилагодување кон нивните улоги и обврски. Училиштето е најповолното место каде во целост на организиран и стручен начин, но исто така и на природен начин, можат да се откриваат, препознаваат и дијаностицираат разните појави, промени, проблеми и социјално-заштитни потреби на учениците.

Руттер (1983) во своето истражување заклучил дека училишните фактори кои се поврзани со деликвенцијата се честите казнувања и ретките пофалби од наставниците во класот. Руттер смета дека доброто управување со класот, внимателно користење на наградите и казните се фактори за успешно училиште. Некои училишта имаат повисока тенденција кон развивање на деликвентно однесување и насилството. Тоа се училишта каде што довербата помеѓу учениците и наставниците е ниска, изостаноците се почести и постојат нејасни и неконзистентни правила (Tomič, 2005).

Следна алка во синџирот фактори и актери во социјализација на децата е образованието претставено преку училиштето и другите форми на организирано образование (пр. градинките). Образованието е исто така

значаен индикатор дека нешто во процесот на социјализација на децата не е во ред. Како фактор, образованието влијае врз однесувањето на детето, што може да придонесе за појава на криминално однесување кое често е придружено со ниско ниво на образование, лоши резултати, непосетување настава или отпишување од училиштето (поради разни причини, како сиромаштија во семејството и напуштање на училиштето или слаби училишни резултати поради неадаптираност кон степенот на образование или начинот на предавање и ангажирање и сл.). Од друга страна, квалитетот на образованието и недостатокот на воспитната улога на училиштата се дополнителен фактор. Но, не само училишните активности туку и вонучилишните, како организирани активности, со корисно исполнување на времето, имаат свој придонес во развојот на децата. За жал, образовниот систем кај нас не се движи по оваа линија.

Образованието претставува една од основите на заштита и превенција на малолетничкото престапништво. Образованието како заштитен фактор е под силно влијание на семејството но и на заедницата. Имено, родители кои имаат позитивен став кон образованието, училиштето и надоградбата, или родители со високо образование може да претставуваат заштитен фактор.

Училиштето ќе претставува заштитен фактор доколку обезбеди сигурна средина за децата и малолетниците, ќе обезбеди квалитетен однос помеѓу ученикот и наставникот, креирање интересна, остварлива и стимулативна средина за наобразба. Доколку ученикот се чувствува прифатено, ќе оствари врска која на пр. кај децата кои имаат лоши училишни резултати или антисоцијално поведение, ќе ги одврати да бараат „прифаќање“ во други опкружувања. Повторно, она што е очигледно е дека квалитетот на односот е најбитен. Организираното и конструктивно користење на слободното време е нишка која овозможува учење, развивање на социјални вештини, дружење со одговорни луѓе, воведување рутина, одговорност, тимска работа и слично. Учеството во такви активности овозможува натамошна конструктивна социјализација со позитивно дружење со врсници, но и со други возрасни.

### 3.2.3. Група на врсници

За време на адолесценцијата, врсниците често имаат поголемо влијание од семејството. Ако другарите на малолетникот покажуваат некој од видовите девијантните однесување, постојат големи можности и самиот тој да

ги прифати тие норми на однесување. Родителиет директно влијаат на тоа со кои деца ќе се дружат нивните деца, го бираат соседството, училиштето, верските објекти, културни институции. Тие и посредно влијаат на изборот на пријатели и врсници со кои детето се дружи. Но ослабнувањето на врските во семејството и училиштето може да придонесат младите да се поврзат со група на врсници која може да биде извор на девијантно однесување. Изложени на врсничките притисоци и незаштитени од добрите и цврстите семејни врски и врски со училиштето, младиот пристапува кон групата на врсници која ги делат слични проблеми. Постои поголема веројатност дека младиот ќе ги присвои таквите облици на однесување.

Забележано е дека адолесцентите до 17 години вршат престапи во групи, додека тие над 17 години сами ги вршат престапите.

Една од можностите е дека младите престапници се групираат поради сличностите, но и поради стигматизирањето. Односите со врсниците имаат можно големо влијание врз развојот на детскиот идентитет и автономоја. Дружењето со другари-деликвенти до 14 години преставува важен предиктор на криминалитетот во младо возрасен период (Quinn, 2004).

Продоложеното дружење со другари-деликвенти може да биде клучен фактор во одредување дали малолетникот ќе продолжи да врши криминални дела. Некои истражувања тврдат дека адолесцентите со деликвентни другари имаат 10 пати повеќе шанси да бидат вовлечени во сериозни деликвентно поведение отколку нивните врсници кои не се дружат со деликвентни врсници.

Врсниците меѓусебно имаат големо влијание во формирањето на ставови. За време на адолесценцијата влијанието на врсниците врз децата често пати е поголемо отколку влијанието на децата од страна на своето семејство. Младите деца кои покажуваат некој вид на нарушено однесување, обично се групираат, со собираат во групи и заедно извршуваат некои видови на недозволени и неприфатливи дела. Дружењето со другари на 14-годишна возраст кои покажуваат знаци на нарушено однесување, па и некој повисок степен на нарушување во однесувањето претставува важен предиктор на криминалитет во периодот на младо возрасно доба (Farrington, 1986).

Продолженото дружење со таквите другари или врсници може да биде клучен фактор во одредување дали тоа дете или малолетникот ќе продолжи со такво однесување и вршење на кривични дела и како млад возрасен. Некои

истражувачи велат дека адолесцентите кои се дружат со врсници што покажуваат нарушено однесување имаат 10 пати повеќе шанси да бидат вовлечени во таквото однесување, за кратко време и тие стануваат такви, односно се однесуваат како нив, ги преземаат нивните ставови и начини на однесување, за разлика од другите врсници кои не се дружат со такви врсници кои покажуваат нарушено однесување (Quinn, 1999)

Покрај тоа што врсниците може да имаат негативно влијание и може да претставуваат фактор за нарушено однесување, сепак тие се и значаен позитивен фактор во формирањето на ставови. Врсниците меѓусебно влијаат и еден од друг пренесуваат и преземаат ставови, без разлика дали се позитивни или негативни. Имено, во интеракцијата со врсниците децата учат да делат, да помагаат, да бидат во емпатија со другите, што се многу важни компетенции за нивниот когнитивен и социјален развој. Позитивните релации со врсниците се поврзани со позитивен став кон училиштето, редовно посетување на училиште, позитивен став кон наставниците, кон наставата, кон другарите, а сето тоа придонесува и кон подобар успех во училиштето и одлично поведение.

Истражувањата покажале дека адолесцентите со негативен однос со врсниците се повеќе склони кон деликвентно и антисоцијално однесување. Исто така млади кои се социјално изолирани или отфрлени и кои не вклучени во традиционалните социјалните активности се во зголемен ризик да се однесуваат насилно (Hirschi, 2000).

Од друга страна врсниците можат да бидат значаен протективен фактор. Имено во интеракција со врсниците децата се учат да делат, да помагаат, да бидат во емпатија со другарите, што се многу важни компетенции за нивен когнитивен и социјален развој. Исто така, во друштвото на врсници се учи контрола на импулсите, комуникациските вештини и критичко мислење. Врсниците придонесуваат за развојот на моралност, бидејќи децата имаат можност да се сретнат со правилата на општеството, но не диктирани од авторитети, туку како продукт кој произлегуваат од групното согледување (Farrington&Welsh, 2007).

### 3.2.4. Економска состојба

Бројни истражувања покажуваат дека во услови на економска криза во општетсвото и несигурноста кај граѓаните, криминалитетот расте, а посебно

се зголемуваат некои негови облици. Економската криза се карактеризира со тешки пореметувања, невработеност, намалување на стандартот на живеење на граѓанинот. Економската криза доведува до појава на семејни кризи, депресија, кражби, алкохолизам. Во тој случај значиетлно се зголемува и имотните деликти. Економските услови и несигурноста се главни причинители за деликвенцијата.

Сиромаштијата е еден од генераторите за деликвнетното однесување, особено кога станува збор за имотните деликти. Сиромаштијата е состојба кога недостасуваат основните можности за достоинствен живот. Сиромаштијата се манифестира на различни начини;

1. Глад и неухранетост, слабо здравје;
2. Ограничена или недоволна достапност до образованието и останатите услуги;
3. Зголемена смртност, вклучувајќи и смртност од болести;
4. Бездомништво и неадекватни станбени услови
5. Општествена дискриминација и изолација (Bujanovič, 2007).

### 3.2.5. Слободното време

Слободното време е период што се користи за одмор, рекреација, забава и социјален живот и за личен развој на поединецот. Овој фактор е значаен за развивањето и формирањето на зрела личност. Но и слободното време е и еден од факторите кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување. Неорганизираното слободно време, кај младите доведува до досада и барање на различни начини да ја надминат таа состојба. Младите најчесто слободното време го поминуваат на компјутер, пред телевизија, се собираат во кладионици, во кафулиња и диско-клубови. Присуството во кафулињата и диско-клубовите се ризични места за младите, бидејќи можат многу лесно да западнат на водите на зависностите, конзумирање на алкохол, психоптропни супстанции и др.

Во ситуации со неповолни околности, за да се избегне отуѓеноста и досадата, доаѓа до формирање на колективни групи кои покажуваат деструктивни однесувања-малолетнички банди. Слободното време влијае врз појавата на деликвентното однесување кај младите. Пред се деликвентноста кај младите е еден вид на игра и преминување преку досадата, таа ги

предизвикува младите личноста на авантура во услови на телесна и духовна пасивност која ги носи слободното време (Yörükoğlu, 1983).

### 3.2.6. Масовните медиуми

Животот на современиот човек не може да се замисли без масовните медиуми. Денеска сите деца и млади растат во средина која е опкружена со разни кабловски телевизии, компјутери, со интернет, весници, списанија и др. Влијанието на масовните медиуми врз децата и младите е многу голем. Покрај низата на позитивни и едукативни страни на масовните медиуми, преку презентацијата на насилни и агресивни содржини, медиумите претежно негативно влијаат врз растот и развитокот на децата и младите.

Телевизија и филмови го популаризираат „култот на хероите", кои промовираат правда преку физичка елиминација на непријателите. Многу истражувачи тврдат дека младите деца кои ќе видат насилство имаат тенденција да се однесуваат поагресивно или понасилно, особено кога ќе бидат испровоцирани. Ова главно се карактеристика за 8 до 12-годишни момчиња, кои се повеќе подложни на таквите влијанија. Преку медиумите насилството се манифестира на три начини. **Прво,** филмови кои демонстрираат насилство и агресивната енергија, можат лесно можат да ја пренесат во секојдневниот живот, туркајќи го поединец да се вклучат во физичка активност на улиците. **Второ**, телевизијата може да прикажуваат насилство извршено од страна на родителите или врсници (наметнување на санкции за неуспехот во учањето или за прекршување на некои правила или норми на однесување). Како резултат на тоа, децата постојано се изложени на насилство во различни ситуации и на бројни насилни акти во телевизија.

**Трето,** насилство прикажан во медиумите е нереална и има надреалистичка квалитет. Со текот на времето, телевизија предизвикува промена во системот на човечки вредности и индиректно ги води деца да го видат насилство како пожелна па дури и како храбар начин на обновување на правдата (Juvenile Deliqunecy, World youth report, 2003).

Истражувањата покажуваат дека децата кои гледаат емисии со агресивна содржина, каде се емитуваат насилни однесувања, често покажуваат различни облици насилни и агресивни однесување. Големо влијание врз децата имаат и рекламните пораки, кои влијае врз систем на вредности на децата и младите. Содржините на рекламите неповолно влијаат

врз децата, бидејќи детската природа неможат да направат разлика помеѓу вистинските-реални потреби и невистинските-нералните потреби. Преку рекламите се наметнуваат прозиводи кои претставуваат „статусен симбол„ како што се позната марка на облека, мобилни телефони, видео игри и др. Притисокот на рекламите ги тераат родителите да ги исполнат барањата на децата, доколку не успеаат, младите се обидуваат тоа да го добиат преку криминални однесувања и дејствија.

### 3.2.7. Воспитание

Неадекватните процеси на социјализација претставува многу значајна причина за појава на малолетничката деликвенција, а особено процесот на воспитување односно воспитна запуштеност. Воспитанието е значен услов на ориентација и однесување на детето и можна причина за појава на малолетничката деликвенција. Тоа, во позитивна смисла се подразбира правилен општествен и интелектуален развој на децата и воспитување на децата и младите. Воспитанието е процес на пренесување на културните примероци на поединецот и групите во развој и постапките на социјализација на личноста. Протекува во различни услови на социјалната средина, првенствено во семејството, училиштето и во социјалната средина на врсниците. Во текот на воспитувањето, личноста ги надминуваат егоистичната, егоцентричната и девијантната тенденции.

Девијантноста на однесување на младите може да биде последица од репресивниот начин на воспитување. Престрогото воспитување и казнување психички формира инвалидна, тешко прилагодлива, несигурна и депресивна личност. Односите во семејството и воспитувањето непосредно дејствуваат на правилно или деликвентно однесување. Секоја форма на криза во односите во семејството се одразува на емоционалниот развој на детето во разни видови на пореметувања и лошо однесување. Висок процент на малолетни деликвенти се пораснати во домови каде имало отсуство на родителска грижа односно отсуство на семејно воспитување.

На правилниот развој на младите личности непосредно се одразуваат и проблемите со воспитната содржина во училишните програми и влијанието на средината со која претежно сед вижат малолетниците.

Воспитната запуштеност се огледува во општетсвениот, интелектуалниот и моралниот развој на личноста. Со тој поим обично се

означува девијантното однесување на младите и истовремено укажување на неговата каузалност. Лишеноста од воспитна грижа и одсуството од воспитни мерки во процесот на развој на личноста на младите во литературите се дефинираат различно. Се дефинира како престапништво, пределиквенција, односно асоцијалност. Воспитната запуштеност е една од најзначајните фактори кои влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција. Овој фактор, се јавува како последица на делувањето на семејните причини, училиштето и средината каде живее-околината.

Состојбата на воспитната запуштеност кај деликвентната популација се решава со ресоцијализација, превоспитување со примена на соодветни восптни мерки.

# 4. УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНИЦИЈАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Училиштето е средина каде најефикасно можат да се обезбедат мерки за превенција, на примарна превенција (мерки за спречување на појавата на социјалниот проблем), секундарна превенција (мерки за рано откривање на социјалните проблеми кај учениците и нивните семејства) и терцијална превенција (мерки кои треба да се превземат во однос на учениците и семејства во целина, со цел да се ограничат штетните последици од настанатите социјални проблеми).

Училиштето има позитивно влијание врз формирањето на позитивни ставови и позитивно влијае врз целокупното воспитување на личноста. Некои велат дека во училиште се оди само за да знаат учениците таму, но тоа не е така, напротив во училиштето се учи за животот, се учи за почит и однос спрема и помеѓу луѓето, во исполнување на хуманата должност со која човекот не би бил човек. Но, сепак не можеме во целост да го обвиниме само училиштето, бидејќи не е мал бројот на деца кои одат во училиште со претходно лошо домашно воспитување, со веќе формиран негативен став спрема училиштето и наставниците, а тоа им е пренесено од дома.

За проучување на личноста на малолетното лице, предлагање на воспитната мерка, методиката и организацијата на работа со децата и во зависнот од имплицитните потреби на малолетниците за надминување на неповолната состојба, од голема улога имаат: наставниците, социјален работник, педагог и психолог.

## 4.1. Наставник

Улогата на наставниците во формирање на ставови кај децата е многу голем. Самиот поим наставник во педагошката литератира се дефинира како: „личност која ги остварува општествените цели и задачи на воспитанието, овозможувајќи им на учениците теориски и практични знаења и умеења, формирајќи кај нив правилен поглед на светот, развивајќи го нивниот карактер и црти на личноста, како и општествената активност", односно лице коешто ја изведува наставата. Наставникот е професионален во своето поле, со завршено соодветно образование, чија функција е да ги остварува целите и задачите на воспитно-образовната работа. Самата работата на наставникот е доста тешка, сложена, одговорна, но пред сè многу убава и значајна.

Размислувајќи за наставникот, за неговата работа и љубовта спрема децата, Л.Н.Толстој дошол до заклучок дека: „Ако наставникот ја сака само работата, тогаш е добар наставник. Ако наставникот ги сака учениците како татко или мајка, тој е подобар наставник од оној наставник којшто ги прочитал сите книги, но не ја сака работата, ниту децата. Кога наставникот ќе ја соедини љубовта спрема работата и љубовта спрема учениците – тогаш тој е совршен наставник".

Вистинскиот наставникот е личност со високи морални квалитети, пример за углед, идеал за поддржување и авторитет за почитување. Наставникот треба да има внимателен и хуман однос. Тој треба да ги сака децата, да го почитува нивното достоинство и пред се нивната личност. Односот помеѓу наставникот и ученикот треба да биде успешен. Помеѓу нив треба да постои меѓусебно разбирање и почитување, заемно задоволување на потребите. Наставникот во секоја ситуација треба да биде свесен за своето однесување. Доколу наставникот позитивно се однесува, доколу е заинтересиран, има голема самодовербата, има добар став на телото и држењето, има смирениот глас, сето тоа позитивно ќе влијае врз однесувањето на учениците

Дали ќе се намали деликвентното однесување или не, многу зависи и од дијалогот на младите со наставникот. Непрофесионаен и некоректен однос на наставникот кон ученикот, ако не се почитува личноста и достоинството на децата, се превземаат престроги казни, вербално се понижуваaат, се навредуваат, се само неколку фактори кои допринесуваат децата да бегаат од училиште и да имаат слаб успех. Наставникот покрај образовниот аспект треба да е добро педагошки подготвен. Големо внимание треба да обрне кон создавање на добра комуникација со ученикот. Доколку има добра комуникација која е поткрепена со доверба, наставникот може да му помогне на ученикот да се отргне од проблематичните однесувања. Доколку постои недоволната комуникација на ученикот со училиштето може да го наведе кон извршување на некое деликвентно однесување. Поголемиот број на ученици кои извршилие некое деликвентно однесување претежно се со неприлагоденост во училишната средина и со намален училишен успех. Во процесот на социјализација на ученикот, улогата и функцијата на училиштето е голема и значајна, покрај образовниот има голем придонес и кон психо-социјалниот развиток на ученикот. За правилниот раст и развиток

и за доброто воспитно-образовно развивање на ученикот треба да се запазува добрата комуникација, т.е. триаголникот училиште-ученик-родител (Gölcüklü, 2002).

### 4.2. Педагог

Педагошката работа и самата ангажираност на педагог во тимската работа со случај, е неопходна во сите фази на сложеност. Тој е еден континуиран процес на третман на децата на кои им е изречена воспитна мерка. Таа е условена, детерминирана и насочена кон основните потреби во дотичната фаза од третманот на малолетникот, а пред се кон потребите за соодветна заштита и ресоцијализација на малолетникот. Во фаза на проучувањето на случајот, дијагностичката фаза, педагошкото испитување, како и целосното мултидисциплинарно проучување на малолетниците е условено од потребите за донесување на соодветен заклучок за можните алтернативни решенија во постапката и за натамошниот третман. Работата на педагогот е да се изврши избор на најсоодветна воспитна мерка според потребите и можностите на детето. Педагошкото испитување е интегрален и функционален сегмент на мултидисциплинарното интегративно проучување во дијагностичката фаза од третманот на децата. Воспоставувањето на контакт и стекнувањето на меѓусебна доверба со детето, е основен услов и претпоставка, како во текот на испитувањето, така и во натамошниот третман. Затоа, при првиот контакт со детето, треба да се настојува да се постигне потребното ниво на квалитетни интерперсонални односи помеѓу педагогот и детето.

Со испитувањето на детето, со одредени контакти се приберат податоци и сознанија за него. Се добива слика за неговиот статус во семејството, каков е односот кон родителите, каков е нивниот авторитет, се набљудуваат неговите навики, се испитаат интелектуални способности, кои се интересите, способности, каков е воспитно-образовниот процес, каква е неговата социјализација и други значајни податоци и сознанија. За целосно и детално испитување на случајот, се прибираат податоци и сознанија од повеќе различни извори. За да ја оствари својата цел, педагогот воспоставува контакт и соработува и со родителите, семејството, другарите на испитаникот. Се обезбедат и приберат податоци и сознанија за брачните и семејните односи и функционирањето на семејството, какви се интерперсоналните односи и каков е нивниот квалитет, каков е родителскиот авторитет, каков е

начинот на воспитувањето на децата и како и дали се задоволуваат нивните потреби. Се опфаќаат и податоци во врска со однос на детето кон училиштето и учењето, за редовноста, за дисциплината и поведението и сл. Педагогот треба да оствари и непосредна комуникација-соработка и размена на информации за испитаниците со другите членови на стручниот тим. По завршувањето на фазата за прибирање на потребните податоци, педагогот пристапува кон анализирање и средување на прибраните податоци и информации. Врз основа на овие податоци, информации и сознанија за секој поединечен случај, педагогот изготвува педагошки наод и мислење, во кој се дава предлог-воспитна мерка. Од методите за испитување во дијагностичката фаза на прибирање на податоци, педагогот користи интервјуто и посматрањето (набљудување, надгледување, опсервација). Кога се користат овие методи треба да се јасно одредени, со содржина и цел што треба да се постигне.

### 4.3. Социјален работник

Откако ќе биде известен центарот за социјална работа, малолетникот со делинквентно поведение, детето создава контак со *социјалниот работник*. Задача на социјалниот работник е да го евидентира во регистарот на корисниците на социјална заштита и притоа да отвори досие за детето. По завршување на сите административни работи, социјалниот работник почнува кон прибавување на социјално-анамнестички податоци, кои се од голема важност за проучување на личноста на малолетникот, семејната средина и пошироката социјална средина. Овој процес опфаќа собирање на информации и податоци за растот иразвитокот на детето. Со запознавањето на малолетната личност се утврдувава растот и развој на детето, што фактички е резултат на био-психосоцијалните интеракции во животниот развој и во актуелната ситуација. Пред се се работи за меѓусебна поврзаност и интеракција на податоци. Со запознавањето на личноста на малолетникот од социјалниот работник не може да претставува само регистрирање на основни лични белези, туку и се определува и нивната условеност од срединските фактори. За да се формира објективно анамнеза, за следење на личните и ситуациските белези и односи кај малолетниот деликвент, се користат набљудувања пред и за време на актуелната ситуација или однесување.

Основните податоци за личноста на малолетникот, социјалниот работник ги добива од првиот разговор. Овој разговор се организира во

просториите на центарот. За социјалниот работник запознавањето на личноста на малолетникот, е специфична постапка во спроведувањето на анализата на случајот. Како помошно средство, најчесто треба да се користи периодизацијата на возраста и шемата на подрачјата. Од практични и теоретски причини, за позначајни возрасти во оваа ситуација, се смета раното детство, периодот на почетокот на образованието, потоа почетокот на пубертетот. Исто така се проучувааат и социјалните, педагошки, психолошки и медицински аспекти. Самиот социјален работник треба да оцени кои од ситуациите од овие фази и подрачја подетално ќе ги проучи и елаборира. Земајќи го во предвид одделни белези и карактеристики, односно да ги оддели настаните кои претставуваат позначајно отстапување во поведението на детето. Податоците кои се добиваат се користат за дијагностицирање на детето. Исто така се користат за утврдување на третман за превоспитување, односно одредување на прогноза на случајот.

Откако се добиваат и евидентираат добиените податоци, социјалниот работник  го посетува семејството и преку увид објективно да ги оцени условите за домување, кои се условите за учење и живеење на детето, со тоа да се утврдат потребите за обезбедување на елементарна егзистенција во случаите каде отсуствува. Со разговор со членовите на семејството, социјалниот работник добива податоци и информации за оние прашања кои не ги добил во текот на првиот разговор со детето или пак да ја провери точноста на добиените податоци. Предмет на запознавање на социјалниот работник во семејството на малолетникот се, економско-културните и воспитно-образовните прилики за неговите членови. Како методи на работа се користи аналитичка постапка. Односно социјалниот работни користи, метод на разговор, кој е однапред подготвен и има одредена цел. Исто така врши анализа на содржината на докуметите кој ги добива, ја набљудува, какви се условите на живеење, метод на синтеза на добиените податоци за целата постапка на проучување на случајот.

Стручниот наод и мислење социјалниот работник ги добива при запознавање и со проучување на случајот. Сите добиени податоци што ги добил ги обединува во една целина, во писмена форма, и со тоа се добива наод и мислење. Стручниот наод и мислењето е сложена задача на социјалниот работник, каде ги сумира сите добиени податоци во кој го опишува поведението на детето. Стручниот наод и мислење треба да содржи

и прогностички елементи, за видот на третманот, односно предлог за воспитна мерка која треба да се превземе.

### 4.4. Психолог

Со примената на психологијата во дијагностиката и третманот на малолетниците со делинквентно поведение е од голема значајност. Самиот процес опфаќа подрачја и содржини, чија елаборација е специфична, пред се, од аспект на специфичната дијагностичка и тераписка методика. Со примената на психолошките методи и техники, се утврдат развојните карактеристики на детето и да се објаснат кои се мотивационите аспекти на личноста на детето. Работата на психологот во дијагностичката фаза, опфаќа две глобални подрачја. Првото подрачје се однесува пред се на утврдување на интелектуалната и емоционално-социјалната зрелост, кои се мотивационите аспекти, односно динамиката на личноста. Второто подрачје пак се однесува на факторите на развојот и на агенсите на социјализацијата на личноста. Имајки ја во вид стратегијата на проучувањето на личноста, операционализацијата на подрачјата и содржините на стручната работа на психологот опфаќа утврдување на факторите на развој и социјализација на личноста, психодинамиката на семејните односи, каков авторитет преовладува во семејството, каков социјален круг има детето, кои му се врсниците, како го користи слободното, се анализира развојот на детето, низ развојни периоди. Секое психолошко испитување, се одвива етапно. Покрај тоа што се утврдуваат развојни карактеристики и објективно достигнатите статуси на одделните аспекти и особини на личноста, треба да се направат напори да се објаснат влијанијата на тие аспекти во етиологијата на престапното поведение на детето. Психологот користи разни методи и техники, скали, тестови за проценка на личноста на детето. При дијагностичката фаза се користат: контакт интервју, стандардизирано и структурирано интервју, проблемски насочено диригирано интервју и слободно недиригирано интервју. Методите на опсервација, можат да бидат користени во природна, но и исто така и во планирана и контролирана ситуација.

Психолозите на крајот од целиот процес на прибирање и анализирање на податоците дава психолошки наод и мислење. Во психолошкиот наод и мислење се дава општа импресија за испитаникот, каква е проценката за интелектуалните способности, социо-емоционалната природа на детето,

предлог за облици и мерки на ресоцијализација. Во фазата на извршување на воспитната мерка, психологот, покрај консултативното има и непосредно учество во третманот на малолетниците и на нивните родители.

Училиштето одсекогаш ја имало главната улога во образованието на децата и младите, додека родителите ја имаа клучната улога. Притоа училиштето со својот ригиден и нефлексибилен формат придонесуваше со текот на времето да се одалечи од своите ученици и воедно знчаително е ослабната образовната функција на училиштето. Од друга страна а генерално земено, родителите од поновата генерација фатени во современиот синџир на постојано брзање и постојано растечката конкуренција на секое животно поле, се повеќе се фокусираат на работа, дополнително образование, специјализација, пријатели, патување или пак се боратда сврзат крај со крај околу финансиите а се помалку се фокусираат на сопствените децаи нивните растечки и променливи потреби.

Овој и други фактори водат кон тоа да родителите постепено ја губат и влијанието и авторитетот врз сопствените деца. Исто така еден од најзначајните фактори за постепеното губење на поврзаноста помеѓу родителите и нивните деца е и новиот современ компјутерски свет. Значителен број од денешната младина е интензивно навлезен во компјутеризираниот свет, притоа градејќи нет-пријателства, нет-контакти и со тоа давајќи му се поголем простор за паралелниот компјутеризиран живот на сметка на односите со нивните родители и врсници пријатели од нивната средина на живеење. Зачестеното делување на младите и децата во компјутеризираниот свет покрај тоа што ја ослбанува релацијата со родителите и го ослабнува традиционалниот метод на учење застапени во и училиштата, дополнително влијание и за појава на новите претежно социјално проблеми (самоизолација, намалена комуникација со надворешниот свет, немање на пријатели надвор од нет-светот и др.), проблеми кои што за нивните родители не се целосно разбирливи поради фактот дека во нивно време не постоел компјутерскиот свет во ваква димензија. Во ситуација кога од една страна поради својата ригидност и неприлагодливост образовните институции ја ослабнуваат својата образовна димензија, родителите поради нивната „заробеност„ во современите обврски го губат својот авторитет и воспитна димензија а од друга страна децата и младите растат и живеат во нов, модерен, комјутеризиран свет со нови,

променливи предизвици се појавува зајакната потреба од медијатор во овој современ воспитно-образовен триаголник.

Младинските клубови како медијатори во современиот воспитно-образовниот триаголник помеѓу училиштето, родителите и учениците и неговата интегративна и медијаторска функција.

Од мноштвото дефиниции наједноставна и најприфатлива дефиниција за младинските клубови во западниот свет е дека тие се „места коишто овозможуваат активности за искористување на слободното време на младите, често поврзани со црковни движења или општински центри. За македонските услови може да се искористи дефиницијата „Триаголник-центар за неформално образование„ каде младинските клубови се дефинираат како „места каде младите имаат можност да се вклучат во различни активности во согласност со нивните потреби за лично и професинално усовршување. Од овие две дефиниции може да се согледа нелимитирачкиот карактер на младите клубови, односно оставањето на широк простор за секоја иницијатива којашто е фокусиран а на младите да си го најдат своето место. Младинските клубови може да ги фокусираат своите активности кон спорт и рекреација; надминување на проблемот со неписменост; потикнување на социјална инклузија на социјално изолираните и групите во ризик; органзирање на креативни работилници и работилници за интеркултурно учење, лидерство и ненасилна комуникација; активности за развивање и подобрување на самодовербата и комуникациски и социјални и одредени спецививчни професионални (компјутерски, презентациски исл) вештини; организирање на еколошки акции за подобрување на животната средина и сл.

Во новонсатанатат состојба во воспитно-образовниот процес младинските клубови се конципирани на принцип развивање на идеи и проекти базирани на потребите на младите во локалната заедница, би можеле и можат да ја одиграат улогата на медијатор во процесот на ревитализирање на односите во воспитно-образовниот триаголник. Служејќи како втор дом на учениците, младинските клубови претставуваат една средина како младите се стекнуваат со потребните разновидни вештини и знаења, а во исто време нудат простор каде младите би можеле да се обратат во секое време за споделување на нивните грижи и проблеми или иницијативи и идеи. Во клубовите има простор за отварање на досие за секој

член на клубот, досие преку коишто би се имало целосен увид во резултатите коишто ги постигнува ученикот на училиште, домашната ситуација, како и односите во неговата средина на живеење, односите со врсниицскладите. Преку досиеата би се следеле:

- Развитокот на ученикот во училиштето-преку имање на увид во успехот на ученикот и водење на разговор со наставниците минимум еднаш во текот на полугодието. На овој начин младинскиот работник и наставникот ќе имаат можност за размена на информации коишто би им служело за да изградат поцелосна слика за ученикот и полињата каде тој би можел , а треба да се подобри. Во исто време наставникот и младинскиот работник би имале можност за креирање на заедничка програма за понатамошен развој и напредок на ученикот.
- Односот на детето, младиот со семејтвото-преку неколку средби на годишно ниво со родителите (во зависност од нивната отвореност и подготвеност за соработка) младинскиот работник би се здобивал со дополнителни информации коишто би допринеле за оформување на целосна слика за капацитетите, потенцијалите и интересите на децата, младите а во истовреме би се следел и самиот нивни однос со родителите и потенцијалните предизвици со коишто би се соочиле во рамките на своето семејство.
- Односот на детето, младиот со неговите врсници-притоа посветувајќи вниманието коешто го има „средината„ врз него и потенцијалните ризици со коишто би се соочил или начинот на коишто детето, младиот би можел позитивно да влијае врз определени случувања во неговата средина. На овој начин покрај заштита на децата и младите од ризиците коишто ги носи нивната средина на живеење, младинскиот клуб создава и група на млади за поодршка на своите активности и превентивно делување по потреба доколку би насатанале проблеми од поголем карактер.
- Преку заемна соработка со наставниците и родителите, младинскиот работник да утврди одредени области во коишто ученикот, самостојно или заедно со родителите и наставниците би требало да работат. Преку заедничката соработка се утврдуваат приоритетите и амбициите на ученикот, потенцијалните проблеми со коишто ученикот се соочува како и начинот на нивно решавање. На пример, доколку ученикот има

проблем со определен предмет или со односот со некој наставник, би можеле да се утврди опрделена програма како ученикот би го надминал проблемот со наставниот предмет или преку взаемен разговор да би се надминал проблемот со наставникот. Исто така доколку се утврди дека детето има посебна желба или талент во некоја област, клубот може да послужи како медијатор за добивање на целокупната поддршка од родителите за реализирање на аспирациите и талентот.

## 4.5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШТАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА РЕД ВО УЧИЛИШТЕТО НО БЕЗ ЗАПЛАШУВАЊЕ

Основна цел за секој од целиот училишен персонал-наставник, педагог, социјален работник, психолог, во сите активности што ги преземаат, треба да се поттикнува позитивното однесување кај учениците. Со позитивно однесување кај учениците, целиот училишен персонал, ќе можете да воспостават ред во училиштето и на тој начин да се фокусираат на наставата. Освен тоа што ќе се обезбеди ефикасна настава и безбедно училиште, со ваквиот приод учениците ќе ги развиваат и вештините што им се потребни на учениците за одржување на добри односи и делотворно учење.

Со успешна примената на мерки за одржување на ред и дисциплина во училницата без употреба на заплашување, закани, понижување или физичка сила може да има големо позитивно влијание врз однесувањето на учениците.

**Училиштето треба да воспостави меѓусебна почит кон сите членови во училиштето**

Претежно наставниците и родителите се жалат дека учениците немаат почит кон возрасните. Почитта кон другите се гледа во прифаќањето на правата и одговорностите на другите. При коминикација таа се одразува во зборовите, ставовите, дејствата и однесувањето. Доколку кон учениците им се обраќаме со почит, доколку возрасните се однесуваат правилно и учениците ќе се определат за слично однесување, кога ќе треба да се разрешуваат меѓучовечки конфликти и тие ќе се однесуваат со почит. За да добиеме почит,

мора да покажеме почит, особено кон учениците. Во зависност од самата ситуација, ефективните наставници користат разновидни наставни методи и приоди.

### Училиштето треба да постави очекувања за однесувањето во училиштето

За развивање на добри односи за меѓусебна почит и соработка треба да се постават соодветни очекувања како и заедничка согласност и прифаќање на „стандарди за однесување". За поттикнување на позитивно однесување, правилата најдобро се поставуваат со **позитивна формулација – "ВАКА ПОСТАПУВАЈ" наместо "НЕМОЈ ТАКА".** На пример „Внимавај да дојдеш на време" наместо "Внимавај да не задоцниш". Треба да се има и заеднички прифатен и разбран кодекс на однесување, отколку само список на прекршоци и казни. Кога се поставуваат правилата прдеходно треба да бидат прифатени од целото училиште. Со вакви зеднички поставени правила ќе се воспостави заеднички јазик, и истовремено ќе се овозможи сите да ги разбираат потребите на другите.

### Училиштето треба да интервенира со решавање на проблемот веднаш кога се појавува проблемот

Кога во едно училиште ќе се појави некое насилството, или некое друго деликвентно однесување училиштето мора веднаш да и даде предност на ситуацијата. Наставниците и возраните треба да се посветат на дејствување веднаш штом ќе се се случи насилство и некое деликвентното однесување. Пожелно е да посвети внимание, како и да осмисли планска реакција за спречување и превенирање. За да се создаде позитивна клима во училиштето употребата на јазикот на возрасните има голем влијание. Возрасните и наставниците треба да внимаваат кои зборови ги употребуваат и со каков говорот на телото излегуваат пред учениците. За да се охрабрат децата да го користат просоцијален говор на возрасните и наставниците, возрасните можат да го дадат преку личен пример и да ги водат децата низ процесот на решавање проблеми.

Применувањето на говорот како алтернатива за решавање на насилни и деликвентни однесувања има големо значајност. Деликвентното однесување има многу облици, а јазикот на комуникацијата може да биде

невидлив нож, кој секогаш остава големи траги врз сеќавањето на ученикот. Употребата на соодветни зборови се клучни во развивањето на мисловните конструкции потребни за решавање на проблемите и, во комбинација со говорот на телото, можат да бидат пример на емоционална контрола за учениците. На пример при физички судир помеѓу децата, од пристапот на наставниците децата учат на различни модели на справување со ситуации. Самото водење низ процесот на емоционална контрола ,давање на емоционална прва помош во судирот, охрабрување дека децата сами можат да го решат проблемот се стратегии на наставниците со кои ги поучуваат во бихевиоралните, социјалните и емоционалните вештини.

**Училиштето секогаш треба да пристапува со фокус на „решението“ кога решавате некој проблем**

За да се поттикнат децата за решавање конфликтни ситуации не е неопходно исклучиво наставниците да ја разберат причината за бидејќи доколку се разговара за некој проблем често да има спротивен ефект. Пожелно е да не се зборува директно за проблемот туку да се истакне која би можела да биде промената. Од корист за наставниците се прашањата фокусирани на решенија:

- Како би изгледало решението?
- Што би требало да смените кај себе?
- Разјаснивме ли на кое прашање треба да се концентрираме?
- Кои се ситуациите во кои не се појавува проблемот?
- Кој е првиот чекор што може да се превземе?

**Училиштето да користи просоцијален јазик** “Наградувај”– не “санкционирај”

Секогаш примената на просоцијалниот јазик создава средина што го поддржува решавањето на конфликти. За да се промовира овој тип на однесување треба внимателно да се избрираат зборовите. Зборовите што ќе ги применува возрасниот треба кај децата да пробуди чувство на взамено почитување. Со самите зборови се создава средина што го поддржуваат разрешувањето конфликти без насилство. Во кои ќе може да се компензира за своите грешки. Еве еден пример и компарација на просоцијален и несоцијален јазик.

| **Просоцијален јазик** | **Несоцијален јазик** |
|---|---|
| **Избор и одговорност**: „Зошто се одлучи да го удриш?“<br>Од прашањево се гледа дека претпоставува дека имало елемент на избор и одговорност; тоа отвора врата за комуникација.<br><br>**Поддржувачки пристап**: „Ќе треба да се изолираш и да најдеш начин како да го решиш овој проблем“.<br>Ова имплицира дека детето може да го реши својот проблем и да добие помош ако му треба.<br><br>**Емпатија**: Како мислиш дека се почувствувала кога си ѝ го кажал/а тоа?<br>Оваа изјава отвора врата за детето да развие емпатија за другото дете и за комуникација.<br><br>**Решавање проблеми и компензирање:** „Што би можел/а да направиш за да се соочиш со предизвиков?“<br>Оваа изјава имплицира доверба дека детето може да го реши проблемот и да компензира за сторените дела. | **Обвинувачки**: „Зошто го удри?“<br>Ова прашање можеби содржи обвинувачки елемент што ги одбива децата и веројатно ја ограничува комуникацијата.<br><br>**Казнувачки пристапи**: „Ќе те казнам“.<br>Ова имплицира казна и ако се употребува премногу, може да предизвика желба за одмазда кај децата.<br><br>**Емоционално насилство**: „Види што направи, ја расплака“.<br>Обвинувачката природа на оваа изјава всадува чувство на вина кај детето или го прави дефанзивно и води кон омраза и кон затворена комуникација.<br>**Сарказам**: „Подобро смисли некое добро објаснување“.<br>Има елемент на сарказам во оваа изјава, а се имплицира дека детето не може да го реши проблемот. |

**Кога се интервенира треба добро да се размисли дали поседувате вредности, ставови и вештини да се справите со ситуацијата**

Кога наставниците и стручната служба работат со ученици што се насилни или агресивни, треба да ги водат низ низа предвидливи и познати последици. Притоа да обезбедат можности за решавање на проблеми, поставување цели, развивање вештини и компензирање. Вредностите,

ставовите и вештините потребни при работење со насилни ученици, вклучуваат:

- почитување–неутралност, грижа за човековото достоинство, јазик на почитување;
- емпатија преку разбирање на емоционалните вознемирувања, насилството, развојот на учениците;
- оптимизам – доверба во способноста на ученикот да ги надградува своите социјални и емоционални вештини;
- покажување смиреност, контрола и решавање проблеми;
- изведување на итно интервју – емоционална контрола, разјаснување на вредностите, решавање на проблемите, поставување цели, развивање вештини, последици и компензација;
- посредување;
- необвинувачки пристапи кон малтретирањето;

**Училиштето секогаш треба да има подготвени планови за реакција за да одржите постојаност во пристапот**

Училиштето треба да има план за реакција за да се одржи постојаност во реакциите и праведност кон учениците. Во моменти кога се појавува некое насилство или друго деликвенто однесување, треба секогаш да се преземаат постојани и итни мерки за спречување. Овие мерки треба да им се познати на наставниците, учениците и родителите. Децата треба веднаш се повлечат од конфликтната област, да се разговара со нив и навремено да се упатат во предвидените програми.

**Треба да им се даде шанса и да им се помогне на децата да ги поправат своите грешки**

Конфликтните ситуации се чести појави во училиштата. Кога ќе се случи правење штета или повреда, тогаш детето кое ги предизвикало треба да добие шанса за да ја поправи својата грешка. Цел на репаративниот пристап е да се поправи штетата предизвикана од конфликтот преку изнаоѓање взаемен прифатлив начин. Формалниот и неформалниот пристап подразбираат поправање на партнерството преку заедничко донесување одлуки за иднината на односот.

Конфликтот и несправувањето со него на време доведуваат до насилно однесување и деликвенто однесување кај децата. Основата за појава на насилното однесување е поврзана со психо-социјалното однесување и емоционалната состојба на поединецот. За да научат децата како да се справат со тешки ситуации и како да го разрешат конфликтот на конструктивен начин потребно да ги развиваат основните емоционални и социјални вештини.

- **Развивањето на основни емоционални вештини (справување со гнев):** Многу деца покажуваат насилно однесување затоа што не го контролираат својот гнев, или тешко им е да ја контролираат. Во такви случаи, што е типично, учениците можат или, гневот да го насочат надвор од себе (да се налутат за нешто што се случило дома, како на пример, конфликт меѓу родителите, или во училиштето, на пример, наставник што сметаат дека се однесувал неправедно кон нив, и да ја искажат лутината на „побезбедна цел"), што е типично за малтретирањето, или да го насочат кон себе (да ја затвори во себе, што предизвикува силни чувства на фрустрираност и омраза, или дури и самоповредување и самоубиствени идеи). Поради тоа, важно децата да се охрабруваат да ги споделуваат своите чувства и причините за нивните силни емоции со други луѓе или  да научат колку можат повеќе за гневот и како да се справуваат со него.
- **Развивањето на социјални вештини (одлучност):** Одлучноста е одлична вештина што учениците изложени на ризик од дискриминација, или кои се дискриминирани, да ја научат. Сепак, ова е вештина која треба да се користи само при справување со вербална агресија и малтретирање. Ако учениците ги малтретираат физички, треба да му кажат некому за тоа и да побараат помош. Основниот принцип на одлучноста како начин на справување може многу едноставно да се објасни. На учениците треба да им се објасни дека агресивните луѓе сакаат лицата што ги малтретираат да покажат незадоволство, сакаат жртвата да плаче, да се налути, да се разочара или да изгуби контрола. Сепак, ако можете да избегнете да изгледате разочарано, тогаш агресорот нема да го добие тоа што го очекува. Агресорот може на различни начини да се обиде да ве разочара, но ако жртвата може да не изгледа разочарано, тогаш агресорот најверојатно

ќе се откаже и ќе замине, или барем ќе замине и ќе малтретира некој друг. Дури и да е повредена жртвата однатре, добра идеја е сепак однадвор да изгледате како да се контролирате – на агресорот му се праќа пораката, „Не допираш до мене!"

Самиот зборот „одлучност" на децата може да им се објасни како грижење за себе без употреба агресивност или насилство. Кога на некој ќе му се каже дека некој треба да се грижи за себе, тогаш тоа треба да значи – да не се тепа физички со луѓе.

- **Предвидување и справување со конфликти и проблеми:** Конфликтите се насекаде околу нас. И кога сметаме дека не постојат, тие се присутни. Секој збор, секоја постапка може намерно или ненамерно да доведе до конфликтна ситуација во зависност од разбирањето на нештата што се кажуваат или прават меѓу децата, но исто така и меѓу возрасните. Од тие причини имајќи го тоа во предвид, предвидувањето на конфликтните ситуации треба да бидат дел од нашето размислување со цел навремено да се справиме со конфликтите и проблемите.

Дури и во најуспешните однесувања може да настане конфликт. Сепак, во повеќето ситуации имајќи ги во предвид техниките со кои може да се реагира и да се справиме со конфликтите, може да придонесат конфликтот да се претвори во нешто позитивно и продуктивно.

- **Животни вештини:** Постојат многу активности со кои преку нивно спроведување се делува превентивно во однос на појавата на конфликтни и насилни однесувања. Поконкретно работилниците од програмата за животни вештини се едни од нив кои нудат решенија и помош. Тие овозможуваат без „попување" со размислување и самодоживување од предвидените сценарија и ситуации да се корегира однесувањето.

Деликвентното однесување е еден од најсериозните проблеми кои го загрозуваа растот, развитокот, здравјето и добросостојбата, основните права на секое дете и е еден сериозен општествен проблем. Деликвентните однесувања се случуваат насекаде околу нас, во домот, во училиштата, во улиците. Секое дете има право да живее во една здрава и безбедна средина. Училиштата се комплексни организации, каде се исполнуваат повеќе функции. Училиштето има академска, образовна функција и

социјализирачка функција. Училиштето треба да ги негува академските постигања на учениците но треба да ги задоволува и низа други потреби од сложени, социјални и емотивни потреби, до основно потреби, како што е топлината и покривот над главата. Од училиштата се очекува да ја задоволат целата хиерархија на потреби на Маслов. Почнувајќи од основните до највисоките-потребата да се знае, да се испитува и да се разбира и на самоостварување.

Секое училиште, со целиот персонал заедно, ученик, наставник, стручна служба и родителите треба секогаш да работат заедно во совладување на сите препреки и пречки што се појавуваат. Училиштата треба да имаат добро осмислени акциски програми и планови за работа за спречување и превенирање од малолтничката деликвенција. Во секое акциско подрачје да има добро осмислена активност, со цел да им се помогне на учениците во совладување на проблемите што се соочуваат и одржувањето на похармонична интеракција со нивните соученици и наставниците. Со давање на јасни и добро осмислени  насоки на учениците коишто ги дополнуваат практичните активности на наставникот, може да се стимулира дијалог меѓу наставникот и ученикот. Активностите не претставуваат начин за спречување на малолетничката деликвениција во училиштата туку тие служат како помош за развој на ненасилна училишна култура и треба да бидат прилагодени на секоја училишна средина по  пат на постојан дијалог меѓу наставниците и учениците, како и директорот на училиштето, советниците, лидерите во заедницата и здруженијата на родителите. Позитивната, без казни и без насилство училишна средина им ги обезбедува правата на сите – како на наставниците така и на учениците.

## 4.6. АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

**Училиштето да застапува холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата**

Треба да се зборува со училишниот директор, стручната служба, колегите, учениците, родителите и водачите во заедницата за да се дојде до заедничко разбирање за проблемот на малолетничката деликвенција во. Наставниците немаат голем капацитет сами да  го спречат деликвентото

однесување во училиштата. Целата училишна заедница треба да се здружи за да постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека насилството, сексуалното малтретирање, малтретирањето и нетолеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Кога сите ќе станат свесни за различните начини на кои се појавува насилството, за неговото влијание и за луѓето коишто се загрозени, ќе биде многу полесно да се најде решение. Треба училиштето да развие план за акција во соработка со сите горенаведени субјекти, како и со здравствените стручњаци, спроведувачите на законот, бизнис и другите клучни групи во заедницата. Плановите за спречување на малолетничката деликвенција кои се развиени со широка консултација и соработка имаат повеќе шанси да успеат отколку оние што се изготвени од страна на само една група на професионалци. Училиште за да ги намали ризичните фактори, на пример треба да обезбеди добро осветлена физичка средина или ќе ги учите учениците во развивање на вештините за решавање на конфликтите без употреба на насилство. Како активност може да се примени: Да се замолат учениците да разговараат за малолетничката деликвенција, насилство еден со друг, со нивниот наставник и со стручната служба. Кој е загрозен и како? Кому во училиштето и во заедницата може да се обратите за помош? Да се направи список на лица и организации коишто можат да помогнат во спречувањето на училишното насилство и разговарајте на кој начин може да се дојде до нив.

**Училиштето да го вклучи учениците како партнери во спречувањето на малолетничката деликвенција**

Секое училиште треба да ги учи учениците за нивните права, како и за правата на нивните врсници, наставници, членовите на семејството и членови на нивната заедница. За да се совладаат овие теми правата и обрвските на децата и на возрсните, во училиштето може да се организираат разни дебати, играње улоги, игри и актуелни настани. Во сите нив учениците да се ангажирани да прават анализи и да го применуваат своето знаење за човековите права во реалноста на нивното училиште и заедницата. Да се разговара со децата за декларација за човекови права и Конвенцијата за правата на децата, да се обидат да изнајдат начин како правата на секое дете да биде почитуван и заштитен. Пожелно е и учениците самите да постават кодекс на однесување. Бидејќи заедничкото пишување на кодексот на

однесување ги става во јасна позиција правата и одговорностите на сите и го зголемува учеството на учениците. Како активност може да се примени: да се замолат учениците да разговараат со вас и меѓу себе за тоа што е деликвенто однесување, а што не е? Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Да предложат начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и да се промовира почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни.

**Училиштето да користи конструктивни дисциплински мерки и методи**

Кодексот на однесување треба да бидат позитивни, инструктивни и кратки. Кога се изготваат правилата, списокот треба да содржи најмногу пет или шест правила на однесувањењ. Списокот треба да биде едноставен и концизен. Правилата треба да бидат позитивно поставени, а не негативно, јасно да ги насочуваат учениците како да се однесуваат, а не како да не се однесуваат и да се внимава да не бидат спротивни на општата училишна политика. Секогаш да се применува позитивна поддршка. Секое конструктивно однесување треба да се поддржи преку контакт со очите, климнување со главата или со насмевка. Може да ги наградите учениците и со дополнителни кредитни поени или дополнителни пет минути игра на крајот на денот. За учениците особена награда е доколку пред нив спомените постигнат успех. Може да номинирате група којашто најдобро се однесувала таа недела и да го истакнете името на таа група на видно место во училницата. Кога се користат такви признанија тогаш тие треба да бидат директни и мали, но сепак наградувачки. Пожелно е да се користат дисциплински мерки што се поучни, а не казнени. И треба да сте сигурни дека кога применувате дисциплинска мерка кон некој ученик, таа мерка да биде фокусирана на лошото однесување на ученикот и влијанието на таквото однесување, а не на самиот ученик. Зависно од природата на лошото однесување некои дисциплински мерки можат да бидат следните:

• одвојте време по наставата или за време на одморот да разговарате за лошото однесување – зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи;

• побарајте од ученикот да се извини;

• сменете ги местата;
• испратете порака до родителите или посетете ги дома;
• анализирајте ја сериозноста на ситуацијата и, зависно од ситуацијата, одлучете дали ќе го пратите ученикот кај директорот на училиштето.
Како активност може да се примени: да се предложи на учениците да формираат клубови против малолетничката деликвенција. Можете да им помогнете да организираат активности за промовирање на мирна кампања и безбедна училишна средина за сите.

**Училиштето да биде активна и ефективна сила за запирање на малтретирањето**

Во училиштето да се работи заедно со наставниците, претставниците на учениците, училишниот кадар и членовите на заедницата за развој на заедничка дефиниција за малтретирањето за да можат сите да се залагаат за истите очекувања. Во малтретирањето спаѓаат:
• физичко малтретирање: удирање, клоцање, туркање, давење, боксирање;
•вербално малтретирање: заканување, исмејување, задевање, говор на омраза;
• социјално исклучување.
Постојано да се истакнуваат последиците од вербалната и физичката агресија. Ефективни последици:
• се мали, за да можат да се користат постојано;
• ја зголемуваат строгоста при повторувањето на агресивното однесување;
• се предвидливи и директни;
• се базираат на истите очекувања од сите ученици;

Треба да се поттикнуваат учениците да разговараат со наставниците и стручната служба, а исто така, треба да се работи со родителите, учениците и кадарот за да ги заштитите да не станат повторно жртва на малтретирање.

Да се поддржува подучувањето на набљудувачите да им кажат на возрасните, и га ги поддржуваат тие што се цел на малтретирање и да го спречат малтретирањето. Ова може да се постигне преку посредништво на соучениците и преку програмите за решавање на конфликти коишто ги обучуваат учениците да се поддржуваат, да ги пријават чиновите на малтретирање и учат стратегии за решавање на конфликти. Пожелно е да се одадете признание и благодарност на активностите на учениците што се

поддржуваат меѓу себе за да го спречат малтретирањето. Како активност може да се примени: да се замолат учениците да разговараат со наставниците и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство?

**Да се гради издржливост кај учениците и да се помогне за конструктивно да одговорат на предизвиците во животот**

Училиштето треба да има изработено добар акциски план каде ќе се нуди услови за градење на издржливост кај учениците и способност успешно да се справат со секојдневните предизвици, стресови и несреќи со тоа што ќе им помогнете да изградат позитивни односи со другите. Но за жал поголемиот број на училишта не изработуваат акциски план. Зголемената издржливост ја намалува можноста ученикот да реагира со насилство или да биде жртва на него. Наставниците коишто демонстрираат социјално, конструктивно однесување, ги насочуваат и нудат заштита, ја зголемуваат издржливоста на учениците со тоа што покажуваат позитивни, алтернативни начини со коишто може да се одговори на животните предизвици. Таквите наставници претставуваат модел за позитивни односи.

Училиште треба да има програма за образование за мир заради градење на вештини за решавање на конфликти. Програмите за образование за мир им овозможуваат на учениците да сфатат како настанува насилството, да развијат способности конструктивно да одговорат на насилството и да научат кои се алтернативите за насилство.

Стручните служби можат да ги поддржат учениците да се справат со тешкотиите во нивниот живот и да интервенираат превентивно. Тие можат да ги поддржат наставниците, училишниот кадар и учениците во спречувањето на и справувањето со насилството на начин што:

• ќе делуваат како посредници во ситуации коишто се чини дека ќе ескалираат во насилство;

• ќе помогнат да се постигне мирно решение пред една ситуација да прерасне во физичко насилство;

• ќе работат како со жртвите, така и со насилниците и ќе пружаат психосоцијална поддршка;

• ќе промовираат проактивни програми дизајнирани да решаваат прашања како што се малтретирањето, злоупотребата на дрога и активности на бандите.

Да се организираат игри со ученици за спречување на конфликти. Да се замолат учениците да одглумат една ситуација, како на пример „Што ќе се случи ако се соочиш со насилник? Што ќе направиш?" Преку создавајње реални ситуации учениците учат како да се справат со стресни, непознати или комплексни ситуации. Да се организираат игри во кои ученикот ќе игра нова улога, односно улога во која можат да се најдат другите ученици, со цел да се поттикне сочувствување, да зборуваат учениците за тоа како се чувствувале и кои решенија биле успешни. Да се учат учениците дека насилните дејства и зборови, без оглед колку и да се небитни, нема да се толерираат. Постојаното спроведување на дисциплински мерки по некој прекршок направен на училиште претставува јасна порака до учениците дека злоупотребата и непочитувањето на правата на поединецот е недопустливо.

Како активност може да се примени: организирање активности за играње улоги во кои учениците ќе глумат жестоки конфликти. Замолете ги учениците да разговараат за секој конфликт и да најдат начини за нивно мирно решавање.

**Училиштето да се залага за безбедносни механизми во училиштето**

Училиштето треба да има силно и ефективно раководство. Значајно е тоа да работи со наставниците и образовните власти за да се развие и имплементира политика со којашто се елиминира злоупотребата на сила, насилните активности во нивната почетна фаза и да се изгради заедница на доверба во училиштата. Училиште да востанови кодекс на однесување базиран на правата којшто го признава правото на секој да учи и поучува во безбедна училишна средина. Училиштето да се залага за механизми за пријавување што ќе ги поттикнат учениците да зборуваат за разните видови на малолетничка деликвенција. Секогаш училиштето треба сериозно да го сфаќа сите поплаките на учениците за било каква малолетничка деликвенција. Како активност може да се примени: да се предложи да се организираат сесии за разговор со наставниците, учениците, училишниот директор и стручната служба заради востановување на училиштен кодекс за однесување на сите во училиштето.

**Училиштето да обезбеди безбедни места и места каде што учениците ќе бидат добродојдени**

Секое училиште треба да спроведете вежби за мапирање со учениците за да ги идентификувате местата во училиштето коишто се безбедни, опасни и кога учениците се изложени на најголем ризик. Училишниот кадар треба, исто така, да биде запознаен за темните агли, лошо осветлените места, скалилата и тоалетите коишто се без надзор, а коишто претставуваат опасност за учениците од сексуална или физичка злоупотреба.

Училиштето треба да работи заедно со останатиот кадар училишните игралишта да бидат безбедни со тоа што ќе се обезбеди присутност на возрасни коишто ќе ги надгледуваат учениците. На учениците им требаат безбедни места за игра меѓу и по часовите. Како активност може да се примени: да се предложи да се започне кампања за безбедна училишна средина со тоа што ќе ги идентификувате местата во училишниот круг што се неосветлени и небезбедни.

**Училиштето да ги учи на децата за вештини за спречување на малолетничка деликвенција и решавање на конфликти**

Училиштето да го обучи својот кадар и персонал за решавање на конфликтите без насилство, за приодот на класното раководство базиран на човековите права и за образование за мир. Пожелно е да се користат техники за посредништво во конфликти и поучете ги учениците како да ги користат за решавање на сопствените конфликти.

Треба да се научат учениците на вештини за преговарање коишто ќе им овозможат:

(а) да го дефинираат конфликтот („За што се расправаме? Зошто и како се појави овој проблем?");

(б) да разменуваат ставови и предлози („Сметам дека треба да биде вака бидејќи...");

(в) да ја разгледаат ситуацијата од двете перспективи (на пример, преку играње на улоги или водење дебати);

(г) да одлучат за опции во кои и двајцата ученици ќе излезат како „победници" („Ќе се обидеме на твојот начин денес, а утре на мојот, па ќе видиме кој начин е подобар");

(д) да постигнат разумен договор.

# 5. ВИДОВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛИКТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД МАЛОЛЕТНИ ДЕЛИКВЕНТИ

Сите научни дисциплини кои се занимаваат со малолетничката деликвенција имаат ист став, дека малолетничката деликвенција битно се разликува од деликвенцијата кај возрасните. Малолетничкиот криминалитет видно е застапен во вкупниот криминалитет. Најчести вршени криминални деликти на малолетните деликвенти се: имотни деликти, деликти против животот и телото, сексуални деликти и сообраќајни деликти.

## 5.1. Имотни деликти

Имотни деликти се нарекува онаа група на кривични дела на кои им се загрозени личните права на граѓаните и другите правни субјекти. Овие деликти спаѓаат во групата на класичен криминалитет. По големината претставуваат најбројна група на кривични дела. Имотните деликти спрема видот можеме да ги поделиме на: класични деликти, деликти со елементи на физичко насилство, деликти без мотив. Во класичните имотни деликти спаѓаат сите видови на кражби и други облици на незаконско присвојување на туѓи работи. Најчесто кражбите се случуваат во трговските центри, во затворени простории а спрема начинот на извршување најбројнисе т.н. џебни кражби. Спрема видот малолетните деликвенти може да се поделат во професионални и непрофесионални видови.

Непрофесионални видови се сметаат повремените и пролазните случаи, авантуристичко однесување на малолетниците во кражбите на објекти со степен на помал ризик, а професионалните видови се оние чии кражби се вршат континуирано и се со мотив на користољубие.

За тешка кражба се смета кражба зад затворени врати, обивање или провалување, кражби за време на елементарни непогоди, како и кражби на опасен начин–кога покрај начинот на извршување на делото објективно би можел да биде загрозен и животот на други личности.

Деликтите на кражба, особено ситните и обичните се специфични по два битни фактори на влијание. Едниот се однесува на примарноста на појавата и почетоците на создавањето на криминалната кариера, а другиот се однесува на егзистенцијалната потреба т.е оние причинители кои ја навеле личноста на криминалитет поради сиромаштија и беда (Zveki, 2010).

## 5.2. Деликти против животот и телото

Сите облици на криминалитет се во одредена смисла насилство. Важни бележја на насилство се подлежноста кон иживување без одреден повод, принудување на друг да трпи такво однесување со што тешко се повредува неговото достоинство или се загрозува неговиот физички интегритет. Во деликти на насилство спаѓаат т.н. крвни деликти, повреда на телесното здравје (тешки и лесни телесни повреди) и други извршени деликти каде се применува сила. Под поимот крвен деликт се подразбираат кривични дела кои се насочени против физичкиот интегритет на личноста, деликти извршени со примена на сила и насилство (Gölcüklü, 1963).

Во оваа област спаѓаат сите облици на дела кои за последица имаат смрт или телесна повреда. Најтежок облик на крвен деликт се убиствата и тешките телесни повреди. Такви дела може да бидат извршени со различни средства: физички, психички, непосредно или посредно. Најтежок деликт од споменатите групи на кривични дела е убиството. Убиството е еден од најстарите човечки гревови. Кај сите убиства, насилството е доминантно средство но постојат и посебно тешки, квалификувани облици на насилство кои за последица имаат убиства на свиреп (мачење на жртвата ) и подмолен начин (убиство на дете, бремени жени и убиство на повеќе луѓе). Во крвни деликти се вбројуваат и сите облици на нанесување на телесни повреди, особено на тешки телесни повреди и повреди кои за последица имаат одреден степен на физичко оштетување, инвалидност или смртност. Покрај тоа и некој други деликти како учествување во тепачки со опасно оружје, насилство, напуштање на изнемоштени лица без помош во состојба кога им е загрозен животот и здравјето, наговарање на самоубиство се сметаат деликти кои непосредно или посредно имаат елементи на насилство.

## 5.3. Сексуални деликти

Сексуалната деликвенција е појава која ги преминува облиците на природно и доброволноста на партнерот во сексуалниот однос. Тоа е комплексна појава чија суштина произлегува од поединечното однесување на учесникот на деликтот и односот на жртвата. Кривичните дела против слободното одлучување за полови однос секогаш представувале појава со сериозна општествена реакција, но и проблем во кривично-правните системи. Специфичните фактори на оваа појава деликвенција, е во тоа што,

за разлика од другите облици во нив доминираат субјективни чинители, пред се причини поврзани со личноста на извршителот, додека социјалните фактори се појавуваат само во изборот на погодни услови за да се реализираат мотивите и целитена нивната морална изопаченост (Kunt, 2003).

Сексуалната деликвенција е претежно урбан феномен. Такви ставови наоѓаат основа и во статистичките податоци на регионално ниво, анализа на деликвенти во селски и градски, како и во традиционални патријахални и градски средини. Сексуалниот деликвент е во класификацијата на престапници, склон кон вршење кривични дела против половата слобода, условно речено посебен тип на криминална личност. За разлика од сексуално нормалните личности, сексуалните деликвенти се социјално неприлагодени личности, со недоволна сигурност во себе.

Сексуалниот насилник, за разлика од другите насилни деликвенти (убијци и разбојници) се разликува по некои психо патолошки карактеристики:

1. Пореметување на личноста
2. Висока базична агресивност
3. Антисоцијално однесување
4. Високо количество на алкохолол
5. Ретка мотивација на психолошката природа која не би можела да се контролира (Öter, 2005)

Набљудувајќи ги објективните критериуми на социјалните обележја и услови, сексуалните деликвенти спагаат во делот со изразени асоцијални склоности. Овој виден криминалитет најчесто е поврзан со урбаната средина, а субјективно со имиграцијата, нискиот образовен културен елемент со нагласена криминална кариера, затоа што пред сексуалните постапки почнува обично со некој друг дел, па дури исекој извршител на кривично дело од овој вид и има криминално искуство од друг вид.

### 5.4. Сообраќајни деликти

Сообраќајните средства, промет и учесниците во сообраќајот по последиците секогаш претставуваат латентна опасност на загрозување на општествените вредности. Видот на престапништва условен од користењето на сообраќајните средства и непридржувањето кон сообраќајните прописни

средства е и во феноменолошката смисла посебен вид наречен сообраќајна деликвенција.

Во најчести прекршувања на сообракајните деликти спаѓаат: непрописна брзина на возење на возилата, непрописно преминување, не држење на доволно растојание во колона.

Во најчести облици на сообраќајната деликвенција спаѓаат и кривични деликти, каде првенствено спаѓаат дела на загрозување на јавниот сообракај.

## 5.5. Колективен криминалитет кај малолетниците

Колективниот криминалитет кај малолетниците е многу по присутен отколку кај возрасните. Малолетниците многу често самостојно не прават кривични дела, но ги прават во соучество со други малолетници или полнолетни лица. Само во заедништво со група врсници доаѓа до деликвентно насочување на активностите на малолетната деликвенција, каде детето ја истакнува својата сила и храброст, не сака да се изложи на дискриминација и потсмев од своите врсници. Таквото однесување доведува до ризик на настапување на тешки дејсвија.

Во околу 50% од случаите малолетниците вршат кривични дела во помали или поголеми групи. Ова може да се објасни по природата на кривичните дела кои малолетниците најчесто ги вршат, како што се каражби на автомобили, станови, киосци, продавници и слично, бидејќи нивното извршување е олеснато низ учеството на повеќе лица и поделба на улоги.

Како причина за групното извршување на кривичните дела потребно е да се нагласат нивната нагласена потреба за дружење и социјална комуникација која поради различни причини не можат да ја реализираат во неделиквентна средина.

Групирањето на малолетниците е разновидно и многу динамично. Може да се појави случајно или планирано. Може да биде од еднократен или траен карактер. Степенот на внатрешната кохезија и организираност може да биде појак или трајно поврзан, во зависност од целта или плановите на групата, тоа се обични особини на малолетничките банди.

Причините на вкучување на малолетниците во малолетничките банди можат да бидат слабата поврзаност со семејството, слаба интеграција во воспитно-образовниот процес и сл.

“Малолетничките банди претставуваат посебен вид на престапничко

однесување, карактеристичен по специфичниот систем вредности и подкултури (организација, на животот, однесувањето, изразување на емоции), која ги издвојуваат и доведуваат во конфликт со општествените вредности и норми. Нив ги карактеризираат реализацијата на индивидуалните цели преку групно однесување. Во групата се стекнува углед и престиж, и изразуваат специфични облици солидарности (пријателство, колективен дух-солидарност и заедничко убедување) во реализацијата на криминалните цели. Малолетниците често вршат кривични дела во соучество со полнолетни лица.

Значаен проблем за општеството претставува е малолетничката деликвенција од причина што малолетниците, покрај тоа што се појавуваат како престапници во областа на дрогата, често се појавуваат поединечно или групно чинејќи најчесто кривични дела тешки кражби во која објекти на напад се работни простории, автомобили, станови и друго. Малолетниците кога извршуваат кривични дела се појавуваат сами или во групи со други, најчесто малолетни лица.

## 5.6. Повторништво-Рецидивизам

Во најголемиот број случаји на малолетничка деликвенција утврдено е да истиот малолетен извршител повторно да изврши кривични дела при што е зголемена општествената опасност, бидејќи рецидивизмот открива трајна неприлагоденост на чинителите на кривичните дела на општествената средина и нејзините норми.

Повратниците во криминалот воглаво се психопатски структурирани лица, често безчуствителни, егоцентрични, емотивно лабилни и впечатливи со изразено негативен однос кон работа и отсуство на работна навика.

Лицата во криминалниот повторништво се многу проблематичен дел на секоја деликвентна популација. Криминалниот повторништво кај пријавените деца и малолетници е појако изразен кај нецелосните семејства со низок економски и образуван статус. Тие семејства се оптеретени со проблемите на животната егзистенција, а располагаат со помалку можности и алтернативи за решавање на конфликтни состојби.

Следејќи ја состојбата на малолетничката деликвенција воочено е дека од месец на месец се појавуваат лица, повеќекратни повратници во извршувањето на кривичните дела, воглавно кривични дела против имот

(тешки кражби, кражби, обид за тешки кражби, разбојништво, итн,.)

Посебно загрижувачки факт е дека во извршувањето на кривичните дела се појавуваат и кривично неодговорни лица (деца под 14 години старост), кои се оддалечуваат од домот, а тоа нивните родители или старатели не го пријавуваат. Резулататите од бројните истражувања ги покажуваат основните причини кои се значајно поврзани со рецидивизмот на малолетникот. Тоа се:

- староста на малолетникот за време на првата осуденост;
- број на претходни приведувања;
- број на институционални сместувања;
- училишниот успех;
- однесување и присутност во училиште;
- конзумирање на средства на зависност;
- семејната стабилност;
- родителска контрола;
- врската со врсниците;
- агресивно однесување во училиште;
- негативниот притисок на врсниците;
- пореметување на вниманието и хиперактивно пореметување;
- прокриминални ставови и уверувања;
- личност и темперамент;
- антисоцијално однесување на родителите.

Стручњаците нагласуваат како употребата на средствата на зависност е значајна причина на рецидивизмот на малолетникот.

# 6. СОСТОЈБАТА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 6.1.Состојбите со малолетничката деликвенција во Република Македонија 2010 година

Малолетничката деликвенција, како дел од криминалот, преставува негативно и неприфатливо однесување на малолетните лица. Кое претежно се изразува низ конкретни инкриминирани дејствија на тие лица со кои ги пречекоруваат општествените стандарди, вредности и норми на однесување.

Неможноста да се задоволат нивните основни потреби, слабеењето на основната функција на семејството, тешкотии во емоционално и социјално созревање, недостаток на самопочитта, негативно влијание на врсници, желбата за доминација, непочитување на авторитети, како и неорганизирано користење на слободното време, т.е. нивно подолго и почесто престојување во просториите за забава и угостителските објекти каде се изложени на голем број негативни влијанија, допринесуваат за девијантното однесување. Во услови на недоволно воспитување, насочување и укажување на вистинските вредности, постојат реални предуслови, тие полесно да станат престапници.

Во текот на 2010 година се расветлени вкупно 14.540 кривични дела, од кои 2.136 се извршени од малолетници, со што учеството на малолетниците во вкупно расветлените дела изнесува 14,7%.

Една од основните карактеристики на малолетничкиот криминал е повторништвото, а потврда за истото е дека во 2010 година за извршените кривични дела се пријавени 3.415 малолетни сторители, од кои 2.974 или 87,1% се јавуваат како извршители на повеќе кривични дела. Од пријавените 3.415 малолетни сторители, 684 или 20% се на возраст до 14 години.

Од вкупно извршените 738 кривични дела на подрачјето на СВР Скопје, поголемиот дел се кривични дела од класичниот криминал - 725, од кои повеќе од половината односно 409 се тешка кражба, 173 кражби и 48 разбјништва, додека останатите кривични дела се помалку застапени. Во текот на 2010 година на ова подрачје малолетниците извршиле по пет кривични дела од областа на недозволената трговија и економскиот криминал и две кривични дела од областа на организираниот криминал, како и едно дело против државата.

На подрачје на СВР Скопје се пријавени 1.259 малолетници, од нив 338 се деца, од кои голем дел се повторници, пред сѐ на дела од областа на имотните деликти.

## 6.2.Состојбите со малолетничката деликвенција во Република Македонија 2011 и 2012 година

ЈУ Завод за социјални дејности–Скопје, согласно надлежности врши следење на социјалните ризици поврзани со Законот за правата на децата, односно децата/малолетниците во ризик и малолетните сторители на кривични дела, како и негова имплементација во системот на социјална заштита и примената на мерките на помош и заштита на оваа категорија корисници.

Оваа своја активност ЈУ Заводот за социјална дејност ја остварува преку редовна анализа на добиените месечни извештаи од центрите за социјална работа во Република Македонија. Предмет на овој извештај е согледување на состојбата на оваа категорија корисници во сите 30 центри за социјална работа во Република Македонија и анализа на преземените активности и дадените услуги на овие деца и нивните семејства за 2011 година.

Во текот на 2011 година на третман во Центрите за социјална работа биле видентирани 4084 деца/малолетници во ризик и малолетни сторители на кривични дела, од кои 2237 се повторници, односно веќе се евидентирани во претходните години, додека пак 1847 деца и малолетнице за прв пат се евидентирани во 2011 година.

Табела 1. Вкупен број евидентитани деца/малолетници во 2011 година:

| Добиени известувања и акти по кои постапувале Центрите за социјална работа во РМ | 2011 година |
|---|---|
| Дете во ризик (до 14 год.) | 238 |
| Помлад малолетник во ризик (од 14-16год.) | 248 |
| Постар малолетник во ризик (од16-18год.) | 448 |
| Малолетен сторител на кривично дело (од 14- 18год) | 1333 |
| Вкупно | 2267 |

Извор-Државен Завод за статистика, 2011 година

## Компаративна анализа по одредени индикатори

Во текот на 2011 година добиени се вкупно 2404 известувања/акти по кои постапувале центрите за социјална работа, а на третман биле евидентирани 4084 деца/ малолетници, од кои 1847 за прв пат се евидентирани во тековната година. Но, во 2012 година добиени се вкупно 3169 известувања/акти по кои постапувале центрите за социјална работа, а на третман биле евидентирани 3778 деца/малолетници, од кои 2059 се ново евидентирани. (Табела бр.2 и Табела бр.3).

Табела 2. Споредба на податоци за 2011 и 2012 година на малолетни лица сторители на кривични дела

| Година | Известување за деца во ризик до 14 години | Известување/акти за помлад малол во ризик (од 14 до 16 год) | Известување/акти за постар малол во ризик (од 16 до 18 год) | Акти за мало. Сторител на кривични дела(од 14 до 18 год) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 238 | 248 | 448 | 1333 | 2267 |
| 2012 | 394 | 316 | 589 | 1870 | 3169 |

Табела 3. Споредба на податоци за 2011 и 2012 година на малолетни лица сторители на кривични дела

| Година | За прв пат евидентирани деца/малолетници | Сите евидентирани деца/малолетници |
|---|---|---|
| 2011 год. | 1847 | 4084 |
| 2012 год. | 2059 | 3778 |

За двете години, забележлива е разликата во бројот на известувања/акти по кои постапуваат центрите за социјална работа и вкупниот број на децата/малолетниците кои биле на третман, а оваа состојба е поради фактот што дел од овие деца/малолетници се појавуваат на третман во центарот за социјална работа повеќе години наназад, заради спроведување на некоја мерка на помош и заштита или изречена санкција од страна на судот.

Разликата помеѓу двете години во делот на примени известувања по кои постапувале и вкупен број на деца/малолетници кои биле на третман во центарот за социјална работа, укажува на поголема примена на Законот за малолетничка правда и поголема интерсекторска соработка на сите вклучени страни. Доколку се споредат податоците од 2011 година и 2012 година за град Скопје, како најголема територијална урбана единица, со најголем број на жители и најголем број на евидентирани деца/малолетници и семејства кои биле на третман во центарот за социјална работа, евидентна е горенаведената состојба и тоа:

• во 2011 година центарот за социјална работа примил 251 изветување/акти, а во 2012 година 332 известувања/акти ;

• бројот на деца/малолетници за 2011 година кои биле на третман во центарот за социјална работа е 1052, а за 2012 година е 2848.

Забележлив е зголемениот број на деца/малолетници за 2012 година, кои се јавиле на третман во центарот за социјална работа, што е резултат на големината на градот, динамиката на урбаното живеење, отуѓеноста и поголемата изложеност на децата/малолетниците на социо-патолошки појави, заради полесната достапност и брзото ширење на асоцијалните трендови.

## 6.3. Состојбите со малолетничката деликвенција во Република Македонија 2013 година

Од извештај за примена на Законот за малолетничка правда и податоци за примена на мерките на помош и заштита од страна на центрите за социјална работа во Република Македонија ( април - јуни 2013 година ) се добиено следните податоци.

Заводот согласно законските надлежности врши следење на социјалните ризици поврзани со Законот за малолетничка правда, односно децата / малолетниците во ризик и малолетните сторители на кривични дела, како и негова имплементација во системот на социјална заштита и примената на мерките на помош и заштита на оваа категорија корисници.

Во перидот април-јуни 2013 година добиени се вкупно *888 известувања и акти* по кои постапувале центрите за социјална работа и тоа :

Табела 4. Податоци за 2013 година

| Добиени известувања и акти по кои постапувале Центрите за социјална работа во РМ | Добиени известувања и акти во април – јуни 2013 год. |
|---|---|
| Дете во ризик (до 14 год.) | 145 |
| Помлад малолетник во Ризик (од 14-16год.) | 118 |
| Постар малолетник во ризик (од16-18год.) | 190 |
| Малолетен сторител на кривично дело (од 14- 18год) | 435 |
| Вкупно | 888 |

Во центрите за социјална работа во перидот април-јуни 2013 год. била спроведена стручна работа спрема вкупно *2221 деца/малолетници*, од кои *531 ново евидентирани* во назначениот квартал.

Табела 5. Според категоријата и возраста на децата/малолетниците состојбата е следна :

| Спроведена стручна работа спрема деца и малолетници во ЦСР според категорија и возраст | Евидентирани деца и малолетници во претходните години, а со кои се работи во април-јуни 2013 год. | Ново Евидентирани деца и малолетници во ЦСР за прв пат во април-јуни 2013 год | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Дете во ризик (до 14 год.) | 159 | 117 | 276 |
| Помлад малолетник во ризик (од 14-16год.) | 157 | 100 | 257 |
| Постар малолетник во ризик (од16-18год) | 205 | 107 | 312 |
| Сторител на кривично дело (од 14- 18год) | 1169 | 207 | 1376 |
| Вкупно | 1690 | 531 | 2221 |

Извор-Државен Завод за статистика ***Извештај за примена на Законот за малолетничка правда и податоци за примена на мерките на помош и заштита од страна на центрите за социјална работа во Република Македонија,,*** ( април - јуни 2013 година )

# ВТОР ДЕЛ

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## ВОВЕД

Еден од најзначајните општествените прашање во светот и кај нас е малолетничката деликвенција. Со цел да се спречи или намали растот на малолетничката деликвенција, возрасните треба посериозно да се насочат кон изнаоѓање на начини за превенција и спречување на малолетничката деликвенција. Во оппттетсвото поединецот за да се прилогоди кон општеството мора да ги почитува и применува социјалните правила и норми. Преку процесот на социјализација децата од раѓањето треба да ги учи правилата на однесување.

Проучувањето и анализата во теорискиот дел на овој труд ни помага да можеме да прогнозираме дека девијантното однесување кај децата се шири со брзо темпо, загрозувајќи ја пред се младата популација. Совладувањето на оваа социјално негативна појава не е можна без следење на појавата од научно-истражувачки аспект. Процесот на социјализација најпрвин започнува во семејството. Семејството покрај тоа што му ги обезбедува потребите за биолошкиот развитокот, треба да внимава и на психо-социјалниот развиток на детето. Семејството на децата со девијантно однесување, но и неговото асоцијално поведение преставуваат значаен објект на проучување како од аспект за раното откривање, така и од аспект на третманот и сузбивањето на оваа негативна појава.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражувањето е испитување на тоа кои се најчести облици на деликвентното однесување, кои причините влијаат врз појавата на деликвентното однесување, дали социо-економските услови во семејствата, врсниците, училиштето и медиумите ја предизвикуваат оваа појава.

Проучувањето на социо-економските услови за живеење на децата со девијантно однесување, претпоставуваме дека е значаен фактор кој влијае за пораста на оваа негативна појава. Пред се се значајни ефектите дека транзицијата доведе до нови состојби како што е сиромаштијата, безработицата, кризите во семејството, бездомништвото, социјалниот живот воопшто. Овие услови препоставуваме дека се основа за појавата на девијантното однесување.

Предмет на истражување е и испитување колку е присутна малолетничката деликвенција, кои видови на малолетничка деликвенција се најчести, кои мерки треба да се превземат за негова превенција и спречување.

Девијантното однесување нема само негативни ефекти врз детето кое го врши кривичното дело, тука што таквите односите уште повеќе ја загрозуваат состојбата во семејството и средината. После спроведеното истражување може да се предложат мерки за превенција против малолетничката деликвенција за да се придонесе да сите агенси на социјализацијата помогнат во намалувањето на оваа појава.

Загрозеноста на оваа популација нужно ја наметнува потребата од проучување како на национално така и на интернационално ниво. Во тој контекст сметаме дека е значајно ова истражување. Предмет на проучување е *Влијанието на социо-економските услови во семејството врз девијантното однесување на децата.*

## 2. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оправданоста за реализација на истражувањето се огледа во целите и задачите. Во ова истражување главна цел е откривање и проучување на клучните агенси во доменот на социо-економските услови на живеење во семејството на децата со девијантно однесување, но и најкарактеристичните и најчестите појави во нивното асоцијално поведение. Добиените податоци очекуваме да создадат основа за подготовка на соодветни мерки за превенција и спречувањето на малолетничката деликвенција.

Научната цел на истражувањето е насочена кон стекнување соодветни факти, показатели и аргументи со кои ќе се збогати теоријата во доменот на девијантно однесување кај децата.

Со оглед на проблемите кои се почесто ги создаваат малолетните деликвенти, целта на оваа истражување ќе биде поврзана со повеке теми. Посебен акцент во истражувањето ќе се стави врз: причините поради кои децата се одлучуваат на криминално однесување, начинот на кој ги вршат криминалните дела, најзастапените кривични дела и мерките кои би требало да се превземат со цел искоренување на оваа појава.

Со оглед на тоа дека оваа негативна појава има инвазивен карактер, со непредвидливи манифестации, димензии и негативни стратегии, кои често треба и законски да се санкционираат, ја наметнува потребата од континуирано не само теренско, туку и научно следење и проучување.

Целта на ова истражување да се испитаат кои видови на деликвенти однесувања најчесто се застапени, и кои мерки треба да се користат за превенција и спречување.

Практичната цел на истражувањето да се проучат општите и посебните услови во семејствата на децата со девијантно однесување, причините и карактеристиките на девијантното однесување. Да се изгради систем од знаења кои ќе овозможат подобро познавање не само на личноста туку и на семејството и средината, за поуспешна соработка, контактите и комуникација. Исто така ова истражување очекуваме да помогне во детектирањето на проблемите кои водат кон асоцијално поведение.

**Задачи на истражувањето**

Од наведените цели произлегуваат следните задачи:

1. Кои видови на деликвентни однесување најчесто се присутни во нивната околина;
2. Колку деликвентното однесување е честа појава во нивната околина;
3. Што најмногу влијае врз појавата на малолетничката деликвенција;
4. Со кого ги вршат деликтите (сами, со врсници или со повозрасни);
5. Каковот е односот на училиштето и на персоналот спрема малолетничката деликвенција;
6. Дали учениците правилно го користат слободното време;
7. Како масовните медиуми влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција;
8. Кои мерки продонесуваат за намалување на малолетничката деликвенција.

# 3. ХИПОТЕЗИ

## Главна хипотеза

Главната хипотеза на ова истражување е дека малолетничката деликвенција е предизвикувана од низа социо-еконимско фактори.

## Подхипотези

1. Се претпоставува дека меѓу децата во нашето опкружување се среќаваат со различни видови на деликвентни однеусвања.
2. Се претпоставува дека материјалните услови во семејството влијаат врз појавата на деликвентното однесување.
3. Се претпоставува дека испитаниците почесто се дружат со малолетни деликвенти.
4. Се претпоставува дека неправилното користење на слободното време и гледањето на агресивно содржини на телевизија ги наведува децата да вршат деликвентни дејствија
5. Се претпоставува дека нашето општество (училиштето, центрите за социјална работа) не покажува доволно внимание и не превзема одговорности за спречување на деликвенцијата и за правилен развој на децата и младите.

# 4. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во ова истражување основна методолошка **техника** која ќе се користи е **анкетирање,** при што на систематски, економичен и релативно краткотраен начин ќе се дојде до мислење на испитаниците.

За да се испитаат ставовите на децата се користеше техниката анкета. Анкетата е најсистематична, кратктраен и економичен начин на собирање на мислење на испитаниците. Анкетирањето ќе биде анонимно. При составување на прашањето се водеше сметка да прашањата да бидат јасни, недвосмислени, прецизни формулирани. Анкетниот прашалник се состои од четири дела. Првиот дел е воведен кој содржи прашања за полот, возраста, национална припадност, место на живеење. Вториот дел содржи прашања за семејството, третиот дел е за образованието и четвртиот дел се однесува за

појавата која се истражува. Во четвртиот дел кај некои прашања се употребува дескриптивна 5-то степена скала на судови од Ликертовиот тип на скала.

## 5. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето е користен пригоден примерок од 94 ученици. Учениците се од 6, 7 и 8 одделение од основните училишта од општина Чаир на возраста од 13 до 14 години. Во општина Чаир има вкупно 9 основни училишта во кои учат деца од македонска, албанска, турска, босанска и ромска националност. Со истражувањето ќе се опфатат учениците од сите девет училишта. Во Општина Чаир се наоѓаат следниве основни училишта: ОУ "Тефејјуз", ОУ "Јане Сандански", ОУ "Конгресит Манастирит", ОУ "Лирија", ОУ "Цветан Димов", ОУ "7 Март", ОУ "Никола Вапцаров", ОУ "Рајко Жинзивов" и ОУ "Васил Главинов".

**Организација и тек на истражувањето**

Истражувањето започна со подготовка на идеен проект, а потоа следуваше период на спроведување на анкетирање. Во претходен разговор и договор со стручните лица од училиштата се издвоиа ученици кои покажале нарушено однесување. Анкетирањето се спроведе во месеците Ноември и Декември 2013 година.

Следеше постапка на анализа и обработка на податоците од анкетата и интерпретација на добиените резултати.

## 6. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

***Малолетничка деликвенција*** е неприлагодливо социјално однесување на млади деца кои вршат асоцијални, антисоцијалн, социо-патолошки и криминални однесувања.

***Социо-економски услови*** преставуваат основните елементи со кои се реализира социјалниот и економскиот опстанок и живеење на човекот.

***Семејството*** (Голубовиќ, 1981) преставува крвосродна социјална група на родителите и децата со сите аспекти на негов опстанок и функционирање, како во однос на социјалната структура, така и во однос на структурата на личноста.

***Асоцијално поведение***-прекршување на социјалните моралните и кривичните норми на однесување

***Училиште*** е средина по мерка на ученикот, таа е високобезбедна и заштитена, во неа нема вознемирување, насилство и злоупотреба на деца.

***Средина-место на живеење*** е фактор која опфаќа влијанија на средината на малолетникот, лошото друштво, улицата, како и неорганизирано користење на слободното време, т.е. нивно подолго и почесто престојување во просториите за забава и угостителските објекти каде се изложени на голем број негативни влијанија кои допринесуваат за девијантно однесување.

***Врсници*** се деца од иста социјална група, односно, вклучувајќи возраст, пол, сексуална ориентација, занимање, социо-економски и заеднички карактеристики.

***Медиуми или*** **Масовни медиуми** е термин кој најчесто се користи за да се означи оној дел од медиумите кои допираат до многу голема публика (обично, населението на една држава). Во медиуми спаѓаат радиото, телевизијата, весници.

# 7. ОБРАБОТКА, АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Со техниката анкетирање, што ја применивме во ова истражување, добивме податоци од испитаниците за тоа кои услови придонесуваат за појава на деликвентното однесување, да ја согледаме поврзаноста со нарушеното однесување и факторите кои придонесуваат за нивната појава. Анкетниот лист е конструиран само за потребите на ова истражување, почитувајќи ги поставените задачи и хипотези. Се водеше сметка прашањата да бидат јасни, недвосмислени и прецизно формулирани. Анкетниот лист се состои од прашања за општи податоци и прашања што се однесуваат на проблемот на истражувањето, преку кои ќе се потврдат поставените хипотези.

Истражувањето е спроведено во девет основни училиште од Оштина Чаир, во месец декември и ноември 2013/2014 година. Во овие училишта учат деца од македонска, албанска, турска, ромска и други заедници. Вкупно се опфатени 94 испитаник. Во првиот дел табеларно и графички се прикажани добиените резултати.

Во однос на примерокот вкупно 86 испитаници се од машки пол односно 91,5% од испитаниците, а само 8,5% се од женскиот пол односно само 8 испитаника (Табела 1. и Графикон 1.)

Табела 1. Структура на примерок по пол

| Пол | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Машки | 86 | 91,5% |
| Женски | 8 | 8,5% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 1.Структура на примерок по пол

Примерокот што е анкетиран во ова истражување 42,5% се ученици на 13 годишна возраст односно 40 испитаника, 36,2% се на 14 годишна возраст, 14 односно 14,9% се на 12 годишна возраст и само 6 т.е. 6,4% се на 12 годишна возрсат. (Табела 2. и Графикон 2.)

Табела 2.Структура на примерок по возраст

| Години | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| 12 години | 14 | 14,9% |
| 13 години | 40 | 42,5% |
| 14 години | 34 | 36,2% |
| 15 години | 6 | 6,4% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 2.Структура на примерок по возраст

Примерокот опфаќа испитаници од 6 до 8 одделение и тоа 52,2% ученици кои учат во 7 одделение, 40,4% се од 8 одделение, а само 7 ученика односно 7,4% се од 6 одделение. (Табела 3. и Графикон 3.)

Табела 3. Структура на примерок по одделение

| Одделение | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| 6 одделение | 7 | 7,4% |
| 7 одделение | 49 | 52,2% |
| 8 одделение | 38 | 40,4% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 3. Структура на примерок по одделение

Со ова истражување беа опфатени училишта каде учат ученици од различни заедници. Со ова истражување се опфатени 70,2% ученици од албанска заедница, 12 ученика или 12,8% од турската заедница, 8,5% од македонската заедница. 5 испитаника односно 5,3% од ромската заедница и 3 т.е. 3,2% од босанска заедница. (Табела 4. и Графикон 4)

Табела 4. Структура на примерокот по национална припадност

| Националност | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Албанец/ка | 66 | 70,2% |
| Турчин/ка | 12 | 12,8% |
| Македонец/ка | 8 | 8,5% |
| Ром/ка | 5 | 5,3% |
| Босанец/ка | 3 | 3,2% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 4. Структура на примерокот по национална припадност

Во однос на социјалните примања од анкетираните, 59,6% се со парична помош односно 56 од анкетираните а 38 испитаник или 40,4% не примаат парична помош. Од податоците може да се заклучи дека економската состојба на оваа група на испитаници се од понизок економски статус. (Табела 5 и Графикон 5)

Табела 5. Корисници на парична помош

| Парична помош | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 56 | 59,6% |
| Не | 38 | 40,4% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 5. Корисници на парична помош

Поголемиот дел од испитаниците потекнуваат од семејства каде има повеќе членови. 85 испитаник односно 90.4% имаат браќа или сестри а само 9 испитаник или ,6% немаат браќа или сестри. (Табела 6. и Графикон 6.)

Табела 6.Браќа/сестри

| Браќа/сестри | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 85 | 90,4% |
| Не | 9 | 9,6% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 6. Браќа/сестри

Од испитаниците 48,9% децата потекнуваат од семејства каде месечниот приход е од 7,100 до 10.000 денари месечно. 28 или 29,8% се со месечен приход од 5.000 до 7.000 денари и само 21,3% се со месечне приход над 10.000 денари месечно во нивното семејство. (Табела 7. и Графикон 7.)

Табела 7. Месечен приход на семејтвото

| Месечен приход | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **5.000 до 7.000 ден** | **28** | **29,8%** |
| **7.100 до 10.000 ден** | **46** | **48,9%** |
| **Над 10.100 ден** | **20** | **21,3%** |
| **Вкупно** | **94** | **100,00%** |




Графикон 7. Месечен приход на семејството

Од вкупно 94 испитаник 68 односно 72,3% од испитаниците живеат под ќирија со нивното семејство, а само 27,7% живеат во нивен сопствен дом. (Табела 8 и Графикон 8)

Табела 8. Станбен статус на испитаниците

| Станбен статус | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Сопствено** | **26** | **27,7%** |
| **Под ќирија** | **68** | **72,3%** |
| **Вкупно** | **94** | **100,00%** |



Графикон 8. Станбен статус на испитаниците

Во однос на бројноста на собите што ги имаат поголемиот дел односно 50,0% од испитаниците живеат во куќа со две соби, 32,9% се во една соба а само 17,1% од испитаницте живеат во куќа со три соби. (Табела 9 и Графикон 9)

Табела 9. Број на соби во домот на испитаникот

| Број на соби? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Една соба** | 31 | 32,9% |
| **Две соби** | 47 | 50,0% |
| **Три соби** | 16 | 17,1% |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |



График 9. Број на соби во домот на испитаникот

Од вкупно 94 испитаника 43 испитаник т.е. 45,7% се ученици со добар успех во училиштете, 23 испитаник или 24,5% сомногу добар успех, 17

испитаника или 18,1% се со одличен училишен успех и 11 ученик или 11,7% се со доволен успех. (Табела 10 и Графикон 10)

Табела 10. Училишен успех

| Училишен успех | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Одличен** | 17 | 18,1% |
| **Многу добар** | 23 | 24,5% |
| **Добар** | 43 | 45,7% |
| **Доволен** | 11 | 11,7% |
| **Недоволен** | / | / |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |




Графикон 10. Училишен успех

На прашањето „Дали бегаш од часови?“ дури 53,2% или 50 ученика бегаат од часови, 44 испитаника или 46,8% не бегаат од часови. (Табела 11 и Графикон 11).

Табела 11. Бегање од часови

| Бегање од часови | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Да** | 50 | 53,2% |
| **Не** | 44 | 46,8% |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |




Графикон 11. Бегање од часови

Како причина за нивното бегање ги наведуваат следните причини: 48 испитаник односно 51,1% поради досада, 27 испитаник или 28,7% за да шетаат со другарите и 15,9% или 15 испитаника за да оди на интернет кафе, а само 4 испитаника или 4,3% од испитаниците бегаат од часови за да одат да работат. (Табела 12 и Графикон 12)

Табела 12. Причини за бегање од часовите

| Зошто бегаш од часовите? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **За да шетаат со другарите** | 27 | 28,7% |
| **Од досада** | 48 | 51,1% |
| **За да работам** | 4 | 4,3% |
| **За да одам на интернет кафе** | 15 | 15,9 |
| **За да играм во кладионица** | 0 | 0,00% |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |




Графикон 12. Причини за бегање од часовите

Од анкетираните се доби податок дека 56,4% или 53 испитаник биле вклучени во некоја тепачка, само 41 или 43,6% од анкетираните не биле вклучени во некоја тепачка.(Табела 13 и Графикон 13).

Табела 13. Вклученост на испитаникот во тепачка

| Дали се бил вклучен во некоја тепачка? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 53 | 56,4% |
| Не | 41 | 43,6% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 13. Вклученост на испитаникот во тепачка

Дури 88,3% или 83 испитаник носеле нож или друго средство во училиште, а само 11 или 11,7% од анкетираните не носеле нож или друго средство во училиште. (Табела 14 и Графикон 14)

Табела 14. Носење на нож или некое друго средство во училиште

| Дали си носел нож или некое друго сресто во училиште? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 83 | 88,3% |
| Не | 11 | 11,7% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 14. Носење на нож или некое друго средство во училиште

На областа околу посветување на грижа, испитаниците сметаат дека училиштето не покажува доволно внимание и не се грижи за нив доволно. Дури 81 испитаник или 86,2% од испитаниците мислат дека училиштето не се грижи за нив. Само 13 или 13,8% мислат дека училиштето се грижи за нив. (Табела 15 и Графикон 15)

Табела 15. Грижа на училиштето за учениците

| Дали училиштето се грижи за тебе? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 13 | 13,8% |
| Не | 81 | 86,2% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 15. Грижа на училиштето за учениците

Од севкупниот училишен персонал само 30,8% или 29 испитаник и мислат дека класните раководители покажуваат грижа за нив, 24 испитаник или 25,5% наставниците се грижат за нив, 23 испитаник или 24,5% стручната служба(педагог и психолог) а 13 испитаник или 13,9% мислат дека никој од училишниот персонал не грижат за нив. (Табела 16 и Графикон 16)

Табела 16. Кој од училишниот персонал се грижи најмногу за учениците

| Кој од училишниот персонал се грижи најмногу? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Наставниците | 24 | 25,5% |
| Класниот раководител | 29 | 30,8% |
| Педагог/психолог | 23 | 24,5% |
| Директор | 5 | 5,3% |
| Никој | 13 | 13,9% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 16. Кој од училишниот персонал се грижи најмногу за учениците

На прашањето „Како училишниот персонал реагираат на вашето однесување?" 63 или 67,1% од анкетираните се изјасниле дека училишниот персонал ги опоменуваат и советуваат, 15 или 15,9% ги праќаат кај директорот, 8 или 8,5% казнуваат, 8 или 8,5% од анкетираните мислат дека го критикуваат нивното однесувања. (Табела 17 и Графикон 17)

Табела 17. Како училишниот персонал реагираат на вашето однесување

| Како училишниот персонал реагираат на вашето однесување? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Опоменуваат и советуваат** | 63 | 67,1% |
| **Казнуваат** | 8 | 8,5% |
| **Критикуваат** | 8 | 8,5% |
| **Не праќаат кај директорот** | 15 | 15,9% |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |




Графикон 17. Како училишниот персонал реагираат на вашето однесување

Во однос на користењето на слободното време претежно испитаниците го користат за да играат разни игри на компјутер дури 55 или 58,5% од

анкетираните , 35 или 36,2% од испитаниците гледаат телевизија, само 5 или 5,3% се шетаат во слободното време. (Табела 18 и Графикон 18)

Табела 18. Активности кои ги обавува ученикот во слободното време

| Што правиш во слободното време? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Гледам ТВ | 34 | 36,2% |
| Играм на компјутер | 55 | 58,5% |
| Се шетам | 5 | 5,3% |
| Просам | / | / |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 18. Активности кои ги обавува ученикот во слободното време

Дури 74 или 74,5% од испитаниците сметаат дека гледањето на агресивни содржини од телевизија ги наведува да прават лоши работи(тепање, крадење идр) а само 20 или 25,5% мислат дека гледањето на агресивни содржини од телевизија не ги наведува да прават лоши работи (тепање, крадење идр) (Табела 19 и Графикон 19)

Табела 19. Гледањето на аргесивни содржини од телевизија ги наведува да прават лоши работи (да крадеш, да се тепаш и др)

| Дали гледањето на аргесивни содржини од телефизија те наведува да правиш лоши работи (да крадеш, да се тепаш и др)? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 74 | 74,5% |
| Не | 20 | 25,5% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 19. Гледањето на аргесивни содржини од телевизија ги наведува да прават лоши работи (да крадеш, да се тепаш и др)

Дури 74 или 78,7% од испитаниците се дружат со деца и млади кои прават проблеми во нивната околина, 20 или 21,3% од испитаниците не се дружат со деца кои прават проблеми во нивната околина. (Табела 20 и Графикон 20).

Табела 20. Дружење со деца кои се проблем во околина

| Дали се дружиш со деца кои се проблем во твојата околина? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 74 | 78,7% |
| Не | 20 | 21,3% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 20. Дружење со деца кои се проблем во околина

На прашањето доколку во нивната средина има деца или млади кои прават проблеми ќе се дружат или не: 67 или 71,3% од испитаниците ќе се

дружат, 14 или 14,9% нема да се дружат со тие деца, 13 или 13,8% ако мораат ќе се дружат со тие деца или млади. (Табела 21 и Графикон 21)

Табела 21. Присуството на деца кои прават проблеми во училиште или средина на испитаникот

| Ако во твоето училиште или средина има деца кои прават проблеми дали ти: | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Ќе се дружам | 67 | 71,3% |
| Ако морам ќе се дружам | 13 | 13,8% |
| Нема да се дружам | 14 | 14,9% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 21. Присуството на деца кои прават проблеми во училиште или средина на испитаникот

На прашањето кои облици на деликвентното однесување на младите најчесто се присутни во нивната околина, испитаниците требаше на се определат на скала од 1-најмногу застапен до 5-најмалку застапено однесување. Спрема мислењето на испитаниците крадењето е најчест облик на деликвентно однесување. Овој облик на однесување е застапено со 31,9%. На втро место се рангира просењето со 23,4%. Може да се забалежи дека со 28,7% присутно е и коцкањето. Додека најмалку е застапено бегањето од дома со 54,3%. (Табела 22 и Графикон 22)

Табела 22. Облици на деликвентно однесување присутни во околина на испитаникот

| **Кои облици на деликвентно однесување се присутни во твојата околина?** | **Ранг 1** | | **Ранг 2** | | **Ранг 3** | | **Ранг 4** | | **Ранг 5** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | F | % | F | % | F | % |
| Крадење | 30 | 31,9% | 22 | 23,4% | 13 | 13,9% | 8 | 8,5% | 21 | 22,3 % |
| Малтретирање | 9 | 9,6% | 14 | 14,9% | 18 | 19,1% | 14 | 14,9 | 39 | 41,5 % |
| Коцкање | 15 | 15,9% | 16 | 17,1% | 27 | 28,7% | 9 | 9,6% | 27 | 28,7 % |
| Бегање од дома | 9 | 9,6% | 8 | 8,5% | 8 | 8,5% | 18 | 19,1% | 51 | 54,3 % |
| Просење | 22 | 23,4% | 19 | 20,2% | 12 | 12,8% | 11 | 11,7% | 30 | 31,9 % |




Графикон 22. Облици на деликвентно однесување присутни во околина на испитаникот

Дури 42 или 44,7% од мислењето на испитаниците наведени еликвентни однесување се чести појави во нивната околина, 38 или 40,4% од испитаниците мислат дека овие појави се ретки, а 14 или 14,9% од испитаниците сметаат дека нема деликвентно однесување во нивната околина. (Табела 23 и Графикон 23)

Табела 23. Деликвентното однесување (малтретирање, крадење, просење) се присутни во околината на испитаникот

| Колку деликвентното одeнсување(малтретирање, крадење, просење) се присутни во твојата околина? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Често | 42 | 44,7% |
| Ретко | 38 | 40,4% |
| Нема | 14 | 14,9% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 23. Деликвентното однесување (малтретирање, крадење, просење) се присутни во околината на испитаникот

Поголемиот дел од испитаниците, 61 односно 64,9% сметаат дека деликвентното однесување почнуваат на возраст од 13-15 години, а 23,4% од испитаниците мислат дека над 15 години, а само 11 или 11,7% од испитаниците мислат дека на 10-12 години децата почнуваат да вршат деликвентни дејствија. (Табела 24 и Графикон 24)

Табела 24. Возраст на децата кога започнуваат да се однесуваат деликвентно

| На која возраст децата почнуваат да се однесуваат деликвентно? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| На 10-12 год | 11 | 11,7% |
| На 13-15 год | 61 | 64,9% |
| Над 15 год | 22 | 23,4% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 24. Возраст на децата кога започнуваат да се однесуваат деликвентно

Дури 44,7% од испитаниците како причини за појава на деликвентното однесување ги наведуваат односите во семејството. На второ место се рангира со 39,5% лошото друштво, а на трето место се рангира училишниот успех со 29,8%, на четврто место со 27,8% масовните медиуми, на петто место со 9,5% желбата за истакнување (Табела 25 и Графикон 25).

Табела 25. Фактори кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување

| Што најмногу влијае врз појавата на деликвентното однесување? | Ранг 1 | | Ранг 2 | | Ранг 3 | | Ранг 4 | | Ранг 5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | F | % | f | % | F | % | f | % | F | % |
| **Односите во семејството** | 42 | 44,7% | 17 | 18,1% | 13 | 13,8% | 5 | 5,3 % | 17 | 18,1% |
| **Училишниот успех** | 28 | 29,8% | 24 | 25,5% | 23 | 24,5% | 10 | 10, 6% | 9 | 9,6% |
| **Лошото друштво** | 37 | 39,5% | 21 | 22,3% | 19 | 20,2% | 8 | 8,5 % | 9 | 9,5% |
| **Желба за истакнување** | 9 | 9,5% | 18 | 19,1% | 21 | 22,3% | 21 | 22, 4% | 25 | 26,7% |
| **Масовните медиуми** | 26 | 27,7% | 10 | 10,6% | 19 | 20,2% | 18 | 19,1 % | 21 | 22,4% |




Графикон 25. Фактори кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување

Поголемиот дел од испитаниците, 43 испитаници односно 45,7% најчесто деликвентните дејсвија ги вршат со врсниците, 26 испитаник односно 27,7% сами, а 25 ипситаник или 26,6% прекршоците ги вршат со повозрасни лица. (Табела 26 и Графикон 26)

Табела 26. Изведувањето на деликвентните однесувања (малтретирање, крадење, просење и др)

| Со кого ги вршат деликвентните однесувања?(малтретирање, крадење, просење идр) | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| **Сами** | 26 | 27,7% |
| **Со врсниците** | 43 | 45,7% |
| **Со повозрасни лица** | 25 | 26,6% |
| **Вкупно** | 94 | 100,00% |




Графикон 26. Изведувањето на деликвентните однесувања (малтретирање, крадење, просење и др).

Која мерка ќе допринесе за намалување на деликвентното однесување испитаниците на прво место го рангираат дури со 60,6% јакнењето на улогите во семејството, потоа доаѓа со 46,8% подобрување на економскиот статус во оштеството, со 43,6% строги полициски мерки, и со 41,5% соодветни педагошко-психолошки мерки. (Табела 27 и Графикон 27)

Табела 27. Мерки кои допринесуваат за намалување на деликвентното однесување

| Која мерка допринесува за намалување на деликвентното однесување? | Ранг 1 | | Ранг 2 | | Ранг 3 | | Ранг 4 | | Ранг 5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | F | % | F | % | F | % |
| **Јакнењето на улогите во семејството** | 57 | 60,6% | 14 | 14,9% | 9 | 9,5% | 3 | 3,2 % | 11 | 11,7% |
| **Педагошко-психолошките мерки** | 39 | 41,5% | 23 | 24,5% | 18 | 19,1% | 9 | 9,6 % | 5 | 5,3% |
| **Строги полициски мерки** | 41 | 43,6% | 19 | 20,2% | 21 | 22,3% | 8 | 8,5 % | 5 | 5,4% |
| **Подобрување на економскиот статус** | 44 | 46,8% | 24 | 25,5% | 13 | 13,8% | 4 | 4,3 % | 9 | 9,6% |
| **Сите наведени мерки** | 37 | 39,4% | 38 | 40,2% | 7 | 7,4% | 3 | 3,2 % | 9 | 9,6% |




Графикон 27. Мерки кои допринесуваат за намалување на деликвентното однесување

Само 13 или 14,8% од испитаниците сметаат дека деликвенцијата не е опасна општествена појава, а 81 односно 86,2% испитаника сметаат дека деликвенцијата е опасна општествена појава за младите и општеството во целина.(табела 28 и Графикон 28).

Табела 28. Мислењето на испитаникот дали деликвентното однесување е опасна општествена појава

| Дали сметаш дека деликвентното однесување е опасна општествена појава? | Фреквенција | Проценти |
|---|---|---|
| Да | 81 | 86.2% |
| Не | 13 | 14,8% |
| Вкупно | 94 | 100,00% |




Графикон 28. Мислењето на испитаникот дали деликвентното однесување е опасна општествена појава

Поголемиот дел од испитаниците се изјасниле дека деликвентното однесување е штетна општествена појава. Најчести видови на деликвентно однесување се крадењето, просењето, бегањето од училиште, коцкањето.

Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека деликвентното однесување е честа појава во нивната околина.

Поголемиот дел од испитаниците смеатаат дека ќе се дружат со деца кои се склони на деликвентно однесување а помалиот дел сметаат дека доколу мораат ќе се дружат со деца деликвенти.

Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека деликвентните дејствија ги вршат со врсниците а помалку сами или со поголеми врсници.

Поголемиот дел смета дека децата почнуваат да се однесуваат деликвентно на 13-15 години.

Причината за појавата на деликвентото однесување го гледаат во лошите семејни односи, во лошата економска состојба, лошото друштво и влијанието на масовните медиуми.

Поголемиот дел од испитаниците, како мерка за намалување на деликвентното однесување ги наведуваат јакнење на семејните односи, подобрување на економска состојба, психолошко-педагошки мерки.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој дел од трудот ќе бидат презентирани заклучоците кои се однесуваат на истражувачката хипотеза и подхипотези, со обид за објаснување на добиените резултати. Главната хипотеза на ова истражување е:

**ГХ малолетничката деликвенција е предизвикувана од низа социо-економски фактори.**

### Подхипотези

**Х1. Се претпоставува дека меѓу децата и младите во нашето опкружување се среќаваат со различни видови на деликвентни однесувања**

Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека малолетничката деликвенција е присутна во нивната околина. Спрема мислењето на испитаниците најчести облици на деликвентно однесување кои се среќаваат децата во секојденвниот живот се крадење, бегање од училиште, коцкање, просење и малтретирање. Дури 44,7% од испитаниците сметаат дека малолетничката деликвенција е честа појава во нивната околина. Со ова се потврдува **првата подхипотеза** дека децата и младите се среќаваат често со различни видови на деликвентно однесување.

**Х2. Се претпоставува дека материјалните услови во семејството влијаат врз појавата на деликвентното однесување**

Семејството, е прва средина на социјализација. Истражувањето кое се направи покажа дека сите деца кои покажале нарушено однесување потекнуваат од семејства во кои има проблеми и нарушени услови за живеење. Од испитаниците 59,6% примаат парична помош, односно економска состојба на испитаниците е од понизок економски статус. Исто така 90,4% од испитаниците живеат во семејства со повеќе брака или сестри. Секое нарушување на тие семејни односи претставува ризичен фактор за децата кои живеат во такви дисфункционални семејства. Нарушените семејни односи, посебно ако се проследени и со сиромаштија, невработеност, необразованост, отсуство на комуникација помеѓу членовите во семејството,

честопати ги наведуваат децата кон нарушено однесување, а тоа претставува прв чекор кон деликвентно однесување. Од добиените податоци може да потврди и **втората подхипотеза** дека дисхармоничните односи во семејството највеќе влијае врз појавата на деликвентното однесување.

### Х3. Се претпоставува дека испитаниците почесто се дружат со малолетни деликвенти

Врсниците е еден од факторите кој влијае врз појавата на малолетничката деликвенција. Релативно е висок бројот на испитаници кои се изјасниле дека се дружат со деца кои прават проблеми во нивната околина. Дури 78,7% од испитаниците се изјасниле дека дружат со деца кои прават проблеми во нив ната околина, само 21,3% се изјасниле негативно. На прашањето „Ако во твоето училиште или средина има деца кои прават проблеми дали ти ќе се дружиш?“ 71,3% се изјасниле дека се дружат само 14,9% нема да се дружат. Со ова се потврдува и **третата подхипотеза** дека испитаниците се дружат со малолетни деликвенти.

### Х4. Се претпоставува дека неправилното користење на слободното време и гледањето на агресивно содржини ги наведува децата да вршат деликвентни дејствија

Од добиените податоци може да се види дека испитаниците неправилно го користат слободното време. Денешната младина претежно слободното време го користат претежно за интернетот и агресивните игри. Дури 58,5% од испитаниците слободното време го користат за да играат игри на компјутер или 36,2% од испитаниците гледаат телевизја. Додека 74,5% од испитаниците сметаат дека гледањето на агресивни содржини од телевизија ги наведува да прават лоши работи, како на пример тепање, крадење и др. Од ова може да се заклучи дека неправилното користење на слободното време и гледањето на агрсесивни содржини од телевизија ги наведува да вршат деликвентни дејствија. Од добиените податоци може да се потврди и **четвртата подхипотеза.**

**Х5.Се претпоставува дека нашето општество (училиштата, центрите за социјална работа) не покажуваат доволно внимание и не превзема одговорности за спречување на деликвенцијата и за правилен развој на децата и младите.**

Поголемиот дел од испитаниците 44,7% сметаат дека односите во семејството, потоа лошото друштво дури 39,5%, влијаат врз појавата на деликвентното однесување. Како мерки за намалување на малолетничката деликвенција испитаниците се изјасниле дека 60,6% од испитаниците сметаат дека јакнењето на улогите во семејството, 46,8% подобрување на економскиот статус, строги полициски мерки и 41,5% подобрувањето на педагошко-психолошките мерки се мерки кои треба општеството да ги превземе со цел да се намали деликвентното однесување. Со овие податоци се подврдува **петтата подхипотеза** дека општеството не покажува доволно внимание и не превзема одговорности за негово спречување. Треба да посвети големо внимание и да превземе соодветно мерки и напори во изнаоѓање на соодветни мерки и програми. Општеството треба да ги отстрани тешкотиите и недостатоците во самиот процес на нивната социјализација, да ги јакне врските во општеството, да ги вклучува младите во разни видови образовно-едукативни активности и работилници.

Бидејќи генерално се подврдуваат сите подхипотези во ова истражување, генерално е потврдена **главната хипотеза** малолетничката деликвенција е предизвикувана од низа фактори, од психолошка и социолошка природа.

## ПРЕПОРАКИ

Превенцијата претставува основна алатка за намалување на малолетничката деликвенција. Кога се зборува за превенција, се мисли на мултисекторски интердисциплинарен пристап во градењето стратегии за превенција на малолетничко престапништво. Кое пак има за цел да ги идентификува факторите на ризик кои влијаат врз неговата појава, но и врз факторите кои е неопходно да се зајакнат со цел заштитната околина да доминира и тоа да го превенира.

Најефективното средство за намалување на бројот на деца во судир со законот е превенцијата. Превенцијата на криминалитетот во етимолошка смисла потекнува од латинскиот збор **„preaventire"**, што во превод значи спречување на нешто несакано. За разлика од репресијата, превенцијата претставува средство за борба против деликвенцијата што е насочено кон отстранување на причините, условите и факторите кои го предизвикуваат и кон спречување на нивното настанување во иднина.

Првите идеи за превенција на криминалитетот се јавуваат во 19. век во Франција, во времето на големите општествени движења од страна на француските енциклопедисти пред револуцијата. Се јавува како резултат на воспоставување на буржоаската држава и слабеење на црковната власт. Како фактори за појава се истакнуваат: општиот развој на општеството, материјалното богатство, личната слобода и личната самоиницијатива на поединците во општеството, и сè поголемото влијание на науката не само во природно-научните области, туку и по прашањата на широко општествено значење, а со тоа и врз криминалитетот. Меѓутоа, во тој период терминот превенција се употребувал да ги означи чисто репресивните мерки (како специјална и генерална превенција).

Движењето „од казнување кон превенција" претставува движење од реактивна кон превентивна контрола на криминал. За превенцијата да добие поголема тежина влијаеле неколку фактори како што се: зголемувањето на криминалот превенција значи интервенција - да се делува превентивно значи да се интервенира на одреден начин и со одредени средства. Меѓутоа, клучниот момент на определување на терминот превенција е содржан префиксот ПРЕ, што значи пред манифестирање на одредени непожелни појави.

***Општа превенција*** - означува влијание на граѓаните, а посебно на младите, да не прават кривични дела. Ова се постигнува со предизвикување на страв кај луѓето од казните предвидени во законите за инкриминираните однесувања.

***Специјална превенција***-спречување на сторителот на кривичното дело повторно да стори исто или друго кривично дело.

Превентивните мерки што се преземаат пред извршувањето на деликти, односно антиделиктните мерки, се означуваат со заедничко име „мерки на примарна превенција". Целта на овие мерки, се состои во спречување, оневозможување, предупредување за однесувањето на младите. Таквата цел превенција може да ја постигне ако со нејзините мерки се дејствува во правец на отстранување или сведување на минимум на социјалните и другите објективни фактори кои влијаат за криминално однесување на младите или до други облици на престапничко однесување, и ако со тие мерки истовремено се придонесе за развивање и формирање на такви морални, општествено-политички и други позитивни карактеристики на младите, чии својства ќе ги направат отпорни кон сите предизвици за нивна криминализација.

За да биде постигната превенција на малолетничкиот криминалитет, потребно е воведување на таква пракса што се постигнува само во здравите средини, во секојдневните примери на едно морално семејство, морални примери во градинките, училиштата и општеството во целина кое мора да води постојана грижа, да делува воспитно и да ја спроведува превенцијата од најмалата возраст кај младите, а не само кога се забележи нарушен психосоцијален развој кај децата. Праксата покажува, а искуството нè учи, дека раната детекција, дијагностицирањето на нарушувањето, воведувањето на воспитни и корективни мерки со односот кон децата кај кои се забележува кршење на општествените норми и склоност на девијантно однесување, даваат задоволителни резултати.

**Препораки за превенција од малолетничката деликвенција**

За превенцијата од деликвенција најпрвин треба идентификување на ризични индивидуи и нивните средини, потоа отстранување на факторите на ризик. Најлогичното место за почеток за напорите за превенција е семејството.

- Во првите години од детството треба кон децата да се однесува доследно, да се интевенира при опасни однесувања. Родителите треба да бидат доследни и при примената на дисциплинските мерки;

- Треба да им се задоволат основните потреби на децата, но не да се пречокорува;

- Играта има голема улога во процесот на социјализација на децата. Играта го учи детето за соработувањето, ги учи правилата за заедничко живеење. Ова е причината зошто децата треба да им биде дозволено да играат доволно, но треба да им се помогне во изборот на соиграчи;

- Децата многу ги имитираат однесувањата на родителите, родителите се модели за децата. Не треба да се покажува агресивно однесувања во присуство на децата, да не се користат лаги;

- Да се изгради фамилијарна кохезивност и демократски однос родител-дете; преку поминување на заедничко време секоја ден за учење или забава со детето и внимателно слушање на дете. Родителите треба да бидат водичи на своите деца, да го поминуваат слободното време заедно, да читаат книги, да помогаат при домашните работи и обврски, да гледаат телевизија, да им помагата и при избори. Ако ТВ сериите покренуваат агресија тогаш родителот треба да забрани следење на такви содржини и да им се објасни за негативните страни и последици и да дискутираат заеднички;

- Да се набљудуваат активностите на детето: секогаш прашувајте каде оди, со кого се дружи и кога ќе се врати назад;

- Поставете логични правила за однесување според возраста на вашето дете и потоа применете последици соодветни за возраста, фер и доследни кога правилата се прекршени. Запознајте ги пријателите на вашето дете и семејствата на тие пријатели;

- Користете демократски стил на родителство преку дозвола да биде слушнат гласот на вашето дете, слушајте со почит кога зборува вашето дете и постојано поставете добар контакт со очите;

- Предложете помош и покажете грижа околу образованието на детето и неговото однесувањето во училиште. На крајот на секој ден прашајте што не било во ред во училиште и кои проблеми се случиле;

- Зборувајте му на вашето дете за притисокот од врсниците и физичките и емоционални промени што се очекуваат во текот на тинејџерските години. Смирено објаснете што очекувате од вашето дете во насока на соодветно однесување;

- Бидете добар пример помагајќи му на вашето дете во донесувањето на добри одлуки : помогнете му самиот да носат добри одлуки и покажете му на вашето дете како да ги оцени последиците на планираните однесувања;

- Да се користат логични последици (наместо казна) во примената на дисциплината. На пример ако детето нашкртало на ѕидот за него логична последица би била да го изриба ѕидот, исчисти и обои. Треаба да се избегнува секаков вид на физичка казна. Кај злоупотребуваните деца се развива чувството за непријателство;

- Да се запишете детето во некој младински рекреациони активности, воспитно-образовни работилници, спортски клубови во училиште и спортски програми;

- Доколку во периодот на детството се оформи еден пријателски дијалог помеѓу родителите и децата, овој дијалогот треба да продолжи во периодот на адолесценцијата за да може полесно да се разрешат некои дилеми и проблеми. Предходно родителите треба добро да го познаваат своето дете, да му ги знаат неговите способности, интереси, да им нудат услови за развивање на своите сбособности;

- Со детето треба да се постапува , правично, без разлика кое е тоа дете, каде живее, што работат родителите, кој јазик го зборува, од која вероисповед е, што мисли или изјавува, дали е машко или женско, богато или сиромашно;

- **Најважно од се родителите треба децата да си ги сакаат, да се грижат за нивниот правилен психофизички развој и меѓусебно да се почитуваат.**

Училиштето како втор фактор во процесот на социјализација има големо влијание врз децата и младите. Но нашите училиштата не ги исполнуваат очекувањата и потребите на децата, не им нудат доволни интересни и прилагодливи содржини, ниту ги подготвуваат за превземање на одговорности и улоги во општетството. Поради тоа бегањето од часови е еден од најчестите видови на деликвентно однесување кај децата. А тоа е еден предзнак дека децата имаат потреба од помош. Доколу не се превземаат навремени мерки децата и младите ќе почнат да вршат и други деликвенти дејствија, напуштање на училиштето, бегање од дома, кражби, просење, алкохолизам, наркоманија и насилничко однесување. Неопходно е училиштата навремено да превземаат мерки да ги препознаваат децата во ризик и да им понудат помош, да комуницираат по пат на дијалог. Во наставата треба да се вметнат содржини од основите на меѓусебната комуникација, процес на донесување на одлуки, рационално решавање на конфликти. Задачата за социјализацијата на училиштето воглавно се исполнува во училницата.

**Препораки за наставникот**

- Наставникот претставува многу добар водич и модел во развивањето на ученикот во групата;
- Како со правдата така и со довербата наставникот претставува модел во училницата;
- Наставникот додека го обезбедува интегритетот во училницата, исто така претставува почит што се заснова врз љубов. Наместо да ги потенцира недостатоците и недоволните страни на ученикот треба од неговиот успех да направи појдовна точка,исто така треба да внимава да не споредува во училницата, и да не користи понижувачки зборови;
- Наставникот за ученикот треба да биде модел за идентификација како приврзан, разумен, либерален, интелектуален и личност што ја следи еколошката ефикасност;
- Наставникот има улога на подучувач како најдоминантна обврска на наставникот или задача на пренесеувач на знаења и вештини;
- Наставникот има улога на поттикнувач на интесот и мотивацијтаа за учење и добро однесување;

- Наставникот има улога на креатор и регулатор на социјани интеракции, односно на добра интеракција и соработка ученици, родители, наставници и други субјекти во/вон училиште;
- Да се биде наставник освен стручноста и професионалноста од него се бара да биде близок со децата, другарски и благ однос, да биде смирен, правичен и истраен;
- Добар наставник треба да ја почитува личноста на детето;
- Наставникот, треба да биде индивидуа што ќе ги знае особините и проблемите на адолесценцијата како и ќе се фокусира на посебните проблеми на адолесцентот;
- Во случај кога детето извршува кривично дело (како кражба, лажење) треба колку што е можно навремено да се разговара со него, да му се објасни дека тоа што го прави е погрешно, и истото да не се изложува на другите. Исто така треба да се разоткрие главната причина за стореното дело. Ако не се отстранат причините, однесувањето преминува во навика. Спознавањето на причините и нивното отстранување го олеснува решавањето.

Значаен фактор за спречување на малолетничката деликвенција се и **центрите на социјална работа**. За успешна делување на центрите за социјална работа, мора да постои соработка со родителите и училиштата. Министерството за труд и социјална политика, треба да се насочи кон развивање на долгорочен акциски план за институционално јакнење на центрите за социјална работа, како со финансиски така и со човечки ресурси. Подобрување на техничката опременост и институционалните капацитети во рамките на центрите за социјална работа (овозможување на соодветна просторија за работа со деца, компјутер, возила и сл.)

Заради правилно и ефикасно преземање на мерки за превенција, рано откривање, пријавување, проценка и давање на соодветен третман и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на казнени дела во Република Македонија, потребно е донесување на Протокол за постапување на сите органи кои работат во делот на малолетничката правда, со што ќе се зајакне меѓуресорската соработка меѓу надлежните министерства и институции, како на национално, така и на локално ниво. Неопходно е поврзување на центрите со локалната заедница, со училиштата и стручната работа на

професионалците во училиштата, тесна и координирана работа со здравството, полицијата и слично. Вклучување на стручните лица од установите во кои се извршуваат воспитните мерки во специјализираните обуки за малолетничка делинквенција.

Важна улога во спречувањето на деликвентното оденсување имаат и **полицијата и судовите**. За да успешно делуваат овие институции неопходно е да се избегнуваат класичните кривични процедури, и почесто да ангажираат стручни лица, психолог, психијатар, социјален работник, кои повеќе ќе се посветат на барањето на причинта и отстанувањето на причините на малолетничката деликвенција, а помалку ќе користат санкции и репресивни мерки.

**Јавни обвинители**

По пријава за сторено кривично дело од дете, јавниот обвинител може да поведе кривична постапка пред надлежниот суд или може:

1. Да одлучи да не поведе постапка и детето да не се најде пред суд.
2. Условно да го одложи поведувањето на постапката.
3. Да не поведе постапка доколку посредувањето кое го водел Центарот за Социјална работа е успешно.
4. Да предложи на судот мерка општокорисна работа за детето како замена за санкција.
5. Јавниот обвинител има надлежност да иницира постапка за медијација помеѓу детето и оштетениот.

**Рецидивизам се намалува значително кога случаите се пренасочуват кон алтернативните мерки или медијација**

**Медијација**

Медијацијата може да се примени за сторени кривични дела и/или прекршок за кои е предвидено казна затвор до 5 години. Јавниот обвинител или судијата може да го упати случајот на медијација: јавниот обвинител пред започнување на судската постапка, а судијата до завршување на главниот претрес во рамки на судската постапка. Медијацијата може да се спроведе само откако ќе се добие доброволна согласност од двете страни, сторителот на делото и жртвата. Медијацијата ја врши овластен медијатор кој поминал обука за работа со деца. Доколку медијацијата е успешна,

постапката против малолетникот запира. Јавниот обвинител или судот ја потврдува спогодбата.

**Судии**

Судска постапка против малолетник, по правило, се поведува само доколку малолетникот е осомничен за сторено кривично дело за кое е предвидена казна затвор од три години и повисока казна. Сепак, судот може да постапува доколку целта на мерките и санкциите не може да се постигне без соодветна (судска) постапка. Во предмети каде осомничен/обвинет е малолетник, смее да постапува само суд(ија) за малолетници. Кога ќе утврди дека Програмата изготвена од Центарот за социјална работа не се спроведува поради несовесно однесување на родителите, судијата за малолетници има можност да им определи парична казна.

Постапката за малолетници е итна. Судот може да изрече санкции само за деца над 14 години. Деца под 14 години не подлежат на санкции. Доколку судот утврди дека малолетникот нема наполнето 14 години, ја прекинува постапката. Кога му се суди на малолетник, јавноста треба да биде исклучена. Треба да се гарантира дискреција. Информации (пр. името и ликот) за малолетникот не смеат да бидат објавени во ниту една фаза на постапувањето. Малолетникот може да биде испитуван само во присуство на адвокат. Судијата може да определи притвор за малолетник само по барање на јавниот обвинител и по претходно добиено мислење од Центарот за социјална работа. Доколку нема предлог од јавниот обвинител, може да определи само краткотраен притвор. Лишувањето од слобода треба да се применува како последна мерка, и тоа со најкратко можно времетрање.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, (2001) UNICEF, канцеларии на УНИЦЕФ-Скопје
2. Ayhan, S. (2006) Sokak çocukları ve çalışan çocukların suça yönelmelerindeki faktörler, Rehber yayın evi LTD ŞTİ., Ankara
3. Akduman, G.(2007) Suça Karışan 12-15 Yaş Grubundaki Çocuklarlarda Akran İstismarı ve Kendilik Algısının Karşılaştırmalı Olarak İncelenmesi, Doktora Tezi, ankara Üniversitesi Fen Bilimleri Enstitüsü Ev ekonomisi (Çocuk Gelişimi ve Eğitimi) anabilim Dalı, Ankara
4. Akıncı F. (2002) Suç nedenleri ve teorileri, http://www.kriminoloji.com
5. Bakırcıoğlu, R. (2002) Çocuk Ruh Sağlığı, Anı yayıncılık, Ankara
6. Boškovič M. (2006) Kriminologija, Univerzitet u Novom Sadu, Pravni fakultet, Novi Sad
7. Bujanovič, T. (2007) Uzroci, uslovi I fenomen devijantnog ponašanja maloljetnika, diplomski-specijalistički rad, Banja Luka
8. Cuevas, A. C. (2007) Juvenile Delinquency and Victimization, A Theoretical Typology, College of Criminal Justice, Northeastern University
9. Dimitrijevič, B. (2006) Ličnost maloletnih delinkvenata, Filozofski fakultet, Niš, Godišnjak za psihologiju, vol 4, No 4-5
10. Dinitz, S. (1986) The Antisocial Personality, Forensic psychiatry and psychology, F.A. Davis, Philadelphia,
11. Đorđevič, D. (1982) Pedagoška Psihologija, Dečije novine, Gornji Milanovac
12. Државен Завод за статистика (април-јуни 2013 година) Извештај за примена на Законот за малолетничка правда и податоци за примена на мерките на помош и заштита од страна на центрите за социјална работа во Република Македонија, http://zsd.gov.mk/
13. Farrington, D.&Welsh.C.B (2007) Saving children from life of krime, Oxford, University press
14. Fatih Kiliçarslan (2009) Sokakta çalişan ve yaşayan çocuklarin ailelerine terapötik yaklaşim ve aile tedavisi, на интернет страницата http://www.sosyalhizmetuzmani.org
15. Göç, L. (2006) ÇOCUK SUŞLULUĞU VE POLİSİN YAKLAŞIMI, Kahramanmaraş Üniversitesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Kamo Yönetimi Anabilimdalı, Yüksek Lisans Projesi, Kahramanmaraş

16. Güral, B. (2009) Türkiyede çocuk suçluluğu ve nedenleri, Süleyman Demirel Üniversitesi, Sosyal bilimler enstitüsü, Sosyoloji Anabilim dalı,Yüksek lisans tezi, Isparta
17. Gölcüklü, F. (2002) Türkiyede Çocuk Suçluluğu Hakkında Bir Araştırma, Ankara Üniversitesi Siyasal Bilgiler Fakültesi, Ankara,
18. Jašovič, Z. (1983) Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd, Naučna knjiga
19. Yavuzer, H. (1981) Psiko-Sosyal Açıdan Çocuk Suçluluğu, Yayınlanmış Doçentlik Tezi, İstanbul Üniversitesi Edebiyat Fakültesi Yayınları, İstanbul
20. Yörükoğlu, A. (1983) Değişen toplumda ail eve çocuk, Aydın Kitapevi, Ankara
21. Juvenile Delinquency, World youth report, 2003
22. Kosovič, J. (1999) Maloletnička delikvencija kao društvena pojava, Zbornik radova: Uzroci društveno neprivatljivog ponašnja malolejetnika, Institucija obdusmana FBiH, Sarajevo
23. Kunt, V. (2003) SUÇ VE ÇOCUK, T.C. Ankara Üniversitesi, sosyal Bilimler Enstitüsü, Sosyal Antrolpoji Ana Bilim dalı, Yüksek lisans tezi, Ankara
24. Milkovič, M, (2004) Maloljetnička delikvencija i socijalni rad, Sarajevo
25. Mladenovič, R. (2001) Kriminologija.Univerzitetu u sarajevu, Sarajevo
26. Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, 2012, Скопје
27. Öter, A. (2005) ÇOCUK SUÇLULUĞUNUN TOPLUMSAL NEDENLERİ, T.C. Süleyman Demirel Üniversitesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Sosyoloji Anabilim dalı, İsparta
28. Paunovič, M. (1980) Uloga socijalnih sluzbi u prevenciji maloletničkog prestupniştva, Institut za socijalnu politiku, Visa skola za socijalni radnike, Beograd
29. Todorovič, A. (1971) Uzroci maloletničkog prestupništva, Institut za kriminološka I kriminalistička istraživanja, Beograd
30. Tomić, R. (2005) Poremećaji u ponašanju kod djece i mladih, Offset, Tuzla
31. Travis, H. (1971) Causes of delinquency, California Press, 1971
32. Quinn, H.W. (2004) Family Solutions for Youth at risk, Brumer-Routledge, New York

33. Zvekič, E. (2010) Fenomenologija I pojavni oblici maloletničke delikvencije, diplomski-specijalistički rad, Banja Luka

34. Закон за заштита на децата на РМ, Службен весник на Република Македонија бр.170 од 29.12.2010 година.

35. Закон за малолетничка правда на РМ. Службен весник на Република Македонија" бр. 87 од 12 јули 2007 година. Измени на законот е објавени се во „Службен весник на Република Македонија", број 103 од 19 август 2008 година и број 161 од 24 декември 2008 година.

36. Заедно за училишта без насилситво, http://www.beznasilstvo.mk

# ПРИЛОЗИ

# АНКЕТА

Драги ученици,
Ова истражување е со научно-истражувачки карактер.
Ве молам внимателно да ги прочиташ прашањата и искрено да одговориш на сите прашања. Анкетата е **анонимна.** Резултатите ќе се користат исклучиво за научни цели.
Однапред Ви благодарам на соработката.

## 1. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Пол : а) машки б) женски
2. Колку години имаш? ________________
3. Кое одделение си? ________________
4. Каде живееш? а) град б) село
5. Национална припадност:
   а) Македонец/ка
   б) Турчин/ка
   в) Албанец/ка
   г) Ром/ка
   д) Босанец/ка
   ѓ) ______________

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

1. Дали мајка ти е жива? а) да б) не

2. Образование на мајка ти:
   а) без образование
   б) основно образование
   в) средно образование
   г) виша
   д) високо образование
   ѓ)друго ___________(магистер, доктор)

3. Дали мајка ти работи? а) да б) не

4. Дали татко ти е жив? а) да б) не

5. Образование на татко ти?
   а) без образование
   б) основно образование
   в) средно образование
   г) високо образование

6.Дали татко ти работи? а) да б) не

7. Дали твоите родители се разведени? а) да б) не

8. Доколку твоите родители се разведени ти живееш со:
   а) со мајка ми б) со татко ми

9. Дали твоето семејство прима социјална помош(парична помош)?
   а) да б) не

10. Колкав е вашиот месечен приход во семејството?
а) 5.000 до 7.000 ден
б) 7.100 до 10.000 ден
в) над 10.000 ден

11. Дали живеете под ќирија? а) да б) не

12. Колку соби имате:
а) една б) две в) три д)повеќе од три соби

13. Дали имаш браќа/сестри? а) да б) не

14. Колку браќа/сестри имаш?
а) немам б)1-2 в) 3-4 г)5-6 д) 7- _____

15. Дали некогаш си побегнал од дома?
а) да б) не

16. Зошто си побегнал: а) поради расправија со моите родители
б) за да работам
в) за да крадам
г) за да скитам

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО

1. Твојот успех во училиштето е:
а) одличен
б) многу добар
в) добар
г) доволен
д) недоволен

2.Дали бегаш од часови? а) да б) не

3. Колку често бегаш од часовите?
а) често
б) ретко
в) никогаш

4. Зошто бегаш од часовите?
а) за да скитам со другарите
б) досадно мие на час
в) за да работам
г) за одам на интернет кафе
д)да играм кладионица

5.Дали си бил вклучен во некоја тепачка?
а) да б) не

6. Дали ги малтретираш другарчињата?
а) да б) не

7. Што им правиш?
а) им се заканувам
б) ги навредувам
в) ги тепам

8.Дали си носел нож или некое друго средтсво во училиште?
а) да б) не

9.Дали училиштето се грижи за тебе?
а) да б) не

10. Кој од училишниот персонал се грижи најмногу ?
а) наставниците
б) класниот раководител
в) педагог/психолог
г) директорот
д) никој

11. Како наставниците реагираат на вашето однесување?
а) опоменуваат и советуваат
б) казнуваат
в) критикуваат
г) не праќаат кај директорот

12. Дали користиш цигари?
а) да б) не

13. Дали користиш алкохол?
а) да б) не

14. Како се снаоѓаш за да ги купиш цигарите/алкохолот?
а) крадам
б) позајмувам пари од другарите
в) работам
г) се коцкам

15. Што правиш во слободно време?
а) гледам ТВ
б) играм на компјутер
в) скитам
г) просам

16. Дали гледањето на агресивни содржини од телевизија те наведува да правиш лоши работи (да крадеш, да се тепаш идр)?
а) да б) не

17. Дали се дружиш со деца кои се проблем во твојата средина?
а) да б) не

18. Ако во твоето училиште или средина има деца кои прават проблеми дали ти:
а) ќе се дружаш со нив
б) **ако морам** ќе се дружам
в) нема да се дружам

19.Кои облици на деликвентно однесување се присутни во твојата околина? (рангирај по значење од 1- најмногу застапен до 5 најмалку застапен, заокружи )

а) крадење 1 -----------2-----------3----------4-----------5
б) малтретирање на други 1 -----------2-----------3----------4-----------5
в) коцкање 1 -----------2-----------3----------4-----------5
г) бегање од дома/училишта 1 -----------2-----------3----------4-----------5
д) просење 1 -----------2-----------3----------4-----------5

20. Колку деликвентното однесување (малтретирање, крадење, просење идр) се присутни во твојата околина?

а) често
б) ретко
в) нема

21. На која возраст децата почнуваат да се однесуваат деликвентно?

а) на 10-12 години
б) на 13-15 години
в) постари од 15 години

22.Што најмногу влијае врз појавата на деликвентното однесување? (рангирај по значајност од 1 (најзначаен) до 5 (најмалку значаен)заокружи).

а) односите во семејството 1 -----------2-----------3----------4-----------5
б) школскиот неуспех 1 -----------2-----------3----------4-----------5
в) лошото друштво 1 -----------2-----------3----------4-----------5
г) желба за истакнување 1 -----------2-----------3----------4-----------5
д) масовните медиуми 1 -----------2-----------3----------4-----------5

23. Како ги вршат деликвентните однесувања (малтретирање, крадење, просење идр)?

а) сами
б) со врсници
в) со повозрасни лица

24.Која мерка допринесува за намалувања на деликвентното однесување? (рангирај од 1 (најзначаен) до 5 (најмалку заначаен)).

а) јакнење на улогите во семејството 1 -----------2-----------3----------4-----------5
б) педагошки-психолошки мерки 1 -----------2-----------3----------4-----------5
в) строги полициски мерки 1 -----------2-----------3----------4-----------5
г) подобрување на економскиот статус 1 -----------2-----------3----------4-----------5
д) сите овие мерки 1 -----------2-----------3----------4-----------5

25. Дали сметаш дека деликвентното однесување (малтретирање, крадење, просење идр) е опасна општествена појава?

а) да б) не

В и б л а г о д а р а м !

## ANKETË

Të dashur nxënës,

Ky hulumtim, ka karakter shkencore-hulumtuese.

Ju lutem lexoni pyetjet me kujdes dhe me sinqeritet t'iu përgjigjeni të gjitha pyetjeve. Anketa është **anonime**. Rezultatet do të përdoren ekskluzivisht për qëllime shkencore. Faleminderit paraprakisht për bashkëpunimin tuaj.

TË DHËNAT PERSONALE

1. Gjinia:

a) mashkull b) femra

2. Sa vjeçar jeni? ________________

3. Cila klasë jeni? ________________

4. Ku jetoni?

a) qytet b) fshat

5. Përkatësia kombëtare:

a) maqedon/e

b) turk/e

c) shqiptar/e

d) rom/e

e) boshnjak/e

f) ___________

**TË DHËNAT PËR FAMILJEN**

1. A është nëna juaj e gjallë?

a) Po b) Jo

2. Arsimimi i nënës:

a) pa arsimim

b) arsim fillor

c) arsim të mesëm

d) të lartë

e) fakultativ

f) tjetër _______________ (magjistër, doktor)

3. A punon nëna juaj?

a) Po b) Jo

4. A është babai juaj i gjallë?

a) Po b) Jo

5. Arsimimi i babait:

a) pa arsimim

b) arsim fillor

c) arsim të mesëm

d) arsim të lartë

e) fakultativ

f) tjetër _______________ (magjistër, doktor)

6.A punon babai juaj?

a) Po b) Jo

7. A janë të ndarë prindërit tuaj?

a) Po b) Jo

8. Nëqoftëse janë të ndarë, me cilin jeton ti?

a) me nënën b) me babën

9. A pranon familja juaj ndihmë sociale (ndihmë financiare)?

a) Po b) Jo

10. Sa janë të ardhurat mujore në familje?

a) 5.000 deri 7.000den

b) 7.100 deri 10.000 den

c) mbi 10.000 den

11. A jeton me qira?

a) Po b) Jo

12. Sa dhoma keni:

a) 1 b) 2 c) 3 d)më shumë se 3

13. A keni vëlla/motër?

a) Po b) Jo

14. Sa vëllezër/motra ke?

a) nuk kamb)1-2 c) 3-4 d)5-6 e) 7- ____

15. A keni ikur ndonjëherë nga shtëpia?

a) Po b) Jo

16. Pse keni ikur?

a) për shkak të një grindjeje me prindërit e mi

b) për të punuar

c) për të vjedhur

d) për të endur

**TË DHËNA PËR SHKOLLIMIN**

1. Suksesi juaj në shkollë, është:

a) shkëlqyeshëm

b) shumë mirë

c) mirë

d) mjaftueshëm

e) dobët

2.A ikni nga orët?

a) Po b) Jo

3. Sa shpesh ikni nga orët?

a) shpesh

b) rrallë

c) asnjëherë

4. Pse ikni nga orët?

a) që të bredhi me shokët

b) ndjehem i mërzitur në orë

c) për të punuar

d) të shkojë në internet kafe

e) të luaj në bastore

5. A jeni përfshirë në donjë rrahje?

a) Po b) Jo

6. A i maltretoni shokët?

a) Po b) Jo

7. Çka ju bëni?

a) i kërcënoni

b) i fyeni

c) i rrihni

8. A keni mbajt ndonjë thikë apo mjet tjetër në shkollë?

a) Po b) Jo

9. A kujdeset shkolla për ju?

a) Po b) Jo

10. Cili personel i shkollës kujdeset më tepër?

a) arsimtarët

b) udhëheqësi i klasës

c) pedagogu / psikologu

d) drejtori

e) askush

11. Si reagojnë arsimtarët në sjelljen tuaj?

a) më qortojnë dhe këshillojnë

b) më ndëshkojnë

c) kritikojnë

d) më dërgojnë te drejtori

12. A pini cigare?

a) Po b) Jo

13. A pini alkool?

a) Po b) Jo

14. Si gjendesh për të blerë cigare / alkool?

a) vjedh

b) marrë hua nga shokët

c) punojë

d) luaj bixhoz (kumar)

15. Çka bënë në kohën e lirë?

a) shikoj TV

b) luaj në kompjuter

c) bredhi (shëtisë)

d) lyp (kërkoj lëmosh)

16. Shikimi i përmbajtjeve agresive në televizor a ju shtynë të bëni punë të këqija (të vjedhësh, të rrahësh, etj)

a) Po b) Jo

17. A shoqërohesh më fëmijë të cilët janë problem në mjedisin e vet?

a) Po b) Jo

18. Nëse në shkollën apo mjedisin tuaj ka fëmijë të cilët bëjnë probleme, ti:

a) do të shoqërohesh me ata

b) nëse duhet do të shoqërohem

c) nuk do të shoqërohem

19. Cilët forma të sjelljeve delikuente janë të pranishëm në mjedisin tënd? (rangoni sipas rëndësisë nga 1 - më shumë e përfaqësuar deri më 5 - më pak e përfaqësuar, rretho)

a) vjedhje 1 -----------2-----------3----------4-----------5

b) maltretimi i tjerëve 1 -----------2-----------3----------4-----------5

c) bixhozi 1 -----------2-----------3----------4-----------5

d) ikja nga shtëpia/shkolla 1 -----------2-----------3----------4-----------5

e) lypja (lëmosh) 1 -----------2-----------3----------4-----------5

20. Sa sjelljet delikuente (maltretimi, vjedhja, lypja, etj) janë të pranishëm në mjedisin tënd?

a) shpesh

b) rrallë

c) nuk ka

21. Në cilën moshë fëmijët fillojnë të sillen në mënyrëdelikuente?

a) në moshën 10-12

b) në moshën 13-15

c) më të mëdhenj se 15 vjet

22.Çka më së shumti ndikon mbi dukurit e sjelljes delikuente? (rangoni sipas rëndësisë nga 1 - më e rëndësishme deri më 5- më pak e rëndësishme, rretho)

a) marrëdhëniet në familje 1 -----------2-----------3----------4-----------5

b) mos suksesi në shkollë 1 -----------2-----------3----------4-----------5

c) shoqëria e keqe 1 -----------2-----------3----------4-----------5

d) dëshira për tu dalluar 1 -----------2-----------3----------4-----------5

e) mediumet masovike 1 -----------2-----------3----------4-----------5

23. Si i bëjnë sjelljet delikuente (maltretimi, vjedhja, lypja, etj)?

a) vet

b) me moshatarët

c) me më të rriturit

24. Cila masëkontribuon në zvogëlimin e sjelljes delikuente? (rangoni sipas rëndësisë nga 1 - më e rëndësishme deri më 5- më pak e rëndësishme, rretho)

a) forcimi i roleve në familje 1 -----------2-----------3----------4-----------5

b) masat pedagogjike-psikologjike 1 -----------2-----------3----------4-----------5

c) masa të rrepta policore 1 -----------2-----------3----------4-----------5

d) përmirësimi i gjendjes ekonomike 1 -----------2-----------3----------4-----------5

e) të gjitha këto masa 1 -----------2-----------3----------4-----------5

25. A mendon se sjellja delikuente (maltretimi, vjedhja, lypja, etj) janë dukuri të rrezikshme shoqërore?

a) Po b) Jo

Ju faleminderit!